ВАСИЛ
# ТОЛЕВСКИ



# THE BEST OF TOLEVSKI

ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ ◆ THE BEST OF TOLEVSKI

**ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ**
**THE BEST OF TOLEVSKI**

Издавач:
Васил ТОЛЕВСКИ

Корица:
Ласко Џуровски

Компјутерско - графичка подготовка:
Никола Симовски

Печат:
„АЛФА – 94" – Скопје

Тираж:
200 примероци

ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ

# THE BEST OF TOLEVSKI

2021

## Наместо ПРЕДГОВОР

Се чувствувам блажено што ја одбрав сатирата за мој вечен духовен придружник. Иако е најтежок литературен род, сатирата ми го олесни живеењето во моментите кога сфаќав дека работите во општеството не се онакви какви што се во читанките и учебниците.

Ориентационо, околу 40 години му посветив на хуморот и сатирата. Не се жалам ниту се кајам. Уживав во волшебната моќ на сатирата, читајќи, пишувајќи, селектирајќи, преведувајќи, уредувајќи...

Благодарение на неа ги сретнав најголемите творци на Балканот. Величини во литературата, величини во животот. Најголеми, не само по литературните вредности, туку и по човечките. Ако во политиката се запознав со она најгрдото и најгрдите, сатирата ми ги отвори вратите на она највредното кај човекот – вистина за реалноста.

Да не должам и да ви дадам време да стартувате со читање на моите афоризми кои се публикувани во авторски книги, антологии, весници и списанија, портали, ТВ и радио емисии и живи настапи на фестивалите ширум земјите од бившите југословенски простори.

Сепак, од околу 10.000 досега објавени афоризми, во најново селектираните афоризми, кои се објавени во овој пресек на мојата досегашна активност, се наоѓаат афоризми кои се најзастепи во моите досегашни авторски книги, објавени во Србија, Полска и Македонија: Четири чекори до вистината, Музика за глуви, Исусе, Луцифер не вика, Македонијо, мајко, кој ми е татко, Библија за неверници, Маде ин Мацедонија, Исусовите антихристи, Пеколната рајска градина, Сува река и Избрани афоризми. Покрај нив тука се и оние кои не успевав да ги вметнам меѓу кориците на книгите, па сега ја гледаат светлината на денот. (Афоризмите се пишувани во периодот од 1981-2020 година).

Им благодарам на сите оние кои ми беа придружувачи во сатиричниот чун, со кој пловевме толку време, а не потонавме. Или чунот беше направен од квалитетен материјал или ние бевме квалитетни. Мислам – и двете варијанти се издржани.

Посебна благодарност и до тимот кој учествуваше во креирањето на ова мое репрезентативно издание, како поглед station наназад на периодот кој е зад мене. Нешто како завршна сметка на мојата сатирична работилница, но никако и крајна. Планирам мојата работилница, која започна со работа некаде 1981 година, во 2021 да ја преадаптирам во фабрика за производство на кратки мисли со убиствена содржина.

**Дали ќе успеам во својата намера?**
**Истрагата ќе утврди, а Вие ќе бидете**
**главните сведоци на расправата**
**пред сатиричната историја.**

**Почитуван читателу,**
**Ти благодарам што си со мене,**
**иако јас понекогаш не сум со себе.**

**Кога ќе го објавам својот**
**најдобар политички афоризам,**
**резервирајте ми место во жалните вести!**

За да станам вистински Македонец,
на комшијата му купив коза.
Сега го молам Господ да му цркне!

Кај нас нема невработени.
Тука сите работат едни против други.

Повеќе ја сакам владата отколку жената.
Владата поредовно ме секса.

Во Библијата пишува: Не кради!
Ама, каде се чуло и видело министер да чита Библија?!

Прв знак дека сте потонале
е ако сите околу вас молчат како риби!

Првиот направи да сме последни!

Човек без заби е почитуван член на семејството.
Помалку јаде!

Македонија нема територијални претензии кон никого.
Па дури ни кон Западна Македонија!

И Македонецот има душа.
Моментално му е во носот!

Кај сиромасите линијата на животот
завршува кај средниот прст!

Криминалот ни е во крвта!
А го има и во внатрешните органи.

Има услови за политичко стампедо.
Стоката е вознемирена!

Тестот на интелигенција не помина кај нас! Не е наше ниво.

Владата го реши проблемот со гладот. Се најаде.

Никој нема право да го контролира претседателот!
Тој е вон контрола.

Има и луѓе кои пеат додека работат.
Ама, тие не работат во нашата земја.

Бадијала Ѓаволот дојде по своето. Сè ни е под хипотека.

Здравствениот билтен на нашата влада е одличен.
Пола влада е здрава.

Докажавме дека не сме трупци. Потонавме.

Нормално е политичарите да имаат
поголеми плати од поповите. Повеќе луѓе закопуваат!

Во нашето Собранието има и машки и женски тоалет.
Ама на пратениците поблиска им е говорницата!

Нашите болни немаат време да водат грижа за здравјето.
Ја водат државата.

Господ ги чува половината Македонци.
Другата половина немаат потреба, имаат странски пасоши!

Македонецот порано гостите ги дочекуваше со леб и сол.
Сега повеќе не може – нема ни за него!

На Македонецот не му пречи
да го префрлат да живее од Македонија во Сахара!
Пустина си е пустина!

Македонија е многу гостопримлива земја.
Тука дури и ние Македонците се чувствуваме како гости!

Немојте да ме сметате во сточен фонд.
Јас само така живеам.

Младите не одат од Македонија. Трчаат!

Ако се докаже
дека Александар Македонски е закопан во Македонија,
тогаш јас и тој сме закопани во – иста гробница!

Знам дека договор куќа гради. Ама, оние што се
договорија околу тендерите – згради изградија!

Кирил и Методиј ја измислија азбуката.
Не знаејќи дека поважни ќе бидат – бројките!

Нашиот човек е роден за келнер.
Цел живот некому му служи.

Пред нашиот праг најдовме мртва мечка!
Умре од играње.

Нашата држава е архитектонско чудо. Нема темели!

Попот материјалист, наместо во црква
се моли во кладилница!

Сѐ што прават, прават во името на народот.
Само, во катастарот се води на нивно име.

Јас за Водач на државава би ставил поп!
Тој барем ќе не закопа по христијански обичаи!

Имаме повеќе крадци отколку научници!
Тоа е доказ дека крадците учат побрзо од научниците.

Тоа што ни е зинат задникот,
е добар предуслов за влез на странскиот капитал!

Јас и мојата земја сме како Ромео и Јулија!
На крајот од нашата драма – заедно ќе умреме.

Во мое име може да гласа било која будала.
Разликата нема да се забележи!

Адресата на која живее нашата демократија е непозната.
Затоа се претпоставува дека е на улица!

Ќе отворам банка за сперма.
Почетниот капитал ми е при рака.

Мојата влада не може да пее македонски песни.
Пола влада не знае македонски!

Фотељите се за големи задници.
Малите не ги собира во нив.

Претседателот и премиерот треба да се како еден човек.
Зошто народот два пати да пцуе?!

Магарето е македонски бренд!
Има алат и за шпион и за љубовник.

Бадијала му е на шарпланинецот
што е наша најквалитетна раса
кога пудлиците најубаво живеат!

Овие со партиски книшки
се попаметни од оние со дипломи!
Оние со дипломи не знаат ни плакати да лепат!

Црвенкапа беше среќно девојче!
Немаше ниту претседател, ниту премиер.

Политичарите се луѓе како и сите други.
Само што јадат три пати на ден.

За проститутките нема место во политиката.
Има поголеми курви од нив!

Македонецот е урамнотежена личност.
Можеби бавно мисли, ама брзо донесува заклучоци!

Македонија ми е мајка! Татковци имам повеќе.

Во мојата земја нема масовни гробници.
Освен ако не ја сметате мојата земја!?

Нашиот Водач не е мртов! Мртвите ги почитуваме.

Ни се јавија од Марс! Се заблагодаруваат
што нивни кадри ставивме за министри.

Нашата Влада е најдолга.
Главата и е во облаци, а задникот во фотелја!

Страв ме фаќа за иднината на моите деца.
Одлични ученици се.

Гарантирам дека Бикот Кој Седи не бил Македонец.
Да беше, ќе станеше и ќе одеше на некоја
повисока функција!

Титаник и Македонија се две различни работи!
Титаник потона во море, ние во пустина!

За да бидете дотерани по последна мода,
треба некого да го дотерате до просјачки стап!

Шекспир сигурно бил Македонец.
Инаку од каде му инспирација за толку трагедии!?

Во Македонија нема случаи на тргување
со човечки органи. Тука се продава цел човек.

Нашата младина е како Сонце.
Се раѓа на Исток, а оди на Запад!

Мораме да застанеме на нозе.
Штаките ги продадовме!

Водачот го моли народот да се одвикне да јаде
три пати на ден. На паметниот и еднаш му е доста!

Тоа што телето преку ноќ стана вол,
не е заслуга на науката, туку на избирачите!

Нашиот Водач не е крадец.
Крадецот е интелигентен и храбар!

Кога со сигурност би знаел дека ќе умре уште утре,
би гласал Водачот да владее доживотно.

Големиот Македонец настанал од некое друго животно,
а не од мајмун. Не постои толку голем мајмун!

Водачот свечено ја отвори депонијата за ѓубре.
Прв влезе внатре.

Премиерот ќе го почитуваме како Господ
дури кога министрите ќе станат ангели.

Историјата покажа од каде дојдовме.
А политиката ќе ни покаже – каде ќе одиме!

Наш политичар пропадна во септичка јама.
Околината го прифати како свој најблизок.

Нашата влада препорачува да се купуваат
домашни производи. Но, тоа не значи дека не
може да се купат пратеници и од другите националности!

Да поминеме веднаш на планот Б, бидејќи за планот А
народот веднаш ќе сфати дека го правеле будали!

Немојте да се чудите кога ќе видите
како наш пратеник си ја брише устата со тоалетна хартија!
Знае тој што правеше на говорницата!

За добар секс се потребни двајца.
Добар народ и лоша влада.

На народот не му е криво што е политиката курва.
Криво му е што нему не му дава.

Јас сум во тие години кога ниту претседателот
ниту премиерот не ме нервираат!
Слабо гледам, а уште послабо слушам!

Само тендерашите околу министерот
знаат дали министерот јаде луто! Тие му го лижат газот.

Тука повеќе чад се крева од ќебапчилниците
отколку од фабриките! Светот нека види
дека водиме грижа за нашиот работен човек.

Во нашата земја повеќе луѓе умираат
отколку што се раѓаат! Тоа е доказ дека старите
се трудат повеќе отколку младите.

Од сите европски земји,
во Македонија се направени најмал број операции на очи!
Ние очите самите си ги вадиме!

Нема лоша влада. Сите се добри за рушење.

Власта мора задолжително да воведе веронаука
во училиштата! Децата не можат само со помош
на билбордите да оценат кој е ангел, а кој ѓавол!

Групниот секс е појава која настана во Собранието.
Таму со години сите спијат заедно.

Предлагам да се отворат училишта за крадци!
Тоа е единствен начин сиромасите
да научат како да станат богати!

Ако сакате да ја симнете тетоважата,
дојдете во Македонија. Тука на луѓето им ја дерат кожата.

Некои наши политичари како Волт Дизни да ги правел!
И децата им се смеат.

Во времето на Исус имало само еден Јуда,
затоа што тогаш немало ваков политички систем!

На европскиот пат нема ограничување на брзината.
Затоа лазиме!

Нашите болни немаат време да водат грижа за здравјето.
Мора да ја водат државата.

Кошулата му е сошиена од државното знаме,
поткошулата од партиското...
Единствено опинците се негови!

Нашиот Шекспир не пишува трагедии. Тој ги прави!

Порано во читанката беше сликата од претседателот Тито!
Сега немаме таков претседател,
па децата книга не фаќаат в раце!

Одвреме-навреме не газеше чизма. Ама опинок, нон-стоп!

Не би сакал да шетам прегрнат со претседателот.
Може некој да го промаши, па мене да ме плукне.

Не знам дали нашиот Водач е слеп.
Само знам дека чита со Брајова азбука.

Само обесениот Македонец има прав ‘рбетен столб.
Кај останатите е свиткан.

Во времето на Гоце Делчев немаше тендери.
Па тогашните политичари мораа да јадат пипер и патлиџан.

Правењето влада не е исто што и правење деца.
Иако е техниката иста!

Во буџетот немаме предвидено трошоци за закоп!
Нас други ќе нѐ закопаат.

Гладот е природна појава.
Само не е природно гладни да се едни те исти луѓе!

Во секој наш човек се крие по еден Јуда и еден Исус.
Исус подобро се крие.

Тешко мене ако оделото го прави човека.
Јас одело немам.

Нашиот инкубатор има некој голем дефект.
Наместо пилиња се изведуваат мршојадци.

Повеќе не се продаваат човечки органи.
Ама државните постигнаа убава цена!

Македонецот е универзален човек.
Може да јаде и со лева и со десна рака.

Невработените по цел ден шетаат низ градот,
и со тоа им го отежнуваат движењето на вработените.

Кај нас лудачката кошула оди во комплет со костум и
вратоврска. Таков е редот по владиниот протокол.

Нашиот циркус не може да работи без кловн.
Затоа избираме претседател!

Ако Александар Македонски подигнуваше кредити
како владата, Гоце Делчев ќе немаше ни за гаќи.

Бишана платно белеше.
Како да знаеше дека ќе ни треба за државно знаме?!

Во власта да ставиме и дезертерите.
Тие најдобро знаат што да се прави во критични моменти.

Денес Македонија можат да ја бранат само луѓе кои
биле жиранти. Тоа се најхрабрите луѓе во државата.

Невозможно е да го утврдиме точниот бројот на будали.
Секој ден се раѓаат.

Ѓаволот дојде по своето. Само не знам
зошто ни ги остави претседателот и премиерот?!

И јас би можел да бидам голем Македонец.
Ама платава ме заебава.

Во животот е исто како и во орањето.
Воловите се секогаш пред вас.

Откако Циганите станаа Роми,
ние Македонците немаме со кого да се споредуваме!

Достоевски познаваше само еден Идиот.
Во тоа време немаше ваков политички систем!

Многумина се уверија дека оделото не го прави човека!
Особено оние кои цел живот носат – работнички одела!

Проститутките се нашите најрационални
стопански субјекти. Работат без загуби.

Кога на наш човек ќе му се пожалите
дека не ви е добро – му олеснува!

Пациентот мораше да го пуштат од душевната болница.
Имаше важен партиски состанок.

Заради мешовитиот состав на нашата армија,
македонско-албанска, еден државен удар
не доаѓа во предвид. Или два – или ниеден!

Да бидеме Македонци.
Тоа барем не чини ниту пет пари!

Секогаш имаме свој став. Па макар и подгрбавен!

Убаво е Македонецот да има повеќе кози.
За секој комшија по една!

Многу горделив народ сме! Не може било кој да нè јава.

Пронајден е фосил на пештерски човек,
кој е прататко на денешниве Македонци!
Кожа и коски е.

И покажавме на Европа дека сме стабилна земја.
Не се помрднавме од место!

Постојат идеални услови Македонецот
да јаде три пати на ден! Има апетит.

Бидејќи поштенскиот сообраќај со Грција не функционира,
по Вардар им го пративме она што е највредно во нас!

Во Македонија нема ни мито ни корупција,
изјави баронот Минхаузен.

Македонецот е ретко упорен човек!
Тој и во пустина се бори да исплива!

Тешко на Македонецот ако денот по утрото се познава!
Македонецот наутро прво оди да се.е.

Во држава во која криминалот има библиски размери,
народот може да очекува само – потоп!

Кај нас проблемот со јазиците
зависи само од должината на јазиците!

Ако ги исфрлиме сите лоши работи,
тогаш Македонија е убаво место за живеење.

Во моменти на здодевност читам секакви глупости.
И Уставот го имам прочитано.

Кај нас и невозможното е возможно!
Тука секој си го гледа својот газ!

Не е точно дека ја имаме изгубено главата!
Зарем не гледате дека нè шиша кој ќе стигне!?

Нашиот човек брзо ги решава проблемите.
Само што ќе му дадат леб, тој веднаш го јаде!

Македонија во исто време е и Рај и Пекол.
Зависи од тоа дали сте во власта или во опозиција!

Многу неблагодарен народ сме!
За она што ни го прави Европа,
во јавна куќа мора да се плати.

Нè има на сите континенти. Само тука никаде нè нема!

Нашиот човек прв го пронајде огнот.
Затоа и најдолго гори.

Македонецот за сè мора да клечи!
А за она што ќе го добие, доволно е само да се наведне.

Нашиот државен брод час лета, а час нурка.
Сè зависи од тоа дали е капетанот мршојадец или сом!

Македонец без уши и јазик – мртов капитал.

Порано, после свадбата, се организираше блага ракија,
каде се палеа гаќите од сватовите.
Денес овој адет е исфрлен, пола сватови немаат гаќи!

Кога сексот би бил јалов како политиката,
би не снемало како нација.

Кај нас нема фабрики за страшила.
Нив ги добиваме на избори.

На Македонецот не му требаат заби.
Тој јаде со очи.

Ние се задоволуваме со мали работи.
Затоа никогаш нема да имаме голем Водач.

За оној од кого се плашиме да кажеме еден збор,
минута молчење е премалку.

Изјава на нашиот Водач: Тоа што е народот незадоволен,
може да се реши со една рака!

Водачот отпечати и поштенска марка со својот лик
За да може народот да му ја лиже задницата!

Нашите Водачи можат на волот опашот да му го откорнат!
Ама се држат до девизата: Брат на брата не удира!

Најдобро е да имаме Водач без глава!
Барем очи нема да му гледаме!

Не е проблем што државата ни стана лудница.
Проблем е што лудаци ни препишуваат рецепти
за подобар живот.

Аналниот отвор на Водачот,
за некого е влез на мала врата.

Тито секогаш покрај себе имаше кучиња.
Историјата се повторува и кај денешниве Водачи.

Не спаси тоа што е Водачот слеп!
Инаку, само Господ знае каде ќе не однесеше!?

Водачот си нарача биста од злато.
Слушна дека златото не р'ѓосува кога се плука на него.

Изгледа дека нашиот Водач порано бил молер!
Колку убаво му ги мачка очите на народот!

Мојот Пекол има име. Името е запишано во пасошот.

Лажењето е нормална работа.
Зошто нашиот Водач би бил ненормален?!

Нашите богови секогаш со себе носат партиски книшки.
За да можат да се легитимираат во Пеколот.

Да го поставиме Одисеј за Водач.
Барем тој ќе нè донесе до крајот на талкањето.

Водачот го сака сексот. Народот ви е жив сведок.

Не можеме да се бориме до последен.
Народот последниот го избра – за Прв!

Капетанот последен го напушта бродот што тоне.
Први го напуштаат идните давеници!

Ако младите одат по паметот на Лидерите,
еден ден ќе останеме и без памет и без Лидери!

По прашање за гласот на народот,
нашите Лидери се како Бетовен! Глуви!

Водачот не знаеше што најпрвин да спасува,
образот или задникот?!
А тогаш сфати дека тоа кај него е едно те исто!

Брбушките ни го покажуваат патот
по кој треба да го следиме Водачот.

Порано без Водачот не можевме да дишеме.
Сега од Водачот не можеме да дишеме!

Нашиот народ секогаш игра на сигурно.
Се крсти и во Господ и во Ѓаволот!

За претседател на државата
можеме да избереме и половен човек.
Кога веќе и државата ја преполовивме!

Македонска современа препорака:
Не с.ри ако немаш некој газ позади себе!

Сѐ е во Божји раце, а повеќето од тоа е во Нивни раце!

Нашиот пат кон Европа прилично се оддолжи.
Затоа и скапо ќе нѐ чини.

Кога Водачот го силува народот,
само настраните уживаат.

Самобендисаниот Водач само пред огледалото
може да види кој е државен проблем број еден.

Најголемото говедо има најголеми мадиња.
Кај луѓето е обратно!

Направија мала грешка, која сега скапо нè чини.
Наместо да го стават прстот на чело, го пикнаа во носот!

Водачот би можел да биде барем малку подискретен.
Целиот свет гледа што ни прави.

Тој седи во фотелја,
затоа што знаеше каде треба да коленичи!

Водачот е исклучително тежок човек!
Народот сè потешко го носи на грбот.

Оние што направија пустина околу себе,
најзаслужни се што имаме статус на давеници!

Можеби не знаат да соберат два и два,
ама на народот му собраа сè!

Разбирам дека татковината е нашата мајка.
Ама каде го одбравме Едип за Водач?!

Нашиот Водач живее како шеик во оаза!
Доказ за тоа е пустината околу него.

Нашиот капетан не може да го напушти
бродот што тоне. Во авионот е.

Власта мора да нè информира со која нога сме в гроб!
За да не купуваме комплетен пар чевли!

Во светот има сè повеќе лудаци.
Нашето учество во овој светски проце не е за потценување.

Имаме совршено злосторство.
Злосторникот и жртвата се во коалиција!

Попот е роден за политички Лидер!
Секогаш е на чело на погребната поворка.

Баш им е гајле што е бродот потонат.
Кормилото е сè уште во нивни раце.

Нашата војска е оспособена да опстане и во
најтешки услови. Како и поголемиот дел од народот!

Куче не може да носи име на Водач.
Па, и од иста сорта да се.

Некои министри му вртат грб на огледалото.
Ни тие не можат да го гледаат Неспособниот!

Нормално е средниот прст да ни е најдолг!
Најмногу го користиме.

Ако сте член на партија во која сите мислат исто, проверете:
Да не сте во некоја секта?!

Па што ако е кандидатот за пратеник неписмен?!
Нема да ни чита, туку ќе ни зборува.

Кога живееш во погрешна држава,
секој крај е – среќен крај.

Законите ги носиме во склад со паметот.
По кратка постапка!

Смислив многу силен политички афоризам.
Ама, го заборавив кај инспекторот.

Браќа Македонки и сестри Македонци,
ситуацијата во земјата е – нормална!

Кога политичарите дознаа дека вистината боли,
заземоа одбранбен став. Почнаа да лажат.

Македонец со странски пасош повеќе не е Македонец!
Господин човек е.

Никој не може да направи држава како нашата.
А ако некој и направи, тоа мора да е некоја
поголема будала од нас!?

Денес сретнав неписмен!
Ист е како писмениот, само што вози Џип.

Нашите мајмуни се разликуваат од обичните мајмуни.
Имаат единствен матичен број.

Се отвора училиште за кловнови.
Многумина наши политичари очекуваат
професорски статус!

Црквата ги пропишува постовите.
Државата ги спроведува.

Имаме повеќе крадци отколку научници.
Тоа е доказ дека крадците учат побрзо од научниците.

Телевизорот е голема работа.
инаку, како во него ќе собере толку будали!?

Македонците и Албанците
може да ги спои само голема несреќа.
Затоа формираат заедничка влада!

Нашата политика нѐ доведе до тука!
За понатаму ќе ни требаат крилја.

Гладниот народ е прилично музикален.
Власта секогаш ја дочекува со свирење.

Нашата Црвенкапа е паметна.
На време си ја смени капата.

Амбасадорот на една соседна земја ни посака
нашиот Претседател да живее сто години.
Тоа е доказ дека оваа земја е најголем непријател
на нашиот народ.

Кај нас нема мафијаши што одат по земја.
Сите се во џипови.

Уште малку па нашата химна ќе ја пеат само немите!
Останатите не ќе смеат уста да отворат.

Благодарение на министрите
приватизацијата успеа стонастотно!
Сите министерства се приватизирани.

Народот не може да биде Киклоп!
Наместо око на челото му е Слепец.

Најубаво се спие на клупа!
Особено ако е клупата пратеничка.

Секој е луд на свој начин.
Само ние сме луди на нивниот!

Деца, барате работа во Македонија?!
Е, тука ни Google не може да ви помогне.

Слугите на режимот станаа наши господари!

Господ задникот ни го стави позади.
Политиката – напред!

Проститутките имаат помали приходи од политичарите.
Нормално, имаат помалку муштерии!

На оние што се тука,
сеедно им е дали се живи или мртви. Гроб си е гроб.

Државата не е атом па да ни треба знаење
од нуклеарна физика. Неа ја цепиме со незнаење!

Мораме да направиме реформа на азбуката.
За народ кој не смее ниту да писне,
имаме премногу букви!

Порано црквата нѐ тераше да постиме.
Сега постиме поради државата.

Кога зборувате за сексот немојте
за пример да ја земате државата.

Имаме слобода и на мисла и на говор.
Само не можеме да го зборуваме она што го мислиме!

Лошата влада е како тесен чевел.
Ќе ви олесни дури кога ќе ја симнете.

Во нашата национална куќа имаме само двајца Роми.
Ама, бројот на Цигани е значително поголем!

На геј парадата ќе се појават и државни функционери!
Да му покажат на народот дека и тие имаат г'з за нешто.

Владата има и планови и програма за развој на земјата.
Единствено нема пари за молив и хартија!

Владата успешно го спроведе проектот – патување
низ времето. Нѐ телепортира во деветнаесеттиот век!

Мафијашите преку ноќ влегоа во власта.
Преку ден не можат да го најдат патот.

Еден наш пратеник го знае текстот на химната од А до Ш!
Што не може да се рече и за азбуката.

Разликата меѓу коњ и пратеник е евидентна.
Сè уште немаме сретнато пратеник
кој запнува да работи како коњ!

Бидејќи на министрите им зинал газот за власт,
народот знае што може да очекува од нив!

Сè додека народот молчи како риба,
некои ќе јадат кавијар!

Нашата драма не може жанровски да се определи?!
Сценариото е за трагедија, а глумците за комедија.

За жал, министерот не може да ја накриви капата.
Носи чорап на главата.

Само што сакав да и покажам заби на власта,
таа објави тендер за вештачки вилици!

Сите мораа да пеат во еден глас!
Диригентот наместо палка држеше пендрек!

На народ кој е на колена, не му требаат чевли.

Современиот маж го бричи лицето;
современата жена нозете...
А современата влада го бричи – народот!

Оние кои не знаеја ниту да бројат, сега имаат
голем проблем! Не можат ниту парите да си ги избројат.

Нашиот проблем е во тоа што сме мнозинство.
Европа ќе ни помогне дури кога ќе станеме малцинство!

Коалицијата на глувите и немите повторно победи.
Така глувонемите пак останаа на власт!

Повеќе права имате во сексот отколку во политиката!
Во политиката кога ќе ве стегнат,
не смеете ниту да мрднете.

Политичарите се најхрабриот дел од народот!
Око не им трепнува за ништо.

Сексуалната рамнотежа во земјата е нарушена!
Имаме повеќе луди отколку збунети.

Политиката толку нѐ подели,
што уште малку и фудбал ќе играме со две топки!

Нашите давеници го потопија народот!

Добро е што добивме нова влада,
ама народот сака таа уште да е и добра!
Народот треба да знае: две добра не одат заедно!

Шахот е игра во која треба да се мисли.
Затоа немаме политичар што знае да игра шах!

Затворите се градат за сите луѓе во земјата.
Значи, ни министрите не се дискриминирани!

Политичарите се големи мазохисти.
Колку нам ни е сѐ полошо, толку ним им е сѐ подобро.

Има и граѓани кои знаат паметно да гласаат.
Ама тој број не е доволен, за да
останатите граѓани живеат како луѓе.

Член на мафијата не може да биде било кој.
Мора да е барем блиску до власта!

Во земја на криминалци власта никогаш не паѓа.
Ја поддржуваат криминалците.

Владата најави нови реформи.
Гробарите ги тријат рацете!

Оној што може да ја свитка опашката, сигурно не е човек!

Полицијата мораше да ги растури демонстрантите.
Носеше оружје кое не и одговара на власта
– глава на раменици!

Собранието наскоро ќе стане туристичка атракција.
Како место на распад на нашата цивилизација!

На нашите мумии не им треба пирамида.
Си го имаат Собранието.

Нема шанса да организираме корида.
Нашите волови имаат подоходовна работа!

Нашата демократија е како курва.
Може да ја добијат само оние што можат да платат!

Гласачите помогнаа давеникот да исплива на површина.
Сега тие се дават поради него.

Тој е крадец од втора класа. За да стане прва класа,
потребен му е уште еден мандат.

И говедото може да стане почитувана личност!
Доволно е само да победи на избори.

Проститутката реши да се кандидира за министер!
Тврди дека министрите не се ништо подобри од неа!

Оние кои тврдат дека денес
се живее толку лошо што полошо не може да биде,
немаат врска што ги чека утре!

Немаме фабрика за страшила.
Нив ги добиваме после изборите!

Во народните кујни може и министер да јаде!
Доволно е само да помине во опозиција.

Само што извикав: Смрт на фашизмот,
слобода на народот – ме затворија!
Не ни знаев дека оваа парола е сè уште активна!

Европа се сомнева дека земјата ни е полна со дрога!
И тоа само врз основа на говорите на некои пратеници!

Државната химна ја пеам до половина.
По принцип: Каква земја – такво пеење!

Политичка еволуција: Во политиката влегоа
како магариња, а излегоа како расни коњи.

Бушманите имаат бумеранг.
Ние Македонците – политика!

Оние што летаат, заборавија на земјата!

За некого Собранието е пазар, а за некого државни јасли.
Сѐ зависи од тоа за каква стока се работи.

Сексот е приватна иницијатива на секој поединец.
Само власта тоа ни го прави колективно.

Политичкиот живот, за народот е смрт!

Нашата геј-парада е единствена во светот.
Сите застанавме зад еден Газ!

Во мојата земја сите овци личат една на друга.
Само овните се различни.

Немам видено конкурс за вработување ВКВ-шутраци!
А партиите баш оваков кадар вработуваат.

Вака добар оркестар
никогаш ни нема свирено на закоп!

Ние со задоволство би примиле секаква помош.
Само важно ни е од која страна ќе ни влезе!

Нашите луѓе почнаа да се плашат и од својата сенка.
Затоа станавме сенка од народ!

Ние што останавме тука, за казна ќе мораме да гласаме!

Денес Сталин не би можел да биде
ни лепач на плакати во некоја партија!
Критериумите за Лидер на партиите се заостриja!

Во Бугарија живеат Бугари; во Грција живеат Грци;
во Албанија живеат Албанци; во Србија живеат Срби...
Само кај нас – живеат сите!

Кај генералната проба на вашиот закоп,
можно е и жив да ве закопаат!

Нашиот човек без вода може да издржи четири дена,
без леб недела дена... А без демократија – цел живот!

Да не сум член на партија,
би морал да се лечам кај психијатар.

Пример сме му на светот
како жртвата сама си го избира џелатот!

Крадци-индивидуалци има сè помалку.
Тоа е мала група на одметници од системот!

Не ни треба еутаназија! Си имаме реформи.

Ако брзо не ни поделат хуманитарна помош,
ќе се изедеме меѓу себе.

Турците не набиваа на колец. Нашиве се многу поинтимни!

Гладните бараат едно те исто: леб па леб!
А потоа се чудат што и власта дава едни те исти ветувања!

Имаме слобода и на мисла и на зборување.
Само не можеме да го зборуваме она што го мислиме!

Во просек живееме по 78 години.
Ако ништо друго, барем од стоката живееме подолго.

Нашата трагедија е уролошка комедија.
Кој нè гледа, се моча од смеа!

Врвниот сатиричар
може да има помали мадиња од претседателот,
ама мора да пишува како да има поголеми.

Конечно му го решија станбеното прашање.
Го ставија во капела.

И јас сум за тоа да се градат цркви.
Барем народот ќе има каде да се моли за помош.

Ситите чувствуваат дека некој ги гледа додека јадат.
Тоа гладните секогаш гледаат туѓа работа.

Ќе дојде време кога сите луѓе ќе мислат како еден!
А тој еден само на јадење ќе мисли!

Постењето порано беше религиозен чин.
Сега е социјален.

За во опера човек мора да знае да пее и глуми.
Во политиката е полесно – таму само се глуми!

Нострадамус се врти во гробот.
Вакво нешто ниту тој не можеше да предвиди!

Никој не сака да работи за нас.
Затоа мораме сами себе да си копаме гроб.

Во земја во која народот се согласи да пасе,
не расте детелина со четири листа.

Благодарение на политиката сточарството се разви
во секој дел од земјата! Нема место каде нема стока.

Ние сме мал народ. Затоа без проблем
секому му се пикаме во газот.

Каин и Авел сигурно биле од различни партии.
Се гледа по резултатот!

Демократијата живее по цел свет.
И каде најде баш кај нас да умре!?

Ја користиме бизнис климата.
Го издадовме газот под наем.

Дури кога ни паднаа гаќите,
Европа се увери дека имаме голем потенцијал!

Новата историја ќе ја пишувам со крв!
Само чекам жена ми да добие циклус.

Ние сме земја со висок степен на демократија.
Кај нас народот сам си го избира и својот непријател.

Истрагата утврди дека обвинетиот е нем.
Затоа ќе му се суди само за ширење на говор на омраза.

Велат дека сме поглупави отколку што изгледаме!
Знаев дека заостануваме во убавина.

За малку ќе излезевме од кризата.
Ама сиромаштијата ни ја затвори вратата.

Набивањето на колец и не е некаква казна!
Особено ако се работи за хомосексуалци.

Лесно е да си Македонец.
Треба само да се правиш дека ништо не гледаш!

Иднината бега од земјата,
затоа што сегашниве ни го враќаат минатото!

Децата се наполнија со секакви дипломи.
Затоа немаат место за памет!

Не е лошо да имаме влада во сенка.
Лошо е да се има влада составена од – сенка од луѓе!

Оној за кого гласавме е многу едноставен човек.
Затоа луѓето не можат да сфатат зошто е толку прост?!

Бадијала изградивме нов театар.
Нашата драма се игра на отворена сцена.

Диети држат само богатите!
Сиромасите ни на нозе не можат да се држат!

Политичарот треба да е чесен човек.
Ама ако е чесен, не може да биде политичар!

Многу луѓе мислат дека го промашија животот.
Само поради тоа што го промашија местото на живеење!

Додека ќоравата кокошка просо сонува,
ќоравиве петли – се изнаколвaа!

Оние што го знаеја Тито, пееја:
Другар Тито ние ти се колнеме!
Оние што не го знаат, денес колнат сѐ по ред.

Нашите криминалци имаат високо образование.
Инаку, не би ги ставиле на кандидатските листи.

Народот знае дека рибата смрди од главата.
Ама, што може да направи кога е на опашката?!

Народот мора да гледа со ушите!
Очите одамна му ги замачкаа!

Две добра не одат заедно, ама две лоши – одат!
Затоа без проблем и лажат и крадат.

Нема шанса да имаме влада во сенка,
поради немање сенка! Нас одамна Сонце не нѐ грее.

Бројот на жители опасно се менува.
Имаме повеќе непријатели отколку сперматозоиди.

Власта е слатка само ако е народот пекмезест!

Порано во читанката беше сликата од претседателот Тито!
Сега немаме таков претседател,
па децата книга не фаќаат в раце!

Народот беше сигурен
дека пратениците се многу способни луѓе.
Но, преносите од собранието го уверија во обратното.

На Шар Планина треба да отвориме гранични премини!
Зошто терористите и шверцерите да вртат одоколу?!

Во партијата повеќе нема душевно болни.
Откако ги ставивија на функција – се излечија!

Во Антологијата на глупости
нема место за моите мисли. Ја наполнија политичарите!

Европа пресуди:
Македонците и Албанците мора да живеат заедно.
Жалбата не го одложува извршувањето на пресудата.

Нашите луѓе имаат голема душа.
Толку голема што дури почнаа и да ја продаваат.

Мирот нема цена.
Затоа цената му се одредува на лидерски средби!

Ако е молчењето злато,
тогаш Македонецот нема потреба да трча по кредити!

Еден е Господ.
А и два да се, тешко дека ќе можат да ни помогнат!

Не знам дали ќе падне владата, ама,
знам дека народот едвам се држи на нозе!

Европа бара од нас нешто ненормално.
Бара да бидеме нормални!

И да раздаваме за душа на државата,
пак најмногу ќе разграбаат оние што ја закопаа!

Правдата е спора како келнер!
Ама, ако и дадете бакшиш, ќе забрза!

Бројот на лингури во земјава е поголем
од бројот на директори. Затоа, околу секој директор
мора да има по неколку лингури!

На наведнатите луѓе задницата им е предводник.

Сиромасите стануваат сè порелигиозни!
Кога ќе видат полн контејнер, како Господ да го виделе!

Поради работење во отежнати услови,
Господ има бенефициран стаж!
Не е лесно да се работи со Македонци!

Тешко е да се најде Македонија на картата на светот.
Можеби затоа што сме изгубени!

Давеникот исплива на површина!
Благодарение на кредитот.

Не знам кому да верувам повеќе,
на попот или на политичарот?! Исти ѓаволи се!

Сепак имаме поголем наталитет отколку морталитет.
Се раѓаат стотина деца, а умира само еден народ!

Македонија ја сакам баш ваква каква што е.
Барем додека се лечам на психијатрија!

На нашите политичари во странство,
прислушкувањето воопшто не им пречи.
Кога се на преговори и онака уста не отвораат.

Нас треба да не испитува некој зоолог.
Мирни сме како бубачки.

Оној што сонува дека јаде – нема заби!

Откако Циганите станаа Роми, недостатокот
од Цигани се пополнува од политичките гарнитури.

Благодарение на колор телевизорите
народот ги препозна мачканите со сите бои.

Главно прашање во светот е: Вотка или Виски?!
Само ние сѐ уште се тегавиме со ж'та или салеп!

Сиромасите не знаат многу граматика.
Ама знаат дека за нив храната е мислена именка!

Немојте да се туркате во Заводот за вработување.
Лактањето во партиите дава подобри резултати.

Јадењето го изеде народот! Пола плата му оди
за јадење, а другата половина му ја јадат сметките!

На државни функции да ставаме само деца!
Тие нема да прават толку детски глупости.

Македонија е земјоделска земја.
Затоа Европа нѐ работи како бавча.

Политичарите не смеат да заборават: Од ситната
боранија зависи каква манџа ќе јадат четири години!

На власт треба да бидат само луѓе со здрав желудник!
Инаку како ќе го сварат народот што го изедоа жив?

Има некои на кои не им пречи ова валкано време.
На пример: оние што се свињи од човек!

Пример сме им на светот
како се грижиме за хендикепираните.
Нив ги вработуваме и во министерствата.

Македонија е правна држава со сите нишани.
Кому не му е право, бргу ќе биде земен на нишан.

Кај нас нема смена на генерации.
Тука и младите остареа чекајќи работа.

Тука имаме граѓани кои се проалбански,
просрпски, пробугарски ориентирани...
и промакедонски – дезориентирани!

Бевме оаза на мирот.
А потоа дојдоа мајсторите за правење пустина.

Кој сака може да умре за татковината!
Татковината не прави проблем за таква ситница.

Јадеме со очите, затоа не гледаме што работиме.

Некои луѓе без храна можат да издржат и многу подолго време. Тоа се Македонци на иднината.

Кој признава половина му се простува. Нашиот Водач призна дека половина народ нема што да јаде.

Ѓаволот не мора да биде секогаш црн.
Еве, нашиов носи колоритни одела.

На нашиот капетан не му треба море.
Тој народот го весла на суво.

Гробарите најдобро ги опишуваат собраниските клупи.
За нив, сето тоа е – гроб до гроб!

Наскоро ќе се распише тендер за нови волови.
Сепак, некој посилен ќе мора да ја извади колата од кал.

Ако имаме малку повеќе среќа, можеби сите Македонци ќе живееме само во две држави!

За мртовецот треба да се зборува сѐ најубаво. А некои се осмелуваат да го критикуваат додека е сѐ уште жив.

Има шанси Македонецот да стане голем човек.
Доволно е само да се исправи.

Политичкиот мандат е најдобар очен лек.
Од него и слепците прогледуваат.

Откако ги затворија фабриките
луѓето почнаа да умираат како на фабричка лента.

Голем број на луѓе живеат од денес до утре,
што е знак дека и за нив има иднина!

Политичарот го лаже народот за негово добро, бидејќи
народот може да му поверува на некоја друга будала.

Паметот не ни дојде бидејќи ни поминаа сите возови.

Владата ќе ги исполни желбите на сите граѓани.
Гради рибник за златни рипчиња.

Станавме еколошка држава, целото ѓубре
го собравме на едно место! Во политиката.

Силата на една држава не зависи од тоа колку памет
имаат политичарите, туку од тоа колку е народот глуп!
Затоа што не постојат паметни политичари.

Собираме храброст. На донаторите
им се заблагодаруваме однапред.

Радувајте се кога ќе видите како политичар
зборува сам со себе! Тоа е единствениот момент
кога отвора уста а не лаже.

Неписмените се нашата иднина.
Писмените нѐ вратија во минатото.

Ти благодариме Господе што не ни даде памет.
Ова ниту паметни не би го разбрале.

Има и филмови каде главниот јунак е слепец.
Таков е нашиот филм.

Благодарение на новите историчари
сѐ уште немаме изгубено ниту една војна.

Нашите луѓе немаат болни амбиции.
Освен оние кои би сакале да јадат три пати на ден.

Човек кој не знае да мисли кажува сѐ што мисли.

Платата не ни стига од први до први!
Поради – Првиот.

Странскиот фактор не е сериозен.
Постојано ни се смее.

Кој ќе умре денес веќе утре ќе има што да јаде.
Сите му принесуваат.

И кога ќе умрам ќе бидам Македонец,
бидејќи и како Македонец бев мртов.

Магарето не може да стане пратеник.
Ама обратната варијанта е нашата реалност.

Бидејќи една ластовичка не прави пролет,
во помош ни пристигнаа гавраните.

Моите афоризми се како политичарите.
Од дваесетина избрани едвам еден да вреди.

Па што ако младите си одат?
Земјата е тркалезна, ќе се вратат.

Тешко е да се избере нормална влада.
За тоа ни се потребни нормални луѓе!

Имам брза плата.
Целиот месец го претрчува за недела дена.

Лесно им е да прават будали од нас.
Квалитетен материјал сме.

Изгледа луѓето се позагадени од воздухот?!
Од луѓето не можам да дишам.

Политичарите се како проститутките.
Невини се само на почетокот на кариерата.

Нашите мајмуну никогаш нема да станат луѓе.
Вака живеат поубаво.

Нашата сиромаштија не е комплетна.
И недостасува уште малку, па да биде цел народ.

Единствено гробарите се оптимисти.
Велат дека за секој човек ќе се најде вистинско место.

Посигурно е питачењето пред црква отколку
пред Собрание. Господ нема пендрек.

Пред изборите излегоа од својата оаза
и отидоа во пустината. Таму има повеќе гласачи.

Нашиот водач не може да го изгуби патот.
Има и стап и куче водач!

Водач кој чита со Брајова азбука,
нема потреба да знае ни кирилица ни латиница.

Коњот на Крале Марко имаше име.
Овие имаат и име и презиме!

Немаме наша симфонија затоа што од толку
композитори ние избираме само диригенти!

Државата најбргу гори онаму
каде што се трупците на власт!

За сатиричарот нема лоши денови.
Тој е најпродуктивен токму во таквите денови.

Разликата помеѓу сатиричарот и хумористот е во забите!
Сатиричарот има помалку заби!

Добриот сатиричар секогаш го следат две сенки:
Неговата и Државната!

Не ни треба ваков Водач.
И без него ќе стигневме до бездната.

Во земја во која нема живот, датата на раѓање
во исто време е и дата на умирање!

Што ако е политиката курва?!
Ни политичарите не се ништо подобри.

Не сме трагедија. Гледате дека сите нѝ се смеат?!

На земја чии водачи лазат пред светот, времето и лета!

Ние Македонците сме талентирани за пеење и играње.
Особено за играње – со народот!

Оние што пливаат како риба во вода, уста не отвораат.

За да станете владател мора да бидете маѓионичар!
Да знаете од народот да направите магарија.

Пеачите печалат со својот глас.
Политичарите – со нашиот!

Нашето море не може да биде мирно.
Секој час некој се дави!

Последниот Мохиканец и последниот Македонец
имаат иста судбина. Немаат Поглавица!

Некои спијат во собраниските клупи со отворени очи.
Народот од таквите не може око да затвори!

Господ е далеку. Поблизок ни е Ѓаволот!

Државното знаме
може трагедијата да ја направи масовна веселба.
Ако со него се покрие сандакот со Водачот!

Паметните луѓе не сакаат да влезат во политиката.
Тоа се умни луѓе!

Молчењето е оружје на штрбавите!

Први почнаа да плукаат по горделивиот народ.
А народот, во нужна самоодбрана,
мораше сето тоа да го проголта!

Власта треба да се радува што народот се крена на нозе!
Значи, нашиот народот не е – инвалид.

Тешко може да им се одреди вистински идентитет.
Премачкани се со сите бои!

Знамето, грбот и химната се обележја на државата.
Митото и корупцијата се обележја
на државните институции!

Нѐ делат оние кои немаат ниту половина мозок!

Нашиот човек прави чуда со ушите. Со нив – гледа!

Македонските политичари се како македонските песни?
Додека ги слушате – ви се плаче!

Новинарите се седма сила.
На првите шест места е владата.

Гладот може да се контролира. За разлика од гладните!

Ги прислушкуваат и глувонемите!
Тука ништо не се препушта на случајност.

Лесно се препознава Македонец во странство.
Отворен му е шлицот од панталоните.

Нашите камелеони не ја менуваат бојата
според бојата на околината, туку според партиските бои!

Ако несреќата ги зближува луѓето,
тогаш, од ова денес, поблиски не можеме да бидеме.

Точно е дека со децении тапкаме во место.
Само што еднаш тапкаме со левите, а друг пат со десните...

Знаеме дека нема леб без мотика. Ама, кај нас најмногу
леб имаат баш оние што никогаш не фатиле мотика.

Кога ќе дојде на власт и слепецот прогледува.
Значи, за било и кого да гласате, правите хумано дело!

Кај нас нема јаз меѓу генерациите.
Тука подеднакво крадат и стари и млади!

Успешните луѓе имаат вили.
Неуспешните, лопати и гребла!

Благодарение на мравките
химната се интонира и во чест на штурците!

Од сите врвови најисплатливо е
искачувањето на државниот врв!

Да не е средниот прст, никогаш немаше
да сфатиме зошто Европа ни подава рака!

Што е чудно ако народот раѓа мечка?!
Зарем не гледате дека кој стигне го силува?

Тоа што плачам, не е од кромидот. Туку од помислата,
како дојдов до тоа да јадам само леб и кромид?!

Кога ќе види храна, на сиромавиот очи му испаѓаат!
Затоа, подобро е да е гладен отколку слеп!

Оние што од Македонија направија шведска маса,
треба да седнат на – електричен стол!

Затворениците се во весело расположение.
Во трајна посета ќе им дојде државна делегација.

Не бевме луд народ.
Ама, откако почнавме да одиме на избори – збудалевме.

Оние што стигнаа до последната дупка на ременот,
по правило се и последна дупка на свиралото!

Кај нас нема потемкинови села.
Потемкиново ни е Собранието.

Покрај пратеници од дијаспората,
треба да имаме и пратеници од гробиштата!
Кај нас и мртвите гласаат!

Иако го имаме со грамови, памет продаваме на кило!

Порано национализмот беше мирудија во секоја чорба.
Сега е главно јадење.

Самоубијците се неспособни луѓе! Не можат сами
да си завршат работа, па мора државата да им помага.

Носењето пошта со гулаби нема иднина.
Пензионерите гулабите ги фаќаат уште во лет!

Не е проблем што народот изгуби доверба во власта.
Лошо е што е власта изгубена.

Демократијата влезе во секоја куќа.
Сега секоја куќа има уште една уста за хранење.

Тешко е да најдеш место под сонцето,
ако ти врие во главата.

Мило ми е кога гледам колку етикети ми залепија.
Значи, јас сум човек од голем формат!

Во порно индустријата нема Македонци.
Сите се ангажирани во политиката.

Кога би бил овчар овците би ги молзел два пати на ден.
Исто како што прават со народот.

Во Уставот пишува дека крадењето е забрането!
Затоа кај нас крадат  само оние што не знаат да читаат.

Мечката никогаш не игра
пред куќа во која тече мед и млеко!

Украденото го ставија во големиот џеб.
Во малиот го ставија народот.

Гладот секогаш доаѓа во незгодно време.
Баш кога е народот сиромашен.

Тука осудените најпрвин пишуваат молба,
а потоа даваат мито.
Обратниот процес се смета за кривично дело.

Сиромасите се најбавната категорија на граѓани!
Ним дури и лебот им побегна.

Легендата кажува дека некогаш на овие простори имало
услови за живот. А потоа се појавија политичарите.

Немаме факултет за гробари. Недостатокот од
такви кадри успешно го надоместува политиката.

Ако е Водачот наш татко, тогаш ова е колективен инцест!

Секоја влада мисли дека е бесмртна.
Па, наместо неа мора да умира народот.

Не може да ни се случи рушење на Кулите близначки!
Претседателот и Премиерот не се близнаци.

Златната рипка ја фативме во погрешно време.
Баш сега кога огладневме.

Господе, врати ни ги Турците!
Со нив имавме помали давачки.

Народот страда за леб затоа што фурнаџиите
што ги избра, наместо тесто, го месат народот!

Живите молчат затоа што од Мртовците
не можат да дојдат до збор.

Во времето на Каин и Авел немаше партии.
Инаку би направиле спасоносна коалиција!

Народот еден ден ќе може да се брани од слобода.
Само чека да ја стекне.

Сите оние кои тврдат дека се борат за нашето
подобро утре, крадат уште од вчера.

Не знам зошто сме против геј популацијата?!
Тие се единствени кои нема да ни ја еб.т мајката!

Мускулестите и вреваџиите се во партиите.
Паметните – во странство!

Само докторите и гробарите се плашат
од луѓе што се – здрави и живи!

Земјината тежа делува само на народот.
Лесните отидоа нагоре!

И мајмуните се луѓе. Само што тие немаат потреба
да подигнуваат кредити.

Нашиот Катастар е како Погребално.
Дојдат, мерат... и ќе те закопаат!

Поради тоа што нашиве мечки
спијат и зиме и лете, народот остана без сон.

Затвореникот даваше отпор кога го пуштаа на слобода.
Како на робија да го праќаа!

За сѐ е виновна тркалезната маса на политичарите.
Затоа се вртиме во круг.

Кога тонеше Титаник, немаше Македонци.
Ова сега што ни се случува е премиера.

Се колнеа дека Македонија им е сѐ.
А потоа излезе дека многу повеќе имаат во странство.

Катастарот има помалку работа.
Сè поголеми делови од земјата се водат само на едно име.

Иако немаме море,
ајкулите од нашиот аквариум живи нè изедоа.

За да се давите не ви треба вода.
Доволно е земјата да ви ја направат пустина.

Бев патриот од утро до зајдисонце.
А потоа ми се стемни...

Со векови нè интересираше
само квантитетот, а не и квалитетот.
Затоа секогаш го извлекуваме – подебелиот.

Нормално е уста да не отвораме.
Ќе видат дека немаме ни заби!

Нè има сè помалку. А и ние што останавме, сè помали сме!

Во нашите села останаа повеќе говеда отколку луѓе.
Говедата немаат пасоши!

Силата на државата е во народот.
Само што народот не сака проблемите
да ги решава со сила.

Мора да избереме интелигентен човек за Водач.
Па ако треба и со векови ќе гласаме.

Младите раководни лица се како танга гаќи.
Се пикаат во газот на претпоставениот.

Пронајден е гробот на крвопиецот Дракула!
Нашиот крвопиец сè уште го немаме закопано?!

Среќен е оној што е со едната нога в гроб.
Ќе му треба место само за другата нога.

Пендрекот доби двојна функција.
Стана и воспитна и диригентска палка.

Црквата и државата се одвоени.
Секој си има своја жиро сметка.

Држава во која и денот е ноќ, рај е за Утовите!

Оние што крадеа вчера, мора да крадат и денес.
Од стара слава не се живее!

Порано имавме и јадевме како стока.
Денес не можеме – поради стоката.

Во нашето Министерството за одбрана
не играат шах. Немаат топови!

На Прометеј орли со крила му ги јадеа џигерите.
Нашите орли што нè јадат – немаат крила!

Рибата смрди од главата, освен сомовите.
Тие смрдат од функциите!

Нашиот човек не може да го фатат во тесно.
Нему задникот секогаш му е зинат!

Гоце Делчев беше на коњ.
Што е доказ дека порано поубаво се живееше!

Денес претседателот отвори уста
без да тропне некоја глупост. Беше на забар.

Кога патувам со претседателот се чувствувам како Исус.
И тој патуваше со магаре.

Немаме пишани правила за гладување.
Демократски е гладните да можат да импровизираат.

Ние сме мирен народ, како кукла во излог.
Другите да видат дека сме за продавање.

Знаеме дека власта ги расипува луѓето.
Затоа уживаме во безвластиево!

Иднината на младите зависи од брзата трансформација!
Од академски граѓани во лигуши!

Кај нас најубаво живеат лесните типови.
Оние кои немаат ни три грама мозок.

Богатиот Македонец не можете да го кремирате.
Тој кога ќе види дека гори, бега од Македонија!

Нашите луѓе носат два броја поголеми гаќи.
Да им бидат таман кога ќе ги наполнат!

Јас би умрел за нашата земја.
Само не знам дали за Источна или Западна Македонија?!

Откако дипломите станаа мерка за памет,
памет имаме само на хартија.

Државниот и приватниот сектор успешно се поврзани!
Докторите државно ќе ве оперираат,
а приватно ќе ве закрпат.

Грците газ даваат ама име не ни даваат! Гледано
од аголот на педерите, тоа и не е толку лоша понуда!

Иако на оној свет се оди со затворени очи,
до сега никој го нема промашено патот.

Нема проблем ако нашата држава се подели на два дела!
Имаме будали и за повеќе од две држави!

Нашите гробишта работат како фабрики!
Затоа што од фабриките направивме гробишта!

Контејнерите треба да се прават според
образованието на луѓето. Не може академик и
човек со осмолетка да буричкаат во ист контејнер!

Криминалците се многу оптоварени со работа.
Покрај тоа што редовно крадат,
мораат и интервјуа да даваат!

Нашиот човек не може да сече уши за да си го крпи газот.
Нема толкави уши за толку зинат газ!

Ние сме голем народ. Затоа не можеме да најдеме
толку голем коњ за на чело на колоната!

Ние Македонците сме гарант на мирот на Балканот.
Гарантираме дека ќе бидеме мирни,
па било што да ни прават!

Младите што ја напуштија земјата веднаш се покајаа.
Зошто не си отидоа порано!

На закоп Македонецот е сосема друг човек!
Нон-стоп го фали мртовецот!

Мојот комшија нема коза. Па морав да се задоволам
со тоа да му цркне машината за перење алишта!

Многу штедлив народ сме.
Дури и сами себе си го копаме гробот.

Селаните се посреќни од граѓаните.
Во село нема билборди.

Хартијата трпи сѐ.
А и нашиов народ не е за потценување.

На нашиот човек не му требаат менаџери. Сам се продава!

Камилата по потекло е од Македонија.
Инаку, од каде – грбава!

Берберскиот занает е во изумирање.
Денес други мајстори го шишаат народот.

За да стигнат до функции со кои можат да го менуваат Уставот, некои променија и по неколку партиски книшки!

Лесно се препознава македонски политичар
кога е на преговори во Брисел! Зјапа по излози!

Од сите соседни земји само ние немаме море.
Ама затоа имаме најмногу давеници.

Покрај влада во сенка, Македонија може да има
и влада зад решетки! Имаме и кандидати за премиер!

Нашиот човек секогаш има внатрешни сили за да му даде отпор на непријателот! Па било тоа да се и хемороиди!

Во светот, позади секој успешен маж стои жена.
Само кај нас – стои партија!

Македонецот најлесно можете да го најдете.
Секогаш е на стартот!

Нашето опело трае со години.
Ама мртовецот никако да легне!

Нашава демократија е многу постара од мене.
Затоа и е нормално што не личи на ништо!

Светот има само четири страни.
А ние секогаш ја одбираме погрешната!

Ако ги закопуваме само оние што направиле нешто
за народот, многу политичари би останале незакопани!

Најекономичен гроб ќе ви ископаат најблиските!
Тие најдобро ви ја знаат големината!

Големите Македонци никогаш не се со народот!
Или се под земја или летаат во облаци!

Бројот на патриоти во земјава
е поголем од бројот на граѓани.
Некои наши граѓани се патриоти и на други земји?!

Паметно го искористија искуството со двојните книшки.
Зедоа и двојно државјанство.

Лоша влада е како јавен тоалет. Во неа сере кој стигне.

За да ве ценат мора да бидете за нијанса поглуп од шефот.
Паметните повеќе никој не ги цени.

Кај нас човек може да зборува што сака.
Само мора да внимава да не има некој во близина.

Од сите игри на среќа Македонецот
најмногу губи на – изборите!

Купете си куче ако сакате да имате вистински пријател.
Тоа ќе ви биде единствениот пријател
кој никогаш нема да ве лае!

Подобро е Господ да простува долгови отколку гревови.
Сиромасите немаат гревови.

И одењето station наназад е корисно.
Особено ако пред вас е бездната.

Животните не се занимаваат за политика.
Затоа се толку питоми.

Кога им се суди на бесмртните, судењата траат вечно.

Најголемата будала не знае дека е најголема будала.
Затоа е Најголема.

Во земја во која избраните повеќе се грижат за кучињата
отколку за луѓето, луѓето живеат кучешки живот!

Загадено е затоа што повеќе дрва
засадивме во фотељите отколку во земјата.

Сѐ повеќе мисионери доаѓаат во земјата.
На нас да ја усовршат мисионерската поза.

Среќа наша што имаме кратка химна!
Како скроена за народ кој едвам стои на нозе.

Ние сме земја на чуда. Тука килавите најмногу дигаат!

Наш политичар не може да биде Тројански коњ.
Затоа што е – обичен.

Бидејќи не може власт без мафија, а ни мафија без власт,
мораа да се интегрираат во едно.

Тоа што живееме како стока ја олеснува
нашата продажба на светскиот пазар.

Не знам дали мојата земја тоне, ама делегацијата
на Атлантида е подготвена за дочек.

Во владата се почитуваат различните мислења.
Дури и ако доаѓаат од еден ист човек.

Кога слушнав дека политиката е курва
застанав и јас во редот.

Во земја на која сите и се смеат,
на народот не му е до смеење.

Висока делегација на вонземјани
ќе ја посети нашата земја.
Ќе биде дочекана од делегација во исти состав.

Трошоците за закоп ќе се изедначат
со трошоците за новороденче!
Затоа што тука кој ќе умре – се препородува.

Народот го посакува времето на Тито!
Голи оток во однос на ова денес е – Дизниленд!

И политичарите се како проститутките.
Невини се само на почетокот на кариерата.

Невозможно е да се утврди точниот број на будали.
Секој ден се раѓаат.

Во нашата лудница и докторите се нечии пациенти!

Паметните ни побегнаа во странство.
Од тоа што ни остана направивме влада!

Кој ги сака своите деца, не им купува
чоколади и бонбони! Туку, куфери и патни торби.

Ние сме технолошки заостаната земја.
Имаме повеќе кодоши отколку мобилни телефони!

А на нашиот претседател би му се поклонил до муда.
Само кога би ги имал!

Не треба да ви пречи ако во власта
влезат неписмени политичари.
Тие нема да пишуваат, туку ќе ни диктираат.

На непријателите не им оставивме ништо.
Дури и кредитите им ги зедовме!

Наместо легнати на грб, треба да нѐ закопуваат исправени!
Барем мртви да изгледаме достоинствено.

Нашата земја нема потреба од рекламирање.
Убаво се продава и без тоа!

На наведнатите глави нечиј задник им е предводник.

Господ е идеален жирант за нашите кредити!
И онака вечно ќе ги исплаќаме.

Нас може само паметни луѓе да нѐ водат!
Затоа со децении не одиме никаде!

Во времето на Калигула во политиката влегоа и коњи.
Во наше време, не само што влегоа, туку и останаа.

Кога народот нема што да јаде,
целата држава е за во контејнер.

Да е Пегаз жив би бил државен функционер.
Само наместо со крила би летал со авиони!

Нашата сиромаштија е многу дружељубива.
Почна да влегува во секоја куќа!

Човек се учи сѐ додека е жив.
Затоа оние што знаат премногу – ги закопуваат.

Денес е тешко да се најде чесен човек.
Дури и во огледало не можете да го видите!

Луѓето конечно постигнаа заедништво!
Секој по секого плука!

Душата ја дадов за нашата земја.
Затоа сега ме носат на психијатар.

Има луѓе кои немаат ниту мравка згазнато.
Немаат време од газење луѓе!

Копањето на бавчите го оставивме за некои
подобри времиња! Сега си ги копаме очите.

Ќе бидеме најразиграна држава на светот.
Чекаме само стапот – да заигра!

Геј популацијата во Македонија упати јасна порака
до Грција: Газ даваме, името не го даваме!

Нашите мајмуни никогаш нема да станат луѓе.
Овакви какви што се, поубаво живеат.

Ни на психијатар не можам да одам како човек!
Малку - малку, па преку ред ми влегува
некој државен функционер!

Улицата нема деца, па затоа со мерак ги воспитува
оние деца кои не може ниту општеството да ги воспита.

Животот е тргање. Ако не тргате – ќе ви го тргнат!

Живееме кучешки живот само поради оние
што пред светскиот фактор предат како мачиња.

Од мајмунот кој ги научи сите букви стана човек.
Од оној што ги научи бројките – стана бизнисмен.

Ги побркаа масите. Наместо на тркалезна,
проблемите ги решаваат на шведска маса.

Неработниците би требало да ги закопуваат
онака како што живееја. Со рацете во џеповите.

Нашата земја е мајка на сите граѓани.
Ама од неа најмногу цицаат оние уста што не затвораат.

Народот со тешка мака плука по криминалците.
Билбордите им се многу високи.

Не е проблем што државата ни е лудница.
Проблемот е што лудите
ни препишуваат рецепти за подобар живот.

Напишав многу остар афоризам за водачот.
Воедно, тоа е и првиот афоризам во светот
кој нема ниту еден збор.

Ако сакате истрел во празно – пукајте во главата!

Ќе се промени Дарвиновата теорија.
Во безрбетници ќе не вбројат и нас!

Кога тонеше Титаник во него немаше Македонци.
Така, ова сега ни доаѓа нешто како премиера.

Ние сме единствена земја на Балканот
каде волците се размножуваат побргу од овците.

Оној кој го нема Овој или Оној во власта,
сеедно му е дали е на Овој или Оној свет.

Изгледа дека сме потомци на Бедуините.
Инаку зошто од земјава правиме пустина?!

Не дај боже државата да ни одумре.
Ќе треба и за закоп да се задолжуваме.

Пеј народе. Бадијала да не ви свират цревата.

Некои се колнеа дека Македонија им е сè што имаат.
А потоа излезе дека нешто имаат и во странство.

Порано ајдуците се криеја кај јатаците.
Денес нема јатаци, па ајдуците мора да се кријат
по министерствата.

Нормално е да не отвораме уста.
Ќе видат дека немаме ни заби!

Во римско време коњите можеа да бидат само сенатори.
Денес нема никакво ограничување.

Пред да ги изгласаме ги боли душа за народот.
Откако ќе ги избереме почнува да ги боли друг орган!

За пратеникот за кого гласав
би ја дал раката... да ми се исуши.

Откако ми се скинаа гаќите станав транспарентен.
Сега секој може да ми го види газот.

Државата ги штити криминалците.
Така и треба. Кој кого ако не свој својот!?

Титаник беше удрен па потоа потона.
Ние потонавме, па дури потоа видовме дека сме удрени.

Господ ги чува поповите.
Затоа досега никој нема украдено џип од поп!

Секое сабајле Македонецот проверува дали е жив.
Во текот на денот не дава никакви знаци на живот!

Кога ќе умре човек сите го забораваат.
На него се сеќаваат само – жирантите!

Македонецот не може своите маки
да ги однесе в гроб. Нема толку голем гроб.

Компасот во рацете на младите покажува само Запад!

Со вакви плати не може да се влезе во Европа.
А уште помалку во продавница!

Добро е што пчелите не се членови на политичка партија.
Инаку и медот ќе ни го направеа – лајна!

Работникот не може да направи групно селфи.
Позади него не стои никој!

Марко Цепенков е првиот македонски политичар.
Тој прв почна да раскажува приказни.

Направивме национална програма.
Уште да утврдиме која нација сме!

Пет века Турците нѐ тепаа како магариња.
А потоа си отидоа, бидејќи не сакаа
да имаат работа со магариња!

Тој е човек на иднината.
Памет ќе му дојде дури после дваесет години.

Постигнавме рамнотежа. Половина народ пасе,
а другата половина јаде како стока!

Нашиот Водач е феномен. Слепец, а гледа сè.

Во мојата земја најдолго се умира. Со децении!

Нашиот водач никогаш не зборува со ненормални.
Освен кога зборува сам со себе.

Ѓаволот во Македонија е рамномерно распореден.
Во секој Македонец го има по малку.

Мојот народ тоне затоа што Водачот лета.

За добар секс потребни се двајца.
Добар народ и лоша влада.

Порано имавме од пиле млеко.
Сега имаме само пилешки мозок.

Затворите ни се како чашата. Се преполнија.

Демократијата во нашата земја уште не е закопана.
Сè уште и ја вадиме душата!

Оние што повеќепати умираа
за Македонија - се изнаживеаја!

Народ кој цел живот јаде грав и компири,
секогаш е топовско месо!

Има разлика меѓу крпа и мивка.
Мивката може да биде и функционер.

Благодарение на гладните, има сè повеќе сити!

И најголемата мечка јаде мед, а сере лајна.
А камоли нашите политичари.

Нормално е кога луѓето за големите марки
користат поголема плунка.

Не може да нè споредат ни со брбушка, ни со лепешка...
Ние сме посебна сорта на лајна!

Не знам дали сум Македонец или Македонка!
Ама им служам и на едните и на другите.

Оние што се плашат да писнат, во хорот се најгласни.
Бубачките за прислушкување му покажаа на народот
кој какви бубачки има во главата!

Ми доаѓа во земја да пропаднам!
Немам ништо изнесено од земјава.

Оние што тапкаат во место секогаш се пред народот!

Главите ги чуваме за потешки времиња.
Сега може да ги изгубиме.

Бадијала ни се огледалата.
Ни на нив не можеме да се препознаеме.

Кркорењето на цревата
е почеток на губење врска со власта.

Бадијала нѐ учат пливање. Ние сме експерти за нуркање.

Многу брзаме. Затоа бавно одиме.

Животот на Македонецот има два дела:
Предгробен и овој, гробен!

Афоризми пишувам како Лец. Со десната рака.

Кој гази луѓе, тој нема време ни на мравка да згазне!

Само 10% од народот јаде како стока.
Што е доказ дека другите 90% од народот се – луѓе!

Во држава во која нема ред,
на Оној свет се оди и преку ред.

Се плукаме меѓусебно.
Само за да докажеме дека сме рамноправни.

Нашата смрдеа го прави творот
фаворит на наредните избори.

Палецот не може да биде заменет со друг печат.
Тој е личен печат на потписникот.

Холивуд е на второ место по производство хорори.
На првото место е Македонија.

Единствени кои што можат да ги задоволат
Македонците во Македонија се Македонките!

Паметните ја напуштија земјата. Останаа гласачите.

Нашиот човек е слободен како птица. А така и се храни!

Народ што прифати Свињи да го водат, ќе јаде помија!

За да се направи човек не треба многу памет.
За да се стане човек – треба памет!

Среќа што немаме море! Инаку одамна ќе потоневме.

Господ бадијала три пати ни помагаше.
Сега ни помага Ѓаволот.

Лесно им е на неписмените да држат говори!
Писмените им ги прераскажуваат.

Шија или врат? – тоа за џелатот е небитно прашање.

Малку е минута молчење за олку мртовци!
Затоа имаме гробна тишина.

Во минатото Итер Пејо си играше мајтап со народот.
Сега не мора да си итер, доволно е да си на власт.

Поради оние што јадат сомуни,
народот остана на сува корка!

Немојте да се плашите од неписмените.
Нам писмените ни ја е.аа мајката

Мора да се донесе Закон за трудни.
За трудници – имаме!

Мајката на Минхаузен не е Македонка!
Македонка никогаш не би родила толку мал лажго!

Среќа да најдат детелина со четири листа
може да имаат само оние што цел живот пасат!

Насекаде нуждата закон менува.
Само тука усраните не дозволуваат промени!

Оние со тврда столица стенкаат
поради оние од тапацираните фотелји!

Нашиот човек час оди кај левите, час оди кај десните.
Затоа не оди напред.

Знам дека реформите се наша голема нужда.
Ама, каде баш на наша глава да ја направат?!

Кога молчат,
сите балкански народи зборуваат – македонски!

Сите тврдат дека Хитлер е жив!
Ама, само ние можеме да го потврдиме тоа.

За олку кражби виновен е народот што трепка.
Зошто трепка, кога знае дека крадат додека трепнеш?!

Ми се смачи секој месец да гинам за татковината.
Овој месец нема да и ги платам сметките.

Порано беа Турците, па Германците, па дојдоа Овие...
Од ова се гледа дека немавме потреба
од никакви промени!

Земја која тапка во место
нормално е да е полна – со дустабанлии.

Нашата полиција нема шанса да пука во месо!
Демонстрантите се кожа и коски.

Точно е дека на подарен коњ не му се гледа в заби.
Ама, нашиов коњ не е подарен туку – Избран!

Не сакам да бидам ист како другите,
за да живеам во земја која не е иста за сите.

Кај нас може да живеат само квалитетни камили!
Пустината ни е прва лига.

Водачот го следиме онака како што нè води.
На ќоро. Сè повеќе сме замислени.
Што е добар показател дека имаме мозок.

Таткото на министерот за земјоделие призна
дека неговиот син е промашена инвестиција.
Бадијала фрлено семе

Кога пребарувате по контејнерите носете чиста облека!
Чистотата е половина здравје.

Политичките фигури станаа – Фигури венерис!

Има големи шанси да влезам во владата.
За таму сè уште не се бара лекарско уверение!

Нашиот човек умира без душа.
Душата му ја вадат уште додека е жив!

На некои луѓе тоалетната хартија им служи
за да си го избришат вистинското лице!

Нашиот коњ се откажа од хуманитарната трка.
Не е глуп како коњ па да трча бадијала!

Најхумано е да избереме слепи пратеници.
Да не нè гледаат како се мачиме.

Не е проблем што нѝ се смее цел свет.
Трагично е што почнаа да нѝ се смеат и Мујо и Хасо.

Не е проблем што замолкнавме како јагниња,
туку што сè уште владее Ханибал Лектор!

Како да веруваме во подобро утре
кога ни денес не нѝ е добро?!

Нас нѐ чува Господ.
Затоа полицијата мораше да си најде друга занимација!

Изборната кражба не спаѓа во кривично дело.
Под услов да е направена како невидено ремек дело!

Децата не знаат колку голем бил другарот Тито!
Деца, колку цело Собрание и плус вилата на Водно.

Тоа што сме сите во исти сос,
знак е дека имаме исти готвачи!

Во владата може да има и будали.
Тоа е коалициона влада.

Крадец може да биде неписмено говедо, битанга
или министер. Нема разлика – крадец е крадец!

Народот го стави ја во шише! За Аладин немаше место.

Изгледа дека сме потомци на раковите – одиме наназад!

Стигнавме онаму од каде планиравме да побегнеме.

Турците се обидоа да нè научат на памет.
Ама, нас ни набивањето на колец не нè опамети.

Конците и ортомата се во служба на граѓаните.
Кому ќе му се замрсат конците, во ортомата му е спас!

Младите мршојадци имаат силни крила.
Без проблем летаат од партија во партија!

За Европа сме мали деца.
Затоа во неа ќе влеземе – лазејќи!

Тешко се разликува нормален од ненормален крадец!
И двајцата тврдат дека се патриоти.

Никому не сме крвен непријател. Бескрвни сме!

Не е проблем што министрите се вртат од една фотелја
во друга. Проблем е што нè вртат во место!

Порано паметните пишуваа, а будалите помнеа.
Сега будалите пишуваат, а паметните продаваат
по тезгите.

Има разлика меѓу гојдо и говедо.
Гојдото ора по нивите, а говедото по говорниците.

Не е точно дека ова лудило нема крај.
Ова лудило е од нашиот роден крај.

Утре ќе имаме свечен ручек. На трпезата ќе имаме бел леб!

Никој не прифаќа да му платиме со глава.
Нашата глава не вреди ни пет пари.

Во Алејата на великаните има место за сите.
Ама таму сè уште не се Сите!

За разлика од арското, имаме и вештачко ѓубре.
Него народот го произведува.

Нашата масовна гробница е најголема.
Има квадратура колку што е и државата.

Некогаш бевме мајмуните, па станавме луѓе.
И денес би биле луѓе, ако некои не станеа мајмуни!

Во политиката има луѓе од сите профили.
На некои од нив ќе треба да им се направи и – анфас!

Оние што се хранат со коприви, имаат среќа.
Гром не удира во коприви.

Стоката се разбега по нивите, бидејќи нема кој да ја чува.
Сточарите отидоа на повисоки положби.

Македонецот може да живее и без мозок и без срце.
Само не може да живее – без уши!

Не е важно што сакаше писателот да каже.
Важно е што ќе каже цензорот!

Ниту Африка не нè прима за членка!
Се плаши дека нашите хиени ќе ги изедат нивните.

Малку одам во црква, малку во партија.
Белким еден од двата бога ќе ми помогне?!

Античките Македонци немале потреба да знаат да читаат!
Во тоа време немало ни струјомери, а ни водомери.

Ние сме земја на промени.
Тука нормалниот нема шанса да остане нормален.

Не е точно дека мртовците не јадат!
Влезете во собраниското бифе, па ќе видите!

Криминалот во земјата фати корења!
А го има и на највисоките гранки.

Тука најлесно можете сами да си го ископате гробот.
Треба само да зинете онаму каде што не треба!

Пола вработени не живеат од работата.
Тоа се оние што живеат од партијата.

Среќен е оној народ што го носи тиранинот на грб.
Дури и ако сандакот е направен од најтешкото дрво.

Како за љубов, така и за живот – потребни се двајца!
Затоа без добар премиер и претседател – нема живот.

Дури кога ќе го исклучам мозокот,
можам да се вклучам во нормален живот!

Нашиот човек е приморан да гледа во филџан кафе.
Во чинијата нема ништо!

Не може човек пред влада
секој ден да бара... леб, леб, леб...!
Кој нормален човек јаде три леба на ден?!

Не е точно дека имаме превработеност по институциите.
Тоа се резервни кадри за плашила по нивите!

Народот бара само леб. Сол има на раните!

Народот знае дека од лошо има и полошо.
Затоа лошото го прифати како добро!

Тоа што живеам во лудница не значи дека сум будала.
Туку дека сум патриот!

Мозокот секогаш треба да е сместен во главата!
Ова први го демантираа оние што мислат со газот!

Во оваа земја сè уште има некој
кој чека подобро утре. Кокичето!

Подобро ќе се снајдеме во Пеколот отколку во Рајот!
За во Пеколот имаме искуство.

Нема ништо посилно од природата.
Затоа природно глупите се на сила!

Станавме буре барут затоа што имаме краток фитил.

На децата им порачав
да ми направат споменик, многу повисок од мене.
Нека се гледа колку голем човек сум бил.

Ќе ги направат работници да живеат како мали деца.
Платата ќе им стасува само за лижавчиња.

Глувците не знаат дали бродот тоне или не?!
Затоа секогаш мораат да се врткаат околу капетанот!

Мечката не ја бидува за политичар. Спие само зиме!

Некои редовно дремат во собраниските клупи.
Тоа се оние кои велат дека за Македонија – сон не ги фаќа!

Ме чуди кога ќе слушнам
дека наш човек се измочал в гаќи. Од каде нему гаќи?!

Ако на доброто со добро се враќа, на државниве
раководители не им должиме ништо добро.

Пензиите се манифестација на радост од пошироки размери.
Кога дедо ќе ја добие пензијата, цела фамилија
скока од радост.

Диоген не влезе во Собранието.
Знаеше дека таму нема да најде човек!

Јас немам проблем со вошките.
Кога ќе се појават, го гасам телевизорот!

Не е проблем што бадијала јадат во собраниското бифе.
Проблем е што бадијала седат во собраниските клупи!

Нашите мртовци ги нема во жалните вести.
На билбордите се!

Недостасува уште Голема Македонија,
па глупоста на Балканот да биде комплетна!

Букефал го присвојуваат неколку народи.
Ама тој одбра да биде наш Лидер.

Искуството со магарињата го искористија кај народот!
Магарињата ги сотреа уште кога беа прлиња.

За нов премиер би го предложил Самоил!
Тој барем знае како треба да води слепци!

Кој стасал до бирото за вработување,
тој не е зрел за вработување.

Ако власта имаше вистинска цел,
немаше да бидеме погодени!

Стопанскиот лав опкружен со политички хиени
мора да се однесува како зајак.

Имаме политичари мачкани со сите бои.
Ним секоја партиска книшка убаво им стои!

Извезуваме памет а внесуваме дрога.
Потоа се чудиме зошто имаме толку дрогирани будали!

Наша временска прогноза: Времето ни лета!

Откако слушна дека песната ги намалува маките,
Македонецот стана најдобар песнопоец на Балканот!

Тука не може да биде:
Сите за Еден, Еден за сите. Edниот, не е со сите!

Власта и народот дишат како еден. А еден како ниеден!

Нашите пратениците секогаш се или Леви или Десни.
Не и – народни!

Имаме анимални проблеми. Коњите го заузадаа народот.

Попуштаме секому.
Само така можеме да покажеме дека сме попаметни!

Против криминалот не можеме да се бориме со сета сила.
Сета сила е на страната на криминалците.

Во нашиот образовен систем
нема професија – чувар на лозја. Кај нас, стравот лозје чува.

Ѓаволот бадијала дојде по своето.
Сè ни е под хипотека, а и кредитите не ни се отплатени.

Тука срамот е безопасен.
Сè уште никој нема умрено од срам.

Оние што ја носат главата во торба
секогаш имаат издвоено мислење.

Коњите и народот треба редовно да се јаваат.
Инаку ќе заборават зошто служат!

Паметни и чесни луѓе можете да најдете насекаде.
Само во владата немојте да ги барате.

Сексот не спаѓа во реформи.
На народот сексот му доаѓа гратис!

Народот би превзел судбоносен чекор.
Ама, бездната е на чекор пред него.

Несреќа е што Македонецот има две леви нозе.
Па секогаш станува на лева!

Младите не гледаат иднина во Македонија.
Затоа одат во светот да отворат очи.

Дека здравјето влегува на уста
можат да го докажат само најадените.

Македонецот е квалитетен човек.
Дури и денешниве човекојатци го јадат за десерт!

Цело време градиме држава од око.
Затоа сега очите си ги вадиме.

Кога е во друштво со шарпланинецот
и лингурот покажува заби!

Бидејќи признанието му го вадеа со клешти,
мораа најпрвин да му ги извадат забите!

Народот бадијала го пушти мозокот на пасење.
Говедата не му оставија ништо за пасење.

Сите наши политичари имаат дипломи.
Што не може да се рече и за знаење.

Од толку татковци, уште не знаеме кој ни ја еба мајката!

Мислат дека вредат за двајца,
затоа што за толкумина крадат!

Гробарите стравуваат за својата професија.
Политичарите најавуваат гробарски амбиции!

Нашите претци потешко доаѓаа до храна.
Тогаш немаше контејнери.

Во цел свет мртвите или ги закопуваат или ги кремираат.
Само тука си играат мајтап со нив!

Сиромашните не можат да ја бранат државата
со сите средства. Тие немаат средства ниту за живот.

Данте е подготвен да стане премиер на Македонија.
Веќе има и програма напишано: Пеколот.

Нашиот леб не ни го јадат другите. Туку Првите!

Тука нема дискриминација! И живите ги закопуваат.

Македонска формула за успех:
За да застанеш на нозе треба да си седиш на газот.

Ќе нè прогласеа за најхрабар народ,
ама проверката на гаќите даде обратни резултати!

Ако имате долги прсти, можете да избирате:
или да бидете мафијаш или да свирите на клавир!

Правото и слободата се загарантирани со Устав.
Само треба да утврдиме со чиј Устав?!

Продажбата на државата во четири очи е
едноставна работа. Треба водачот да е слепец.

Порано големината на човекот зависеше од
големината на мозокот. Денес, од големината на устата!

Криејќи се позади партијата,
килавите почнаа да се прават ташаклии.

Колку се полесни толку нѝ се потешки?!

Денес одличните ученици работат
во фирмите на повторувачите.
Улицата се покажа како подобар учител од наставниците!

Нашиот човек побара од Господ да му даде
поголеми уши и уста. За памет не му текна!

Во иднина ќе имаме подобар живот.
Слушнав дека има живот и на Оној свет!

Дури откако си ги наполнија џеповите
нашите јунаци добија статус на Незнаени.

Мафија полна ко брод, бега со авион!

Изгледа луѓето во државнава администрација
имаат гени од глушец! Се изнакотија.

Народот би ги дигнал политичариве на клоци. Ама – бос е!

Секој народ добива по носот онолку колку ќе зине.
Затоа уста не отвораме.

Сиромасите се сезонска стока.
Неа ја купуваат само пред избори!

Не е проблем што на изборите ќе излезе и старо и младо.
Проблем е што ќе излезат и живите и умрените!

Животот в село и в град е ист! Мора да работите со стока.

Колку што сум понормален,
толку на народот сум му сè почуден.

Најчист живот живеевме
кога чувавме свињи по дворовите.

Исто ќе ве чини дали ќе се запишете на студии
во странство или тука. Дипломата се плаќа во евра.

Кај нас и Тарзан би се изгубил.
Нормално, нашава џунгла е поголема.

Природно е младите да бегаат од државата,
кога има толку природно забегани!

Македонецот не пцуе во јавност.
Само кога гледа ТВ-Дневник!

Полицијата не може да заигра пресинг!
Сѐ уште има повеќе граѓани отколку полицајци.

Пензионерите се најсигурно гласачко тело.
Проблем е што се со најкраток рок на траење.

Мора да се отвори министерство за баење.
Народот има уплав фатено.

И мајмуните се луѓе!
Само што тие немаат потреба да подигнуваат кредити.

Порано лекот чинеше пет пари, ама требаше да го најдеш.
Сега треба и петте пари да ги најдеш!

Не е проблем што подигнуваат кредити.
Проблем е што исподигаа сѐ што стигнаа.

За бојадисување во црно не треба да сте некој мајстор.

Мртвите гласачи имаат чувство за победник.
Нивниот глас секогаш оди за партијата на власт!

На избори гласаат и живите и умрените.
А потоа и живите и умрените живеат исто.

Изгледа дека парите висат на гранка!
Затоа мајмуните собраа најмногу.

Дивите свињи јадат желади, питомите помија,
а политичките – луѓе.

Нашиот народ би можел да живее само од леб со маст.
Ама, каде да најде леб?!

Револуцијата која тече е во застој.
На патот се попречија трупците.

Овие што најавуваат скапотија
мандатот го добија многу евтино.

Нѐ поврза заедничката несреќа.
А го избравме за да ни биде среќа.

Храната за кучиња и не е толку лоша.
Лошо е што нѐ третираат како кучиња.

Во народните кујни некогаш може да се сретне
и ненароден елемент. На пример: месо!

Порано беше еден Адам и една Ева.
Сега имаме напредок: еден Адам и два милиони Еви!

За мене постои само победничката партија,
рече мртвиот гласач.

Изгледа дека задгробниот живот е поубав за живеење.
Таму нема избори.

Нашиот брод е последен збор на техниката.
Плови без кормило.

Сите правци се проодни.
Само мозочните ни се блокирани.

Не ни е судено да имаме здрава држава.
Сѐ додека не им судиме на болните!

Не можеме да јадеме секој ден.
Јадењето не е турска серија.

Кај нас и животните имаат право на глас.
Пример ви се – овците!

Ако браќата Грим беа живи, со толку убави приказни,
ќе дотераа до највисоките државни функции.

Каде гази Тој, таму трева не никне.
А таму и народот е гладен, бидејќи нема што да пасе.

Да имаше огледалото уста за да ни каже,
виновникот не ќе требаше да го бараме.

Во рајот се откриени двајца-тројца Македонци!
Истрагата ќе покаже дали се вистински Македонци.

Би сакал да имаме перпетуум мобиле политичари!
Тоа што го с.рат, тоа и да го јадат.

Затворите се полни со раководни кадри.
Надвор останаа некадарните.

Македонија сѐ уште не е подготвена за продавање.
Немаме постигнато договор околу цената!

Нивите се запустија по грешка на политичарите.
Наместо по нивите, се ора по говорниците.

Цар Самуил не би можел да биде успешен министер.
Неговите соработници имаа само по едно око.

Нашето опело ќе трае со години.
Додека легне мртовецот!

Клептоманијата е болест.
Затоа кај нас крадат само болните за власт.

Да не се политичарите, ние би биле луѓе!

Народот мора да се препелка како риба на суво.
Во вода до гуша ќе се удави!

Народот е писмен. Ги прочита политичарите!

Жал ми е за нашата иднина. Ќе се изначека.

Македонските политичари се најнежни љубовници.
Го средија народот без да сети!

Има излез од тешката ситуација во која се наоѓаат луѓето.
Ама, душа не излегува така лесно.

Порано знаевме кој ора, а кој копа.
Денес ги знаеме само оние што жнеат!

Нашиот човек не може да се истегне колку што е долг.
Долгот му е многу поголем!

За услугите од народот би платиле и Левите и Десните.
Па кој не би станал курва!

Никој не смее да се меша во судскиот систем.
Таму веќе доволно е испомешано.

Слободно можете да ја критикувате Власта во четири очи.
Ама, само пред огледало!

Учебниците по историја се дебели,
затоа што ни се такви и историските грешки.

Со тешка мака плукаме по криминалците.
Билбордите се многу високи!

Нашите давеници се скромни луѓе!
Доволно им е леб и сол за да испливаат.

Кој е љубител на брза храна, секогаш е најаден.
Контејнерите не се за бавни типови.

На нашиот брод не му треба кормило.
Нашиот број е меѓународно теледиригиран.

Многумина паднаа за да живее татковината.
А многумина ја паднаа татковината за да живеат тие.

Децата пројавуваат политички апетити.
Почнаа да се лигават!

Нашата дипломатија
има дрвена меѓународна стратегија! Попуштаме до даска.

Македонецот никогаш нема да умре на спиење.
Него сон не го фаќа!

Можеби граѓаните останаа со кратки ракави,
ама затоа државата ни е – Kaput!

Македонија ќе ја бранат сè посилно и посилно.
Потенциометрите на звучниците се ставени на максимум!

Работата тргна. Еве, нас ни дојде дури до јајца!

Нема да дадеме ни педа од нашата земја.
Тука единица за мерка е километар, а не педа.

Кај нас не важи изреката: Спие како јагне.
Јагнињата отворија четири очи.

Нашите давеници немаат ни вода во очите!

Во нашата политика конците ги влечат
оние кои подготвуваат свилен гајтан за народот.

Додека другите земји добиваат кандидатски статус,
нашава статус може да добие само – на Facebook!

Изгледа станав некоја голема личност?!
Почнав со почит да зборувам сам со себе.

Генерациите кои доаѓаат нека не седнуваат да одморат.
Можат да продолжат да си одат.

Народот има два вида на непријатели!
Измислени, и оние кои му ги измислуваат!

На наведнатите, задницата им е предводник!

Живи нè ставија во шише.
Урната ја чуваат за подобри времиња.

Некои лебот го вадат по фабриките, нивите...
Некои го вадат од устата на народот.

Македонецот е добар како леб.
Ама последниве години е само – црн!

Младите имаат најјасна прехранбена визија.
Гледаат дека за нив тука нема леб.

Да си го чуваме газот, изјава е на педерите,
а не на хомосексуалците!

Порано младите креваа востанија.
Денес не можат ниту глава да кренат!

Нашиот човек само за Велигден јаде црвени јајца!
Другите денови јаде какви што има шефот.

За чесните нема разлика помеѓу Оној и Овој свет.
И на двата света се со – крстот на челото!

Будно ја следам работата на политичарите.
Затоа наредија да ме следат.

За да добијат вечна власта,
на пензионерите ќе им ветат и вечен живот.

Народот прави грешки од технички причини.
Тешко е да се мисли со глава во торба!

Во новата власт задолжително да има и ветеринар.
Само Господ знае каква стока ќе изгласаме!

Влада која троши народни пари, брзо се троши.

Политичарите никој не смее со рака да ги допре!
Се препорачува: суровица, ластегарка, безбол палка...

Секоја бивша влада веднаш се зафаќа за работа.
Да биде идна влада.

Народот е сериозно зафатен со умствена работа.
Смислува вицови за државното раководство.

Мислат дека народот е стока!
Па уште од сега планираат како ќе го напасуваат.

За мирен сон парите ги држат под перница.
Затоа оние без пари сон не ги фаќа.

За да ти несат и петлите јајца, треба да имаш – петел!

Душа давам за уште еден мандат.
А потоа душата сама ќе ми дојде на место!

За малку ќе влезев во парламентот.
Ама, за противкандидатот гласаа повеќе будали.

Немам нормален ритам на живеење.
Власта ме вади од такт!

Гласачите имаат име и презиме.
За разлика од некои кандидати кои немаат ни образ.

Некои луѓе веруваат во институциите на системот.
Лаковерни има насекаде.

Насекаде чизмата ја чува главата.
Само кај нас од чизмата ја изгубивме главата.

Борци за демократија има насекаде.
Во In memoriam најмногу!

Гласачките кутии ќе се наполнат до врвот.
А потоа врвот ќе реши што со гласачите.

Има луѓе кои јадат како стока!
Таквите ниту се водат ниту се тераат.

Бадијала го плукате мојот пратеник.
Околу него секогаш има од оние што ќе го излижат.

Господ направи човек од ребро, а нашиот човек
го направи од она ребро што го чешаше!

Многу Македонци веднаш би го промениле името.
Само за да ги збунат инкасаторите.

Позади секој успешен човек, стои дебел задник.
Нормално – зинат!

На народ што дреме, попрво ќе му отсвират
воен марш отколку приспивна песна.

Одумирањето на државата е одложено
за некое подобро време. До тогаш ќе умира народот.

Сѐ уште немаме идеално граден граѓанин.
Дури и Големиот Македонец има ситна душа.

За сиромавиот човек секој ден е молк.
Тој едвам отвора уста!

Кој ќе застане позади нулата
има шанси да стане партиска вредност.

Не знам дали ќе имаме министер за хумор?!
Со оглед на тоа што имаме влада за смеење.

Порано Македонија беше позната по тутунот.
Сега, по – пушачите!

Не е точно дека со ветување куќа не се гради.
Да видите само колкава куќа има оној што ни ветуваше!

Нам не можат да нѝ ја скинат главата.
На време ја пикнавме во газот.

Нашите камелеони се рационални.
Имаат само партиски бои.

Не можеме да имаме квалитетни јавни куќи!
Најдобрите курви ни отидоа во политиката.

Порано сончогледот беше индустриско растение.
Сега е политичко.

Нормално е да им се тресе душата на долните,
кога горните тресат зелени!

За летање потребни се туѓи крила.
Тоа најдобро го знаат оскубаните.

Нашето достоинство нема цена.
Ама ако сте заинтересирани – ќе се договориме!

Можеби власта не ни овозможи три оброка на ден,
ама затоа имаме три ТВ-Дневника дневно!

Оние што се смеат на нашата трагедија,
немаат врска од драмска уметност!

Бидејќи една слика вреди
повеќе од илјада збора, воопшто не пцујам.
Ја покажувам сликата на претседателот!

На моите ќерки за мираз ќе им оставам милион афоризми.
Така ќе мора да се омажат за писмени зетови!

Нашата историја сè уште не е напишана.
Чекаме да победиме.

Нашиот капетан не го напушти бродот што тоне.
Го приватизира!

За лисицата јајцето е светла перспектива.

Решавањето на проблемот со храната
треба да започне од корен. Лисјата се за мезе!

Мораме под итно да го зголемиме наталитетот.
Имаме повеќе гласачи отколку луѓе!

За да бидеш Македонец треба да имаш муда.
Инаку, што ќе си јадеш?!

Јас не го разбирам изразот: Мадиња голи!?
Нашите Мадиња носат брендирани одела.

Нашиот човек никогаш нема да штрајкува со глад.
Нему кога му е тешко – си ги јаде мадињата!

Имаме современи реформи во здравството.
Болните умираат со електронска картички во џебот!

Народот треба да ја добие Нобеловата награда за генетика!
Создаде вошки што јадат луѓе!

Душевната болка ја носиме на душа.
Душевно болните – на грб!

Политичкиот мандат е најдобар лек.
Со него и слепците отворија очи.

Најдобро е кога не водат политичари без глава.
Барем очи не им гледаме!

Контејнерите се подобри од продавниците.
Барем работат 24 часа.

Претседателот на една соседна земја
е дипломиран гробар. Нашиов е самоук.

Нашите претци не можат да седнат на зедничка маса.
Едните се во рајот, а другите во пеколот!

Немаме пазарна економија!
Која партија ќе победи на изборите,
гратис ги добива и лингурите од другата партија.

За да се понесе товарот,
само уште магарињата го подметнуваат грбот.

Нашите луѓе не се информирани дека живеат
во најбогатата земја! Па сè уште јадат корки!

Кандидатот за кого гласате е многу едноставен човек.
Да не речеме – прост!

Фалшливиот солист е љубител на хорското пеење.

Порано имавме мултиетничка хармонија. Фалшливото
живеење започна откако почнаа да ни свират странци!

Дволичните најмногу печалат.
Особено кога продаваат образи!

Оној што јаде месо – пее!
Се очекува работникот да почне да лае.

Изгледа дека мечките ни се поважни од
работниците! Нив државата ги штити со закон.

Лазејќи – летна!

Не јадете сè што лета, ќе ве прогласат за човекојадец.

Стенкањето некои го прогласија
за химна на работничката класа.

Имаме одличен систем за вработување.
Само не знам каде треба да уплатам.

Кратковидиот стопански раководител
наместо очила носи загуби!

Пеј народе! Бадијала да не ти свират цревата.

Од фотелјите направивме рингишпили.

Општејќи со државата се изнародија
непокриени инвестиции.

Кога ќе видам колку имаат некои комунисти,
почнувам да верувам во комунизмот.

Во математиката нулата е почеток.
Во стопанството – крај.

Сега почнавме да се интересираме за гулабот на гранка.
Врапчето го изедовме.

Во нашето општество постојат идеални
услови за развој на – карикатурата.

Нашето стопанство има породилни маки. Раѓа мечка.

Стварноста покажува
дека не е само Пинокио со дрвена глава.

Го поканија како свечен гостин. А тој помисли како вечен!

Исус не беше на власт! Затоа го распнаа.

Самокритика е да се прозеваш и на сопствениот реферат.

Ако пукате во волкот попрво ќе паднат неколку овци.

Пример за приватна сопственост
кај работникот – лична карта.

Проститутките работат индивидуално. За разлика од
политичарите кои групно го задоволуваат народот!

За немите, рибите се најдобри соговорници.

Македонецот кога е во туѓина, сонародникот го гушка
како брат! А дома, го дави братот како да му е туѓинец!

Крадењето не е регулирано со закон.
Тука тоа се уште се прави од хоби!

За некои наши функционери државава е кокошка.
Ја оскубаа!

Факултети имаме во секое село.
Затоа во градовите имаме еден куп сељаци со тапија!

Сиромасите не знаат граматика.
Ама знаат дека храната за нив е – мислена именка!

Нашиот Голтар има брендирана облека и обувки!

Наталитетот опадна од кога почнавме да се грееме
на парно и струја. Штрковите нема каде гнезда да свијат.

Видов двајца-тројца пратеници
како мирно спијат во собранието.
И меѓу пратениците има луѓе со чиста совест.

Во народните кујни чиниите не се мијат.
Гладните ги излижуваат.

За разлика од обичните граѓани министрите купуваат
по три чорапа. Два за на нозе... и еден за на глава!

Насекаде гробовите се копаат со лопати.
Само кај нас – со реформи!

Нѐ врзаа во јазол, за да не заборавиме
кога последен пат сме биле слободни.

Порано креативноста кај децата ја развивавме
со хартија и молив. Денес, со ѕид и спреј.

Брајовата азбука го откри идентитетот на Водачот.

Не може нашиот човек да го споредувате со палачинка!
Палачинката се врти само еднаш.

Тешко на оној што има поголема уста отколку памет.
Секогаш му недостасуваат заби.

Да ставиме шизофреничар за водач.
Таквиот ќе вреди за двајца.

Па што ако е мртовецот натоварен со земја?!
Важно на душата му е лесно.

И животот може да биде џабе.
Особено ако го дадете за држава како нашава.

Напредуваме со крупни чекори.
Ќе одевме и со поголеми чекори, ако не бевме боси.

Во лексиконите нема да најдете – Нула од човек.
Барајте во политиката!

Треба да нѐ закопаат со отворени очи.
Барем на оној свет да видиме живот.

На Универзитетот нема катедра по Демагогија.
Кадрите од оваа област се школуваат по партиите.

На гласачкото ливче не смеете
да допишувате никакви глупости.
Тие ќе бидат отпечатени по утврден редослед.

Нормално е да нѐ сметаат за мала држава.
Низ историјата поминавме и сито и решето.

Кога дознаа дека Македонија ни е мајка,
некои посакаа и браќа да ни направат.

Македонецот е добар глумец. Иако цревата, му кркорат
не можете да забележите дека е гладен.

Нашиот брод е направен од домашни суровини.
Бродот може да потоне, ама кормилото – никако!

Сексот е евтина забава за сиромашните.
Нѐ сексаат оние што се полни со пари.

Научно е докажано дека прејадените умираат повеќе
отколку гладните. Затоа сиромасите се побројни!

Ситните кратци кражбите ги планираат до најситниот детал.
Поголемите кратци не се такви ситничари.

Темнината ни е заедничка мајка. За неа сите сме исти.

Секогаш кога на чело ќе ставиме мртовец,
народот е завиткан во црно.

Нѐ поврза заедничката несреќа.
А Тој требаше да биде наша среќа.

Во држава во која криминалот има библиски димензии
народот може да очекува само – потоп!

Не може секоја будала да биди министер.
Немаме толку министерства.

Европа мора посериозно да се однесува со нас.
Без оглед на тоа колку сме смешни.

И според Уставот нашиот човек има право да пушти глас.
Сега засега само во гласачката кутија.

Сѐ повеќе луѓе го напуштаат селото.
А и срамота е државен функционер да остане на село!

Денес е најтешко да се биде поп.
Не можете да распознаете жив човек од мртовец.

Нашиот човек е ретка птица.
Наместо со крила, лета со мозокот.

Нашата земја е сериозна држава.
Ама, не е исклучена можноста,
ако видите некои работи, и да умрете од смеа!

Контејнерите се доказ дека имаме вреден народ.
Таму се копа и со раце и со нозе!

Големи верници се. Уште од олтарот немаат украдено.

Приватизацијата сѐ уште не е завршена!
Сѐ уште има луѓе кои се свои.

Гробовите нема да ги продаваме
на странските инвеститори. Ќе ги чуваме за народот!

Како во канализацијата така и во политиката.
Системот не функционира кога ќе наиде
некое поголемо лај..!

Нема разлика меѓу Македонец и ластовичка.
Само што Македонецот кон потоплите
краишта лета со куфери.

Најважните битки за Македонците
се во вторник и петок. Тогаш се оди на пазар.

Од приходите зависи каде се држи татковината.
Сиромасите ја носат в срце, а богатите в џеб.

Нашите во дијаспората душа даваат за нашата земја.
Само не им барајте долар, евро, фунта...

Знам дека е здраво да се јадат тикви.
Ама не е здраво Тиквите да го јадат народот!

Решив од утре да имам два оброка на ден.
Проблем ми е каде да го најдам второт оброк?!

Денес е најлесно да препознаете опозициски тендераш.
Му течат лиги!

Владата распиша тендер за два милиона сламки!
Да може секој давеник да се фати за нешто!

Човек што тоне, би се фатил и за нешто
за кое друг пат никогаш не би се фатил!

Народот не може да одреди кој го направи жртва.
Мајсторите се час лево, а час десно!

Оние што во транзицијата отворија четири
очи, од народот направија слепци.

Дрогата и алкохолот се на второто место по штетно
влијание кај младите. На првото место е политиката.

Одамна нè хранат со генетски модицифирана храна.
Само што нашиот народот тоа поинаку го нарекува!

Нашиот човек
уште од навечер размислува што ќе руча утре?!
Така е кога се размислува на долги патеки!

Газот и главата се основни движечки органи кај луѓето!
Затоа нашите млади г'з-главечки бегаат од Македонија!

Дрвата се сечат безмилосно.
На нашите трупци сè уште никој ништо не им може!

Иако Македонија нема море,
на Македонецот проблемите му доаѓаат во таласи!

Само оние што во транзицијата
останаа слепци гледаат дека ова не оди кон добро.

Не знам дали владата ќе падне,
ама знам дека народот едвам се држи на нозе.

И кога би раздавале за душа на државата,
пак најмногу ќе грабаат оние што ја закопаа.

На нашиот човек и рибите му завидуваат. Уста не отвора.

На умрените им е сеедно за кого гласаат.
Да знаеја за кого требаше да гласаат – ќе беа живи!

Ние Македонците секогаш изгледаме пониски.
Затоа што пред секого клечиме.

Изгледа дека пендрекот има уши!?
Секогаш реагира кога ќе викнам – Долу влада.

Молчењето го продолжува животот.
Затоа нашиот човек уста не отвора.

Кој сака да умре за татковината, нека побрза.
Утре може да ја нема!

Господ не може да се симне во Македонија.
Нема место од ѓаволите.

Порано слоновите беа најголеми цицачи.
Сега се нашиве функционери.

Полтроните се многу прилагодливи луѓе.
Ним секој отвор им одговара, само да е анален!

Претседател, како тоа убаво звучи.
Особено ако народот не го исвиркува.

Давеникот исплива на површината.
Благодарение на кредитите.

Нема шанси политичар да се обеси со јаже.
Јажето го чуваат за народот.

Младите се како ластовичките!
Затоа нѐ напуштаат и одат во потоплите краишта.

Земјоделците го молат Господ
да им даде барем еден квалитетен политичар.
Колку за семенски материјал.

Господ би требало да биде Министер за социјала.
Луѓето само од него бараат помош.

Во декадниот систем нулата е на почетокот.
Во политичкиот – на чело!

Понекогаш зборувам сам со себе.
Само не знам кој е поголема будала,
оној што зборува или оној што слуша?!

Може да живеете во басна или во бајка.
Зависи од тоа дали сте опозиција или власт.

Се задолжуваме затоа што сме задолжени до гуша.

Кога е меѓу слепци, оној што гледа повеќе,
го прогласуваат за идејно застранета личност.

Македонија е рајска земја во која се пее и игра.
Проблем е што ѓаволите орото го водат.

Некогаш и влакното може да ја смени историјата.
Атентаторот промаши – за влакно!

Бадијала е житото помногубројно,
кога каколот ја одредува цената на житото.

Смрдеата од творот е на второ место.
Нашите смрдливци се на заслуженото прво место.

Порано платата доаѓаше како мевлем на рана.
Сега, како сол на рана.

Нашите папагали не грицкаат семки.
Семките ги оставија за народот.

Никогаш не сме имале толку лигави.
Затоа и се лизнавме.

Душата шета. Кога тиранинот ќе ја испушти душата,
на народот му доаѓа душата на место!

Нашиот Водач не може да се изгуби.
Има и стап, а и куче водач.

Во сексот задоволени се и оние горе и оние долу.
Во политиката само оние горе!

Нашиот човек има идеални услови
да јаде три пати на ден. Има заби.

Берберскиот занает изумира.
Сега други мајстори го шишаат народот.

На ист камен се сопнуваме неколку пати.
Тој е дел од нашата историја.

Во диктатурата диктаторот плива во сите стилови.
Народот е оној што се дави.

Мршојадците летаат горе.
Долу се симнуваат само за грабање.

Се подготвуваме за Денот на ослободувањето.
Чекаме ослободителите да ни се тргнат од пред очи.

Неспоредливи се народната кујна и контејнерите.
Во народната кујна можете и да седнете на маса.

Луѓето фрлаат камења по собранието.
Слушнаа дека клин со клин се избива.

Реформите дадоа резултати.
Сега и немите почнаа да мрморат.

Народот не знае каде му се гаќите.
Изгледа дека ги заборави кај спонзорот.

Учејќи се на грешки и ние станавме
добар материјал за учење.

Кај нас не се прекршени човековите права.
Прекршен е човекот.

Откако ги затворивме фабриките,
луѓето умираат како на фабричка лента.

Од сите соседи само ние немаме море.
Ама, затоа имаме најмногу давеници.

Бидејќи буџетот е празен, нема да има нова војна.
Никој не е будала бадијала да војува.

На Македонецот му остана само уште магарето.
Ниту куче, ниту змија нема каде да го апне.

И јавивме на Европа
дека цивилизациски сме стигнати во 21-от век.
Пораката ја пративме по гулаб писмоносец.

На народот не му пречи што го јаваат,
ама јавачите барем еднаш да стасаа на целта.

За безгрижен живот доволно е да имате крпче.
Да си го врзете мозокот во него.

Не нѐ интересира српското Косово. Си имаме наше!

Ако е точно дека само Господ простува,
тогаш за отплата на ратите од кредитите,
владата нека оди во црква!

Ќе имаме европски закоп!
Гробот ќе ни го копаат странци.

На оној кому зборовите му се послатки од делата,
тешко дека ќе помине од зборови на дела!

Ние сме најстар народ.
Еве, и алиштата што ги носиме се доказ!

Нашите слаби точки станаа национални прашања.

Изгледа дака го подготвуваат народот
за некоја спортска игра!? Го поделија на две страни.

Имаме голема душа.
Толку голема што ја имаме и за продавање!

Заради Големите Македонци
на нормалните им стана тесно во земјава.

Кога умира чесен човек, и кучињата плачат.
Кога ќе умрат нашите кучиња, народот ќе пее.

Оние што украдоа игла брзо ќе украдат и локомотива.
Во прашање се само нијанси!

Ситната боранија мора да се задоволи со второто место.
На врвот се тиквите!

Состојбата во селата е иста како и во градовите!
Нема луѓе.

Нашата глава не е само за потстрижување.
Туку да има Европа каде да ни удира чврги.

Филмот не успеа бидејќи ги испомешавме улогите.
Глумците станаа политичари, а политичарите – глумци!

Стечајните фирми не може да се споредуваат со мртовец.
На мртовецот барем забите му ги оставаат.

Ги киднапираат само децата на богатите родители.
Ете, сиромасите и тука се дискриминирани.

Насекаде транзицијата има почеток и крај.
Само кај нас двата краја се почеток на крајот.

Нам војната не ни може ништо.
Нашите уништија сè.

И челичните народи, р'ѓата мора сами да си ја избираат.

Не е точно дека живееме како кучиња.
За кучињата барем некој се грижи.

Европа нè врти околу малиот прст.
Тоа е директен доказ дека не нè држи в раце.

Ќе застанеме на нозе.
Само не знаеме каде ни се опинците!

Младите сè повеќе земаат партиски книшки,
а книгите ги фрлаат на буниште. Знаат дека само
така можат да станат петли во нашево буниште!

Кога ќе дојде ѓаволот по своето, ќе мора
да дојде со помошници. Има многу за носење!

За да живеете во рајот
некого мора да го турнете во пеколот.

Разликата меѓу еднопартискиот и повеќепартискиот систем е само во бројот на виновниците.

Нашата надворешна допломатија не е политички туку метереолошки феномен. Ветар и магла е.

Нашата драма има најмногу гледачи.
Тука и главните артисти се гледачи.

Животот станува сѐ поскап.
Самоубијците пронајдоа идеален начин за штедење.

Ќе најдеме излез од кризата.
Само да ја направиме Триумфалната порта.

Сега сум сигурен дека државата ќе одумре.
Расте температурата кај луѓето.

Некои луѓе се како крокодилите. Може да видите колку вредат дури откако ќе му ја одерете кожата.

Народот е сомнителен. Пак оди да гласа.

Нашиот човек е гладен како куче.
Затоа секогаш трча по оној кој му ветува коски.

Порано луѓето беа здрави, па беше:
Око за око, заб за заб!
Денес е: леќа за леќа, протеза за протеза.

Чекајќи го Гуливер станавме Лилипутанци.

Да беше Исус Македонец ќе беше сѐ уште жив.
На на нашиот човек не му пречи кога го распнуваат!

Ги учевме децата да си ја гледаат работата.
Затоа сега се без работа.

Благодарам на прашањето. Јас сум здрав и жив – закопан!

Ако е Атлантида навистина потоната,
тогаш повторната средба со неа е наша реалност.

Во мојата земја може да се роди секаква будала.
Ама не може секоја будала да биде министер.

Народот сака да има чист воздухот.
Мора од нешто да се живее.

Моите пријатели, што ги дочекував со полна софра
никогаш не користеа нож, туку јадеа само со раце.
Ножот го чуваа за да ми го заријат во грбот!

Крематориум е место каде ги горат мртвите.
Живите ги горат – во државава.

Марко Крале имаше неколку видови на буздогани.
Ние само два – Леви и Десни!

Оние што не знаат да лижат носат излижани гаќи.

Ние сме послушни човекојадци.
Се јадеме меѓусебно само по партиска директива!

Секој Македонец би требало да има коза.
За да има среќен сосед!

Сè се претвори во политика, освен политиката.
Таа си остана – курва!

Нашиот човек може да молчи колку сака.
Ама, цревата први ќе прозборат!

Најголемиот вол обично има и најголеми мадиња.
Кај луѓето е обратно!

Идентификација на нашите мртовци
е направена уште за време на изборите.

Нашите луѓе редовно одат на задушници.
Тука и мртви гладните можат да се најадат како живи луѓе.

Турците први го измислија данокот.
Нашиве само го усовршија.

Оние што го цицаа народот поминаа на повисоко ниво.
Сега ја цицаат државата.

Животот стана многу тежок.
Испадна дека на умрените им е најлесно.

Животот на нашиот човек има два дела:
Предгробен и овој, гробен!

Нашиот Водач има поминато и сито и решето.
А, попатно, нè помина и нас!

Каква сте тоа мафијашка фамилија,
кога немате ниту еден член од фамилијата на власт?!

Нема повеќе дворски будали. Сега има политички!

Имаме просрпски, проалбански,
пробугарски ориентирани...
и промакедонски дезориентирани граѓани!

Полицаецот е обичен човек.
Пендрекот му служи само за контакт со народот.

Овците обично се или бели или црни.
Само овчарите се секогаш – црни.

Гладниот човек не разликува власт од опозиција.
Нему сите му се – опозиција!

Ако е точно дека власта го расипува човека,
тогаш на власт ќе мора да ставаме стока.

Точно е дека деланката не паѓа далеку од пенушката.
Ете, мене ми падна трупец за пратеник.

Мене секоја капа ми е мала.
Затоа што ми ги кројат по нивна мерка.

Нашите големци имаат контакти и со оној свет.
Крадат и од мртвите.

Нашиот Водач е културен човек, си ја гледа само
својата работа. Баш му е гајле како живее народот.

Од Него и Господ би изгубил.
Ѓаволски способен човек е!

За народ кој е во пеколот нормално е
Водачот да им е некој како Луцифер.

Изгледа дека во минатиот живот бев куче.
Со оглед на тоа како се хранам сега.

Денес од пишан збор никој не се плаши.
Освен ако е тужба, пресуда, налог од извршител..!

Некои министри никогаш немале контакти со овци.
Сега им се посреќи!

Храната станува сè поскапа.
Чини повеќе отколку оној што ја јаде.

Комарците почнаа да си замислуваат дека се власт.
Ни ја цицаат крвта.

Во државната каса почна да никнува трева.
Тоа е знак дека народот може да почне да пасе.

Кремирање не доаѓа во предвид.
Живи ќе нè пеплосаат.

Па што ако е кандидатот зелен?!
Идеален е за министер за екологија.

Слободата е срамежлива. Зато се крие од народот.

Гладувањето е светски процес,
ама само ние станавме кожа и коски.

Се мрднавме од умот затоа што не мрднавме од место.

Во анкетите народот стои добро.
Во стварноста е паднат на колена.

Не знаев дека имаме оружје за масовно уништување.
Сè додека не ја избравме новата влада.

Гладните се без срам. Дури се и голи и боси!

Кај нас сè уште никој нема умрено од глад.
Тоа е долг процес и затоа мора да бидеме стрпливи.

Нашиот брод е полн со глувци. Затоа за народот нема место.

Око за око – јазик за промена на Уставот!

Во Библијата ќе сретнете само еден Јуда.
Ако сакате да видите други Јуди,
гледајте собраниски канал!

А има и граѓани кои умираат од чиста мира.
Од каде се гледа дека кај нас и мирот е смртоносен.

Дијагноза: Македонец! Лек: Странство.

Кај нас нема терористи уфрлени од страна.
Нас власта нè тероризира.

Не гладуваме бадијала. Сити има сè помалку.

Наместо на хартија афоризми пишувам и по ѕидови!
Власта ми донира четири ѕида.

Науката потврди дека лебот може и да се јаде.
А не само да се гледа!

Нашите соседи не сакаат да ни објават војна.
Ги чекаат резултатите од внатрешните борби.

Заради високите цени, во самопослуга влегувам
четириножно! Така не можам да паднам од нозе!

Нашите бесмртници живеат само до крајот на мандатот.

Денес се најадов на мртво. Бев на закоп.

Изгледа дека Македонецот е од танталовата лоза!
Само негов потомок може да издржи вакви маки.

Од пустината прават оаза, баш во време
кога им е најпотребно! За време на изборите.

Во контејнерот пронајдовме маж и жена.
Што е доказ дека тие се место за идеален брачен живот.

Не можеме да извезуваме памет.
Паметта одамна не е наш стратешки производ.

Поразите нè челичат. Затоа сè уште не сме за старо железо.

Нашите пратеници не се безлични.
Имаат и по неколку лица.

Го фатив комшијата на спиење.
Додека тој спиеше, го пребарував контејнерот.

Кога би бил овчар, овците би ги молзел секој ден.
Исто како што прават со народот.

Во случај на граѓанска војна,
во неа треба да учествуваат само вработени!
Така ќе се отвораат нови работни места.

Законот го имаат во малиот прст.
А го заверуваат со палец.

Малку недостасуваше па да почнам редовно да јадам.
Ама, владата не падна!

Јас сум еколошки човек. Џебот ми е чист.

Сите граѓани во државата се граѓани од втор ред.
Од прв ред се – Тие!

Народ сме што многу заборава.
Заборавивме дури и каде ни е иднината!

Кога гладниот ќе се прејаде, му се слошува.
Затоа никој не сака да го нахрани гладниот.

Ако ѓаволот ниту ора ниту копа,
тогаш по професија мора да е политички работник!

Ни продадоа евтина демократија.
Затоа сега скапо ја плаќаме.

Онаму каде секој ден се раѓаат нови закони,
државата умира секојдневно.

Водачот неодамна изјави дека вечно ќе владее.
Од тој момент порасна побарувачката на пасоши.

Не е лошо што пратенициве имаат еротски чувства.
Лошо е што ги реализираат врз народот.

Ме навредуваат на милитаристичка основа.
Велат дека сум глуп како тенк!

Не може жито без какол, како и народ без политичари!

Кај нас сè е правилно распоредено.
На сите страни се краде рамномерно!

Мојот сосед има долго паметење.
Го памети и името на првата коза!

Носи само лакирани чевли, бидејќи газеше по мртовци.

Денес мора да напишам убиствен афоризам за власта.
Затоа што веќе утре може да ме снема!

Немаме робови. Ама, системот е истиот.

Исчезна чесен и познат новинар.
Беше и единствениот што го имавме.

Народот го дочека Водачот со она што го доби од него.
Со леб и сол!

Благодарение на питачкиот стап
нашите слепци безбедно нѐ доведоа до бездната!

Политичарот заљубен во себе
води љубов со говорницата.

На нашите крадци не можам да им симнам капа.
И неа ми ја украдоа.

Луѓето од власта работат како кртови.
Во подземјето се.

Сукањето е македонска судбина.
Додека едните сукаат ракави, другите сукаат мустаќи.

Оние што грабаат за себе како луди,
народот го сметаат за мутав!

Што ако имаме државни функционери
на кило, кога кантар не ги мери?!

На овие простори заедно со векови живееле христијани,
муслимани, католици... Заедно почнаа да умираат
откако се појавија политичарите!

Некои наши функционери се идеални
за суровина во чевларската индустрија. Како ѓон се!

Македонското собрание е еднодомно,
ама затоа некои пратеници имаат и повеќе домови!

На народот му е страв да лајка!
А камоли – да лае!

Од година в година гробот ни е сè помал.
Место не нè собира.

За да можат да живеат како бубрег во лој,
мораа на луѓето да им ја извадат маста!

Дури кога почнаа да тонат помислија на земјата.

Афоризмите за власта ми се хорор.
На неколку места дури и се тресев од страв!

Не може да заигра мечка пред нашите врати.
Нема толку мечки!

Ќе мора да се менува Дарвиновата теорија.
Во безрбетници ќе мора и нас да нè вбројат.

Ние немаме духовен татко.
Затоа ни се нудат сеништа на минатото.

Направивме иновации и во театарската уметност.
Нашата најголема драма ја режираат политичарите.

Нашите претци немаа потреба да ги научат буквите.
Во тоа време победниците ја пишуваа историјата.

Има луѓе кои цел живот не виделе работа.
Луѓето таквите неправедно ги сметаат за слепци.

Иднината на нашите деца е загарантирана.
За неа гарантира државата која одумира.

Имаме најевтина храна во регионот!
Под услов да се храните во собраниското бифе.

Се држат за функциите како куче за коска.
Ќе ја пуштат, само за поголема!

Штета што порано немало фото-финиш!
Сега сите тврдат дека први дојдоа на Балканот.

Орвел беше во право:
Тука секоја стока би сакала да дојде на власт!

Народот нема пари ни за лек.
Што е доказ дека кај нас само болните немаат пари.

Мора да им дадеме потврда дека не се нормални.
Така ќе имаат оправдување за ова што го прават!

Кај нас нема случаи на тврда столица.
Луѓето се испосеруваат од страв!

Заради заштеда во домашниот буџет,
моравме да ги уништиме буба марите! Носат гости.

Треба да ми дозволат да читам афоризми во собранието!
Таму и онака се читаат секакви глупости.

Нашата земја е како Пандорината кутија!
Најдолу остана – народот.

Претседателот глуми хермафродит.
Се замислува дека ни е и мајка и татко!

Некои закопи се бесплатни.
Тоа се оние закопи кога народот ќе ве закопа.

Google е светски интернет пребарувач.
Сиромавиот е македонски пребарувач по контејнери!

Пензионерите внимаваат на гулабите.
Одвреме-навреме ја контролираат
температурата во рерната.

Од алчност ни за трговци не нè бива.
Најскапото го продадовме најевтино!

Угледајте се на Ѓаволот!
Нему не му пречат нашите пеколни години!

Имаме: Наши, Ваши и Нивни судии! Немаме – Народни.

Голема Албанија, Голема Србија, Обединета Македонија...
Кај Балканците само Мозокот е – Мал.

Јас би умрел за татковината, ама, ако може,
на македонски начин! На рати.

Тешко е да се разликува нормален од ненормален крадец!
И едниот и другиот тврдат дека се патриоти.

Сонуваме дека живееме во нормална држава.
Затоа не ни се станува.

Што ако министерот купил диплома?!
Важно е дека не ја украл.

Нашата влада е сѐ појака и појака.
Го нема тој кредит што не може да го подигне.

Секогаш кога се подготвувам за јадење
му се молам на Господ. Да имам што да јадам.

Луѓето ги поделија на Нивни и Наши.
Затоа никаде не можеда се најде Свој човек.

Сизиф сигурно бил Македонец.
Само будала како нас може да работи без плата!

Нашите ноеви направија радикални промени.
Наместо во песок, главите ги пикаат во задник!

Има разлика меѓу тркалезна и шведска маса.
Оние од тркалезната маса повеќе јадат.

Најмногу доверба имам во политичари
кои зборуваат глупости! Секој збор им е на место.

Порано Господ беше Водач.
Денес Водачот е Господ!

Оние што живееја од големи идеали,
ќе изумрат од мали пензии и плати!

Ние и шах да играме ќе се надеваме
дека со коњ ќе ја добиеме партијата!

Судбината на Македонецот е целиот живот да крпи.
Или гаќите или газот!

Ниту Годо не е ништо поарен од ЕУ!
И на него ќе се изначекаме.

Тешко се одредува квалитетот на нашите будали.
Совршенството нема мерка.

Гробарите добиваат мито од народот
само кога закопуваат политичари.
За да ги закопаат што подлабоко.

Мртовците се најсложните гласачи.
Сите гласаат како – за еден!

Селаните црпат искуства од политиката.
И тие ги ставаат воловите на чело на ралото.

Политичарите не се глупави луѓе.
Да беа глупави, не ќе можеа да се прават толку паметни.

Во земја како нашата, правдата не мора да ја барате на суд.
Можете да ја купите кај кој било судија.

Кога лаже на Пинокио му расне носот.
Кога Овие лажат им расне – сметката!

Водач без мозок живее како нормален човек.
Само што вечно ќе ни остане во сеќавање.

Политиката е најдобар очен лекар!
Како слепци влегоа, со четири очи излегоа.

Од подземните структури само кртот
е прогласен за непријател на земјата.
Останатите се – непријатели на народот!

Уште малку па на нашата химна ќе нема кој да стои.
Младите ќе одат да стојат на туѓа химна.

Дури кога ги разгледавме работите од сите страни
утврдивме дека најлошите се – горе!

Чесниот човек нема од што да се плаши.
Освен од сиромаштијата.

Орвел е идеален за наш премиер!
А и министри за неговата фарма ќе му избереме.

Оние што ме влечеа за нос, сега ме влечат – за јазик!

Народните непријатели не се со народот.
Во институциите се.

Велат дека татковината се брани со знаење.
Затоа не успеавме да ја одбраниме!

Политичарот е поголема штеточинка од кртот!
Кртот земјата ја рие одоздола, овој од горе.

Липицанерите се најдобрите парадни коњи.
А и нашиве липицанери не се за потценување.

Порано имавме и братство и единство.
Ама, две добра не одат заедно!

Не ми пречи да ме прогласат за бесмртен.
Само барем гробот да ми го копаат што подоцна.

Нашиот мед е многу поскап.
Тука на една пчела доаѓаат и по два-три трута.

На народот лебот сè почесто му влегува в глава!
Затоа што ретко му влегува во мевот.

Кочијата се движи онака како што трча првиот коњ.
Затоа, да не ве чуди зошто нашата кочија стои.

Диоген човек бараше со свеќа.
Денес се модернизиравме, човек бараме со снајпер!

Не треба да му направиме ДНК тест.
Признаваме: Ние го родивме.

Полесно ми е кога се на радио отколку на телевизија.
На радио барем не ги гледам!

Нормално е што нашиот циркус работи нерентабилно.
Тука кловновите ги прават сметките.

Нашите избори добиваат третман на несреќен случај
со фатални последици. Прегазен е народот.

Водачот се спротивстави на теоријата на Дарвин.
Остана Мајмун.

ТВ-Дневник гледаат само оние
што имаа петки во дневникот.
Повторувачите си го гледаат бизнисот.

Таткото јадеше сув леб за да може синот да дипломира.
Денес синот ја продолжува традицијата на јадење леб.

Порано луѓето чуваа стока. Сега се чуваат од стоката!

Не може да се каже дека гладуваме.
За еднаш дневно се наоѓа нешто!

Тешко на оној народ на кој го му се дебелеат
само политичарите! Значи, таму работата е – тенка.

Љубовта не познава граници. Луѓето ја сакаат
татковината, ама повеќе сакаат леб да јадат.

Тука можат да живеат само жирафите!
До гуша сме во лајна.

Секој ден подигнуваме тешки кредити.
Му докажуваме на светот дека не сме килави!

Не е никаква навреда ако за некого кажете
дека е – Стока неписмена! Не постои писмена стока.

И кај комшијата игра мечка. Ама, нашата е подебела!

На нашите мршојадци не им требаат крила.
Народот им помага да летаат во височини.

Нашите мртовци дишат.
Само живите не можат да дишат.

Државата одумира! А и народот има слични симптоми.

Народот секогаш пред изборите се чувствува
како да е на интензивна нега! Сите го посетуваат!

Кредитите ги подигнуваме поради голема нужда.
Затоа што немаме ни за тоалетна хартија.

За нашата државна каса не може да се каже дека
е празна како гроб. Гробот кога-тогаш ќе се пополни.

Имаме повеќе гласачи отколку жители.
Тоа е доказ дека некои гласачи воопшто не се живи.

Мојата земја со векови е на истото место.
Само што парите ги однесоа на друго место.

Има разлика од свиња до свиња!
Некои свињи гровтаат, а некои даваат изјави.

Анализата покажа дека за победа на изборите
нема доволно мртви гласачи! Затоа, секоја помош
од страна на народот е добредојдена.

Ерекцијата е очигледен доказ дека
во план им е да го задоволат народот.

Гладот доби нозе! Сега побрзо оди од куќа в куќа.

Лесно му беше на Гете да побара: Повеќе светлина!
Тогаш немаше струјомери.

Кај сиромавиот конецот делото го краси.
Особено кога ги крпи гаќите.

Македонија ми е сè што имам.
А имам и уште една тегла ајвар.

Убаво е кога зборувам сам со себе.
Прекрасно е чувството кога зборуваат двајца генијалци.

Свеста кај нашите луѓе е на многу ниско ниво.
На ниво на обичен гласач.

За младите кадри сите врати се отворени.
Освен тапацираните.

Ако Бирото за вработување формира партија,
гарант победува на изборите! Има најмногу членови.

Слепите не можат без стап.
А и нашиве Слепци плачат за стап!

Нашата Тајна вечера веќе не е тајна!
Сите знаат дека јадеме она што не е за јадење.

Не можеме сите криминалци да ги ставиме зад решетки.
Од каде толку решетки?!

Не дај Боже странските банки да ни пратат извршители.
Ќе мора и народот да ни го запленат.

Демонстрантите не смеат да бидат незадоволни од владата.
Да не беше таа, ниту тие ќе беа демонстранти.

Едвам чекаат да нè спасат!
Затоа прават сè што можат за да настрадаме.

Додека едни гореа за татковината,
другите пепел ја направија.

На нашиот слеп Водач не му требаат патокази.
Нему други му го покажуваат патот..

Не е проблем што сме неколку години зад Европа.
Проблем е што годините се – светлосни!

Нашите млади се како бумеранг
од македонско производство. Не се враќаат!

Новата влада треба да биде составена од вегетаријанци!
Инаку, пак ќе го јадат народот.

Нашите граѓани немаат намера
да го одбегнуваат гласањето.
Ако треба и мртви ќе гласаат!

Владата штеди максимално.
Целиот народ го смести во еден гроб.

Ако крадењето е 90% работа, а само 10% талент,
тогаш нашиве политичари се работливи луѓе!

Пред црковните икони луѓето ставаат онолку колку
што имаат. Пред политичките, колку што ќе им побараат.

Уставот ќе го сменат по европски курс.
Само не знаат: во домашна или странска банка?!

Оние што пасат не се до скарата.
До скарата се оние кои направија народот да пасе.

Што ако немаме дворски шутови?!
Политичкиве се идеална замена.

На гласање треба да одат само ветеринарите.
Тие најдобро ќе знаат каква стока ни треба!

Нашето дно е рај! Таму се голите.

Вегетаријанците се најидеалните луѓе.
Ова можат да ви го потврдат животните.

За малку ќе изберевме паметна влада.
Ама паметните на време побегнаа од Македонија!

Таман научивме да чекориме,
оние што летаат нè натераа да лазиме!

Пратеникот за кого гласав испадна дека е обичен вол.
А пред изборите ми се фалеше дека е посебен.

Што ќе и е на владата четиригодишен мандат?
Успеа да го сотре народот уште во првата година!

Не е важно кој е Првиот.
Важно е колку има после него, исти како него.

Тука крадат само народните непријатели и лакомите.
Останатите се во занемарлив број.

Мали зелени има само во вселената.
Кај нас Зелените се Големи!

Лошата власт служи за јакнење на меморијата.
Народот со векови ќе ја помни.

Немојте да тврдите дека змијата нема нозе. Нашата има!

Доказ дека имаме мазохистички гени:
од двете зла секогаш го избираме поголемото.

Поубаво ќе поминевме ако нè бомбардираа.
Вака, државава ни е како бомба да паднала!

Европа немаше земјата да ни ја третираат како брбушка,
ако не бевме овци.

Стана верски зависник. Краде од олтарите.

Овој народ нема шанси да влезе во историјата.
Ама затоа има големи шанси да влезе – во пеколот.

За олку мал народ имаме многу голема демократија.
Затоа ни ја кратат.

Гладот е природна работа.
Неприродно е кога некој ќе се најаде како стока!

Конечно најдов соговорник рамен на себе.
Почнав да зборувам сам со себе.

Требаше да си купат диплома од ветеринарниот факултет!

И народот може да биде крава за молзење.
Ако за водач има Вол.

Времето на Каин и Авел беше налик на денешново
– немаше Судски систем!
Затоа Каин мораше пресудата да ја донесе со стап.

На билбордите може да се рекламира секаква стока,
а кога ќе дојде време на избори – и политичка.

Неправедно е кога политичари ги споредуваме со тикви!
Тиквите немаат пуштено толкави корења во земјата.

Кај просечниот Македонец пронајден е алкохол во крвта.
Од каде нему крв?!

Барем на сопственото лекување ќе заштедеа.

Власта ќе го поднови народот.
Купи нови пендреци!

Еден ден и тука ќе има услови за живот.
Кога наместо попаметните, ќе попуштаат будалите!

Нашата кола не може да ја влечат било какви коњи.
Мора да се избрани!

Кој не знае да пуши, брзо згаснува!

Сиромашните најмногу слушаат турбо-фолк музика!
Така најлесно го прикриваат кркорењето на цревата.

Порано Џандар збира беше игра со карти.
Денес, игра со луѓе!

Во турско време немаше телевизија.
Народот знаеше дека живее лошо, па креваше востанија.

Покрај природните имаме и вештачки вошки.
Второве самите си ги селектиравме.

Баш сме неорганизирана држава.
Каква е таа народна кујна ако нема пиво?

Кога Лидерите на партии организираат
тајни вечери на менито им е народот!

А кога на Нострадамус му понудија премиерско место
– одби. Сме биле многу непредвидлив народ!

Дајте ни некоја химна без зборови.
Кој будала пее на вакво време?!

Да не беше бездната сѐ уште ќе тапкавме во место!

Калигула не успеа да го изберат за Премиер!
За него гласаше само еден коњ.

Ако е точна онаа народна, прост народ силна држава,
тогаш ние треба да сме многу силна држава.

Нормално е да не знаат колку имаат украдено.
Тие крадат без мерка!

Не е точна констатацијата:
Каде се парите таму се и политичарите.
Еве, политичарите се кај нас, а парите никаде ги нема.

Ова личи на корида! Само што во коридата
ги мачат биковите, а тука – народот.

Телевизорот е како некогашните вечерни училишта.
Полн со неписмени.

Мравки по подот има само во куќите на богатите.
Кај сиромасите ни трошка леб не паѓа на подот.

Македонецот има заборавено кога користел нож за месо.
Или срка манџа, или боде макарони.

Почнавме да го градиме нашиот пат кон иднината.
Да ги споиме сегашноста и Пеколот.

Неговата смрт беше проследена со скриени чувства.
Народот вешто ја криеше радоста.

Утре ќе прогласат ден на жалост.
Денес го дотерувам нишанот од снајперот.

Напорно е да се јаде три пати на ден.
Треба да се пребараат неколку контејнери.

За малку ќе добиев признание од народот.
Ама, за влакно го промашив.

Власта дозволува дијалог.
Секој може да зборува – сам со себе.

Мафијата нема потреба да се организира.
Има регуларни избори.

Знам дека Водачот лаже штом ќе зине.
Јас му ги пишувам говорите.

Секогаш кога ќе се наведнеме пред непријателот,
го добиваме она што го заслужуваме.

Живи нè закопаа, бидејќи предвреме
нè запознаа со задгробниот живот.

Ние и понатаму би ја користеле главата,
ама повеќе нема ѕидови за рушење.

Немавме среќа да ја утврдиме причината за неговата смрт.
Попрецизно кажано: Немавме среќа водачот да умре!

Во нашата земја нема дискриминација.
Нема разлика меѓу локална и државна будала.

Нема потреба да инвестираме во споменици.
Инвестициите и онака ни станаа споменици.

Водачот, пред да стапи на функција, е човек од народот.
А потоа... повеќе не е човек!

Кај нас и ѕидовите имаат уши.
Со нив е заокружен нашиот информативен систем.

Оние што крадеа паметно, сега живеат убаво.
Така докажаа дека паметта и убавината
можат да одат заедно.

Математиката покажа
дека треба да го смениме аголот за влез во ЕУ!
Мора да се наведнеме за 90 степени.

Правдата е слепа. Ама на син плик отвора четири очи.

Во балканските војни ние бевме тотални победници.
Луѓето ова не го знаат бидејќи историјата
ја пишуваат победниците.

Државната химна или се пее или се исвиркува.
Во зависност од тоа дали се интонира
во чест на спортист или политичар.

За иднината на земјата мора да се разговара
на сите нивоа од власта. А не само во подземјето!

Колективна еутанузија се врши во строго одреден период.
На секои четири години.

Болните се иднина на нашите непријатели.
Проблем е што болните се нашите водачи.

Јас би сакал да го сменам светот,
ама понудата е ограничена. За Овој ми го нудат Оној!

Не знам кој беше во Тројанскиот коњ,
но нашите тројански коњи ги знам по име и презиме!

Кога имавме заеднички кенеф – помалку с.ревме.

Полицијата би требала да го регулира
движењето на народот. Да се знае кој треба
да се движи на слобода, а кој во затворите!

И власта и опозицијата се оптимисти.
Песимизмот му го оставија на народот.

Ќе бидам и јас на насловната страница.
Само да го погодам водачот.

Проблемите на народот не вредат ни пет пари!
Затоа никому не му се исплатува да ги решава.

Нашиот народ не е мирољубив како што се мисли.
Нон-стоп води војна со сиромаштијата.

Водачот прифати да биде учесник во коридата.
Сега се чекаат доброволци за тореадори!

Кој вели дека сме свињи,
да даде Господ од исто корито да јаде помија со нас.

Правдата не може да победи.
Бидејќи неправдата тренира секојдневно.

Порано молчењето беше злато.
Денес дебело се плаќа ако лаете против некого.

Од државата направивме аквариум!
Народот молчи како риба во вода.

Лесно ќе препознаете пензионер кој вчера
примил пензија. Денес по цел ден ждрига.

Благодарение на питачењето
луѓето сè почесто си подаваат рака.

Не сакам да пишувам за луѓето од власта.
Достоевски ќе ме тужи за плагијат!

Оазата е секогаш во пустина.
Само нашиве направија пустина во оаза.

Пендрекот ги спаси полицајците.
Инаку ќе мораа со голи раце да нè тепаат.

Бидејќи музиката нема граници,
младите со песна ја минуваат границата!

Немојте да кажувате лоши работи за Хитлер.
Сè уште не сте го виделе нашиот...

Порано тиквите растеа на нива.
А од појавата на политиката и – на рамења!

Јапонците знаат и да умрат на работното место.
Ние Македонците не сме толку суициден народ.

Порано луѓето фрлаа цвеќе по другарот Тито.
Сега народот по другарите со задоволство би фрлал бомби!

Нашите политичари се луѓе на иднината.
Памет ќе им дојде дури после десетина години!

Покрај влада во сенка добро би било да имаме и
– влада зад решетки!

Моравме да го спуштиме нивото на љубезност.
Повеќе не се исплатеше да ги бакнуваме в образ.

Ги рехабилитиравме сите жртви на минатиот режим.
Сега подготвуваме нови жртви!

За кадровската политика виновен е Калигула.
Тој прв почна!

Стајлингот можеби не ни е проевропски.
Ама шишањето ни е европско!

Го познавам секој Камен на оваа земја.
Затоа што редовно гледам собраниски канал.

Не е проблем тоа што министерот купил диплома.
Проблем е што не купил и памет.

Волците се сити, ама овците не се на број.
Отидоа во Германија, Австралија, Канада...

Кризата може да ја почувствуваат само интелигентни луѓе.
Затоа во владините редови – нема криза!

Ние знаеме како треба да се живее.
Ама, едно е теорија, а друго пракса!

Луѓето се позагадени од воздухот!
Од луѓето не можам да дишам.

Способните ги гледаме на дело.
Неспособните на билборди.

Да се угледаме на шахистите!
Тие до последниот потег се борат за својата партија.

Некогаш џелатите носеа качулки.
Денес вратоврски!

Тешко е да се избере нормална влада!
За тоа требаат нормални луѓе.

Благодарение на неговите папагали
знаеме што зборува водачот кога е сам!

Многу работи функционираат како по лој!
Особено во коалицијата на власт.

Родени се за порно глумци!
Секоја минута ги менуваат ставовите.

Тешко сликар да направи портрет на водачот.
Нашиот водач има повеќе лица!

Ако е убавината минлива, зошто не нè одминат
оние на кои им е толку години убаво?

Рибите не отвораат уста во вода.
За разлика од сомовите по канцелариите.

Во трката самиот со себе постигнувам солидни резултати.
А имам време и да одморам.

Народ кој ќе прифати свињи да го водат, ќе јаде помија!

Црквата и политиката одамна се одвоени.
А тоа што Владата го моли Бога да помогне
околу кредитите, само е момент на финансиска слабост.

Почнаа да бегаат како црковни глувци!
А мислевме дека си имаме работа со стаорци.

Мечките повеќе не играат пред наша врата.
Отидоа пред вратата на Собранието!

Политичарите да не ги ставате во иста ќелија
со останатите криминалци.
Ќе ги расипат, по принципот, со кој си таков си.

Како дете и тиранинот имаше примерно поведение.
Лошотилакот си дојде со функцијата.

Чесните полицајци имаат полни раце работа.
Нечесните – полни џебови!

На мафијата на власт ние и го направивме патот.
Обичните мафијаши мора сами да си го пробиваат патот.

Водач без своја глава си игра
со главите на сопствениот народ!

Демократски е кога од државата ќе направите тоалет.
Тоа значи дека секој ќе може да с.ре каде што ќе сака!

Египетските мумии се обвиткани од глава до пета.
Нашиве мумии се само смотани!

Коњот понекогаш знае да биде опасен. Еве, нас нѐ матира!

Најдобро е да нè опее поп со џип!
Така најбрзо се стигнува до Господ!

Не можеме да воведеме веронаука во училиштата!
Боговите се менуваат од час во час.

Некогаш питачите спиеја под мостовите.
Сега спијат и во сопствените куќи!

На закопот на високиот функционер
сите мораа да стегаат уста! Им доаѓаше да запеат.

Што ви пречи што е министерот шуплив?!
И шупелката е шуплива, па функционира.

За малку ќе ја добиев главната премија.
Ама, ми го одбија барањето за азил.

Треба да изградиме политички систем
по примерот на септичките јами!
Таму сите лајна се рамноправни!

Изборите се единственото натпреварување
каде публиката трча, а играчите чекаат на резултатот!

Нашата минута молчење трае со векови!

Интелектуалци што молчат
еднакви се со будалите што зборуваат глупости.

Нашиот министер е долга личност!
А кога не ползи, и висока.

Македонците и Албанците
имаат различни обичаи при закоп. Ама, имаат ист гроб!

Наместо држава изградивме циркус. Затоа е нормално
што наместо државници имаме циркузанти.

Секаде лудите политичари ги раѓа мајка.
Само кај нас ги раѓа народот!

Од две зла моравме да ги одбереме и двете.
Не можеме да функционираме без претседател и премиер.

Нашите политичари не се дркаџии.
Тие со прст не мрдаат, а камоли нешто со рака да фатат!

Англија ќе не тужи за плагијат!
Направивме држава копија на Монти Пајтон.

Оние што живеат подобро од народот,
не живеат со народот!

Изградивме држава каква што нема никаде.
Дури ни тука ја нема!

На паметниот и еднаш му е доста.
Затоа сѐ повеќе паметни јадат само еднаш на ден.

Кој политичар ќе вети дека ќе ги задоволи сите граѓани,
или е лажго или сексуален манијак!

Да се намали бројот на државни функционери!
Психијатрите не можат да прегледаат толку пациенти!

Можно е православни и муслимани да бидат
закопани во заеднички гроб! Таков е случајот
со Македонците и Албанците во Македонија.

Идеална држава треба да е налик на пчеларник!
Само со еден трут.

Оние што на народот му ветуваат подобар живот,
живеат во телевизорот!

Тука брат на брата не удира без причина.
Мора да има барем една педа земја за делење!

Направивме пустина. Сега не можеме да испливаме.

За рибите не знам зошто молчат?!
За нас, знам – Македонци сме!

Сиромаштијата е последица на незнаењето.
Тука е сиромашен само оној што не знае да краде!

Коњот што го имавме за трка покажа расплодни квалитети!
Си го оплоди капиталот.

Немаме потреба од Закон за крадење.
Кај нас оние што крадат се Закон!

Имаме повеќе криминалци отколку политичари.
Затоа некои криминалци мора да работат
и како политичари!

Во целиот свет гробиштата се на највисоките места.
Само кај нас на највисоко се – и Гробарите!

Децата ги учевме да бидат мирни како бубачки.
Затоа денес вошки ќе ги изедат.

Луѓето не јадат редовно,
затоа што редовно немаат што да јадат.

Од нашиот гроб не се излегува со скала. Туку со пасош.

Никој во светот нема младина како нашата.
Па мораме од нашата да му праќаме на целиот свет.

Ќе бевме сплотени како тупаница.
Ама, оние што ни го даваат средниот прст,
прават проблеми.

Чесниот човек е идеален за кловн.
Нему и онака сите му се смеат.

Во светот на болните, здравите имаат многу мали права.
Може само да гласаат!

Порано на криминалот покажувавме само со показалецот.
Сега не ни стасува ниту цела рака.

Народот не разликува басна од бајка.
Иако ликовите од басните им раскажуваат бајки!

Нашите будали се совршени!
Ни Господ не ќе може подобри да направи.

Не можеме на бандера да ги обесиме
сите што крадат. Немаме толку бандери.

Болните за власт не одат на лекар! Таквите одат во партија.

Политиката покажа дека Македонецот е анатомски
совршен човек! Може да функционира и без мозок.

Не е проблем ако е човек глупав.
Проблем е ако е интелигентен, а гласал за некој поглупав!

Во циркусот мајмуните возат велосипед.
Во политиката – џипови!

Паметните кои на време отидоа, сега пијат виски.
Останатите пијат греана ракија!

Што му е гајле на светот што пола народ ни е неписмен?!
На нив и онака им ја праќаме другата половина.

Гладниот Македонец е човек на иднината.
Ќе се најаде или утре, или задутре.

Нема потреба да глумиме лудило.
Тука лудилото е реалност!

Еутаназијата да се стави на позитивната листа на лекови!
Гарантирано лечи од сите болести.

Македонијо, кажи дали си ми мајка или татко.
Да знам од кого да те бранам – од курви или од педери!

Ако сите сме една голема фамилија,
тогаш некој ќе мора да одговара за – семејно насилство.

Политиката изгледа ја открија генијалците.
Само на генијалец може да му текне,
како без работа да се наполни со пари.

Македонец никогаш не прави коалиција со Македонец!
Две добра никогаш не одат заедно.

Целна група на партиите се и мутавите.
Во земја како нашата, тие се фактор за победа на изборите!

Да беше Тито жив, умрените не ќе гласаа.
Ќе беа мирни, како во гроб да се!

Лајната секогаш испливуваат на површина!
Ако не верувате, почекајте ги изборите.

Подобро да го укиниме Бирото за вработување.
Партиите повеќе вработуваат.

За нашата младина Сонцето бадијала изгрева на Исток!
Нив сонце ги грее само на Запад.

Немаме одлив на мазохисти. Тука им е најубаво.

Не сака да ги меша државното и приватното,
па затоа не скандира – Долу влада!
Неговата жена е швалерка на министерот.

Нашиот кодош секогаш е во топ форма!
И без да го прашате, знае што да ви одговори.

Во земја во која повеќе се продаваат куфери отколку
мед и млеко, има повеќе трутови отколку пчели.

Среќни се оние што немаат мозок!
Барем не ги боли главата.

Имаме зголемено производство на демагогија,
благодарение на нашите мајстори на својот занает.

Имаме повеќе цркви отколку факултети!
Народот повеќе верба има во Господ
отколку во дипломираните.

Владата е повредна од црквата! Црквата организира
поединечни закопи, а владата масовни.

На почетокот беше зборот. А кога видоа дека
не се разбираат од збор, прозборе пендрекот.

Сизиф не успеа. Немаше партиска книшка.

Чукањето празна слама е само вежба.
Чукање народ е она вистинското!

Политичко правило:
Кој ќе стигне до целта, веднаш станува мета.

Да не беа глувците мачките ќе беа технолошки вишок.

Кога се јаде не се зборува.
Народот зборува затоа што нема што да јаде.

Македонецот не може да биде стоногалка.
Тој и за две нозе едвам купува чевли.

На младите не им помага ни очила со поголема диоптрија.
Не гледаат никаква иднина во Македонија.

Во собранието може да се слушне и по некој паметен збор.
За среќа на нашите непријатели – многу ретко.

Откако им влезе демократијата, граѓаните изгубија невиност. Оние што крварат денес вчера беа невини!

Земја која има поголем морталитет отколку наталитет, нормално е да ја води Мртовец!

Во земјата на слепите денот и ноќта имаат иста боја.

Парите не одат кај чесните. Две добра не одат заедно.

Изборите се прават во театар
во кој има повеќе публика отколку седишта!

Луѓето сè почесто одат на гробишта.
Тоа е пример на интерес за иднината.

Еднаш се живее. Освен ако не ве изберат за пратеник.

Полесно се влегува во власта отколку во мафијата.
За влегување во мафијата треба квалитет.

Некогаш книги читавме како луди.
Според неписмените, денес книги читаат само лудите.

Претседателот и премиерот се први луѓе!
Само што Ева и Адам покрај себе имаа помалку змии.

Како во животот така и кај геј парадата:
на оние во последните редови
секој може да им го види газот.

Мртовецот е член на семејството сè додека не го закопаат.
А потоа е член на семејството
на Државната изборна комисија.

Сортата кај кучето можете да ја одредите
и според храната што ја јадат.
Едните јадат коски, а другите – кавијар!

На пазарот има сè повеќе академски граѓани.
За жал, позади тезгите на пазарчињата.

Странскиот фактор ќе ни помогне да тргнеме напред.
Без оглед на тоа што е амбисот пред нас.

За да ја видите правдата мора да заспиете!
Неа можете само да ја сонувате.

Кој не верува во живот после смртта
нека умира полека.

Главата требаше да ни служи за мислење.
А не – да му ја мислиме.

Чесните никогаш нема да владеат.
Да можеа да владеат, немаше да бидат чесни.

Нашиот човек никогаш на гласање не оди гладен.
Тој гладува во годините после гласањето.

Не сме свињи! Во кал сме од политички причини.

Не е македонски ако ја подигнеме свеста на повисоко ниво.
Тогаш ќе мораме да се однесуваме
како цивилизирани луѓе.

Тоа што е народот незадоволен, не е од еротски побуди.
Туку од политички.

Се раѓаме со главата напред.
А умираме поради тоа што Задникот ни е напред.

Бадијала е што и гласањето и сексот се тајни.
После кратко време ќе се види што сме направиле.

Благодарение на басните ги запознавме животните.
А благодарение на политиката и ги почувствувавме.

Оние што го направија пеколот живеат во рајот.

Не мора сите пратеници да бидат паметни.
Ќе имаат координатор.

Во душевните болници нема да се спроведе гласање.
Доволно е што ние ќе гласаме.

Магаре не може да стане пратеник.
Ама, обратната варијанта е нашата реалност!

Бадијала се жалите дека никогаш не било полошо!
Мазохистите тврдат дека живеат во рајска земја.

Контејнерите да ги прогласиме за хуманитарни центри.
Спасија повеќе луѓе отколку државните реформи.

Претседателот на државата и премиерот мора да се богати.
Инаку што ќе помисли светот
за останатите луѓе во државава?!

Човек кој тргнал од дома кон гробишта,
на вистинскиот пат е.

Народе, има излез за вашата мака. Излезете од кожа.

Денес нашиот претседател отвори уста!
Беше на забар.

Дете кое вози џип нема потреба да научи да оди.
Ни нивните татковци не одеа, туку лазеа.

Народе, ситуацијата е под контрола.
Нѐ контролираат и Америка и Русија.

Сѐ повеќе доктори одат од земјава.
Тука болните имаат поголеми плати од нив.

Ако Никола Тесла беше политичар ќе немавме ни струја.

Благодарение на нашата влада ја изградивме
најголемата народна кујна на Балканот.
Во неа има место за два милиони гладни.

Најголемите глупости ги правиме во политиката.
Нека знае светот каде се нашите најголеми мајстори.

Тито најпрвин лежеше в затвор,
а потоа ја водеше државата. Сега редоследот е обратен.

Да не се џиповите и мерцедесите луѓето не
ќе знаат кои се во власта, а кои во опозиција.

Порано поубаво се живееше.
Ама денес поубаво се умира.

Откако почнав да зборувам сам со себе, сѐ помалку лажам.

Нашите криминалци се транспарентни.
Секое министерство има портпарол.

Мора и ние да направиме сериозна влада.
Инаку целиот свет пак ќе ни се смее.

Земјата стана капела. Сите сме како мртовци.

На чело на кочијата секогаш се става најсилниот вол.
Во политиката не мора да е најсилен...

Сиромасите немаат финансирано ничија кампања.
Затоа во собранието нема кој да ги брани.

Малку треба за да се помине од рајот во пеколот!
Само оставка.

И во партиите е како во религијата.
Од господ зависи дали ќе станете ангел или ѓавол.

Ќе ни направат влада со политичари без памет.
Тоа е првиот услов да имаме народ без гаќи.

Пред изборите политичарите си ги вадат очите!
Затоа после како слепци не водат.

Крст украсен со злато, сребро и драгоцени камења
– не е наш крст!

Водачот носи само панталони со големи џебови!
Да може во нив да го стави народот.'

Во власта треба да има и неколку будали.
Инаку, со кого ќе ги оправда резултатите од работењето.

Ако во власта влезат наши луѓе,
тогаш во неа гарант ќе има и некоја будала!

Некои наши политичари мижат кога зборуваат!
Инаку, луѓето по очите ќе им познаат дека лажат.

Тешко се забораваат сите наши успеси.
Иако не можам да се сетам за да ги набројам.

Не само што тврди дека е бесмртен,
туку сака и доживотно да владее!

Секогаш сме имале странски окупатори.
Денес кога ги немаме,
традицијата ја одржуваме со домашните.

Не поделија на патриоти и предавници!
Остатокот е секогаш на власт.

Нормално е што имаме врвни кардиолози.
Во срцето на џунглата сме.

Јас би го дал животот за татковината,
ама ако ми вети дека потоа ќе имам подобар живот!

Ние сме слободна земја. Тука и крадците се на слобода.

Во власта повеќе нема слепци.
Благодарение на тендерите – прогледаа!

Најлесно се краде од луѓето со плитки џебови.
За длабоките џебови сè уште нема толку долга рака!

Турците владееја пет века бидејќи тогаш немало
сметки за струја, вода, парно... Инаку би дигнале востание.

Гладните ги нема во преамбулата на Уставот.
Затоа власта не ги ни смета за луѓе.

Водачот ќе оди побрзо ако добие трета нога.
По можност – во газот.

Поради оние што нè закопаа два метри под земја,
не мрднавме ни милиметар.

Ако не ни донираат кредити за плати и пензии,
многу граѓани ќе мораат да донираат органи.

Да го сликаме водачот за спомен.
Да се потсетиме поради кого сега може да се сликаме.

Психијатрите се луѓе на иднината!
Нашиот систем им создава услови за тоа.

Владините одлуките ќе се печатат на тоалетна хартија.
Со нив и онака може само газот да си го избришеме.

Паметни се оние што на време си ја продадоа душата.
На таквите не им ја вадат.

Во владата мора да има и геј министри.
Инаку зошто би не примиле во ЕУ?!

За гладните нема пишани правила како да гладуваат!
Владата дозволи слободно да импровизираат.

Во депресија можат да паднат само паметни луѓе.
Затоа не можете да видите депресивен политичар.

Нема разлика меѓу писмен и неписмен!
Особено ако има партиска книшка.

Дедо му беше носител на Партизанска споменица од '41.
Тој е носител на Зимско палто од '91!

Телевизорот труе подобро од арсеникот!
Затоа народот сѐ повеќе купува телевизори.

Форензичарите не можат да завршат работа ни за цел век.
Во прашање е еден цел народ!

Грав во петок, зелка во среда. Останатите денови
народот може слободно да јаде – грав или зелка.

Државата не може да го уништи криминалот.
Тоа би било рамно на самоубиство.

Ако е гробот недвижен имот,
тогаш е нормално што Македонија не се движи.

Моите афоризми се како нашите политичари.
Од дваесет избрани само еден е за фалење.

Незадоволството од врвот не се шири рамномерно.
Се шири само надолу!

Образованието ни е само 50% успешно!
Пола дипломирани се неписмени.

Новата влада не ќе мора да ни ветува планини и долини.
Ги имаме од старата.

Не можам да дојдам на ред кај психијатарот.
Чекалната е полна со бивши функционери.

Влада се прави за добро на народот.
Само кај нас за добро – на министрите.

Што ќе ни е кредибилна влада?!
Ние ќе опстанеме само со – кредитна.

Партиите се како фудбалските клубови.
Играчите се полнат со пари, а навивачите си вадат очи.

Политичар не може да биде и чесен и невин.
Две добра не одат заедно.

Не можеме да правиме влада само од чесни луѓе.
Каде да најдеме толку чесни?!

Добрите како леб немаат ни за сол.

Разликата меѓу овој и оној свет е само во патните трошоци.

Чесните политичари ги чуваме за подобри времиња!
Кога ќе нема што да се краде.

Новата влада ќе биде како винтијага со две лица.
Па кој како сака нека ја врти.

Некои политичари мора да ги патентираме!
Само ние може да произведуваме вакви будали.

Младино, останете тука. Ќе нема кој да ја спушти завесата.

Министер не може да води јавна куќа.
Таму нема местење тендери и избирање партнери.

Нашите влади се како Ин витро оплодување!
Никогаш не се знае кој им е татко!

Како да им плукнам под пенџере
кога имаат вила на три ката?!

Многу паметни ја напуштија земјата.
За наша несреќа, меѓу нив нема ниту еден политичар.

Добро е што патриотите даваат сè што имаат.
Лошо е што немаат ништо.

Црквите и џамиите се за верниците.
За неверниците имаме државни институции.

Нормално е болните да не стануваат од кревет.
Само кај нас не стануваат од фотелји.

И нивите почнаа да ни завидуваат.
Нас подобро нè обработуваат.

Поважен ни е квантитетот отколку квалитетот.
Наместо златна рипка избираме сом.

Свеќата одигра важна улога во нашата историја.
Неколку пати ни се угаси.

Нашите пиромани пред изборите
се претставуваат како пожарникари!

Дадов донација за црква.
Спечалив откога на власт дојдоа Ѓаволите.

Афористичарите се домаќини луѓе!
Штедат и на букви.

Народните пари отидоа во хуманитарни цели!
Повеќе немаме сиромашни министри.

Новата влада ќе мора да отвори јавна куќа.
Инаку каде ќе работат оние што ќе останат без функции?!

Бидејќи сум и луд и збунет
ги исполнувам условите да се самозадоволувам!

Владата ужива најголема доверба кај народот.
Затоа народот најчесто се собира пред нејзината зграда.

Министерот како мал крадеше кокошки.
Денес, ја оскуба државната каса.

Криминалците треба да имаат бенифициран стаж.
Покрај редовните активности,
мораат и во владата да работат!

Претседателот ни ја врати насмевката на лицето.
Се гледа дека е голем зафркант.

Само оние што јадат три пати на ден,
знаат дека Господ три пати помага!

Тргнав по стапките на министерот.
Не можев понатаму, ме запреа истражните органи.

Болниот политичар не пие лекови.
Му ја пие крвта на народот!

Нас треба да не води чесен и паметен Водач.
Ама, Уставот не дозволува двајца да нè водат.

Станавме весела куќа.
Дури и мечката почна да игра пред нашата врата!

Ја пикнаа главата во газот.
Сега барем знаат каде им е газот, а каде главата.

Невработените се најкорисни граѓани. Најмалку грешат.

Имаме лош образовен систем.
Има луѓе кои сè уште не научија да крадат.

Министрите нон-стоп живеат под стрес.
Кај нас крадењето е стресна работа.

Гласајте за промена на пелените. Овие се усрани!

Претседателот доби црвен картон од народот.
Затоа што го исфрли од игра.

Оние што не знаат каде да се вработат,
ги знаат сите гранични премини.

Младите не сакаат да мислат како првиот.
Првиот воопшто не мисли.

Никој не може да ни го скрши ’рбетот. Ние ’рбет немаме.

Имаме најмногу муви по глава на жител.
Секој си има мува на капата!

Некогаш поповите водеа љубов по манастирите.
Тогаш имаше кози.

Не ни требаат пушки. Устата ни е најсилното оружје.

И Господ знае каде се живее најубаво.
Затоа се смести – Горе.

Во времето на Марко Крале немаше Интернет.
Затоа сега имаме приказни
за многу поголеми јунаци од него.

Полоши од оние со мува на капата,
се оние со муви во главата.

Не можеме да направиме квалитетна јавна куќа.
Најдобрите курви отидоа во политиката.

Треба да изградиме фабрика за оптика.
Имаме повеќе слепци отколку очила.

За малку ќе направевме држава со сите органи.
Само ни недостасуваше – мозок.

Кај нас нема атентати врз политичари.
Атентати се прават врз луѓе.

За нашата земја најмногу се борат оние што
немаат ништо. Оние кои имаат – се изборија на време!

Луѓето умираат онака како што живеат. Како пилци.

Нашиот Наполеон живее во вилата на Водно.
А Света Елена му е Собранието.

Премиерот и претседателот се како Робинсон Крусо
и Петко! Можат да владеат само на пуст остров.

Да пробаме со ситни риби.
Со сомовиве заглавивме.

Ако полицијата чуваше кога треба,
сега не ќе требаше да чува.

Афоризмите му се толку едноставни
што читателите помислија дека авторот е прост!

Сексуалната ориентација на покојникот
лесно ја утврдивме. Беше збунет покрај толку луди.

Прднав, и без преведувач сите ме разбраа.
Значи, не е до јазикот, туку до органот.

Предизборниот молк треба да трае година дена.
Колку да се одмориме од ветувањата.

Криминалците се луѓе со педигре.
Да не речам – кучиња!

Повеќе јадеме отколку што сереме.
Дефицитот го надокнадуваме со увоз.

Корупцијата ќе влезеше и подлабоко.
Само што немаше место од митото.

Власта без последици ја пцујат само оние што немаат заби.
Ако имаат – ќе им ги искршат.

И незнајковци почнаа да крадат!
Не знаат ни колку украле.

Нашите Тирани ги закопуваме во Алејата на великаните.
Ете, колку големи Тирани имаме.

И стадото има предводник. За разлика од луѓето,
кај нив волот сам се изборува за Лидер.

За жалење сме поради оние од кои што цел свет ни се смее.

Да ги вратиме Турците. Тие нѐ набиваа само на колец.

Душата ја продаваме по фабричка цена.
За купување на големо – даваме и попуст.

Некои политичари се подобри од кучињата! Повеќе лаат.

Ова не се последни будали.
Во нашата земја континуирано се раѓаат.

Празниот фрижидер може да ви обезбеди неколку пензии! Само ако може да го собере покојниот дедо.

Македонија е на сите граѓани.
Само буџетот е на неколку министри!

Или е Македонец или Едип.
Друг не би си ја е.ел мајката!

Мртовецот секогаш е најдобар
човек на закопите!? Сите го фалат.

Ни се расипа фотокопирот.
Инаку немаше да има човек без диплома.

Нас можат и будали да нè водат.
Да водиш вакви како нас, не треба многу памет!

Импотентните и во политиката користат иста техника.
И државата ја сакаат само орално!

Благодарение на изборите
полуписмените стануваат најписмени!

Нашиот брод може и да лета и да нурка!
Само не може мирно да плови.

Ќе бидеме лидери во регионот.
Само да ја преживееме кризава!

Паметниот пишува а будалиот памти.
Ние, фала му на Господ, имаме силна меморија.

Нашата иднина е во компјутерите!
Во нив се води евиденција за секој
што избегал од татковината.

Истражните органи најдоа дупка во буџетот, голема
како дувло! Не влегоа внатре, за да не ги изеде мечката.

Надежта секогаш умира последна.
Само кај нас нешто и се брзаше!

Кога Господ ми помагаше јадев три пати на ден.
Сега, благодарение на власта, јадам секој третти ден.

Знам дека зеленилото ги одмора очите.
Затоа секој ден гледам во сликата на претседателот.

Кој се школувал во подземјето не му гине врвот!

Филмската продукција беше во криза.
Благодарение на собранието, сега добивме и хорори.

Лесно е да се биде среќен!
Треба само да замислиш дека не живееш тука.

Нема светло на крајот од тунелот.
Тунелот ни е во подземјето.

Националното јадење не можеме ни да ви го покажеме.
Овие сѐ изедоа!

Мандатите на претседателите треба да бидат доживотни.
Дури тогаш атентатите ќе бидат исплатливи.

Од оние со пилешки мозок,
младите добија крила!

Народот ги направи најголемите изборни авто-измами.
Сам се лаже!

Кај нас царот и питачот се една те иста личност!
Тука царува, а од странство питачи кредити.

Нам од секогаш газот и главата ни биле на иста линија.
Уште од времето кога нѐ набиваа на колец.

Докажавме дека праксата е поважна од теоријата.
Некои и без дипломи станаа доктори за крадење.

Нормално е народот да не ја чувствува кризата
во владата. Народот со владата нема никаква врска.

Претходница на молотовите коктели
се државните коктели!

Коските на Македонецот тежат повеќе.
Во неговите коски влезен е и стравот.

Ако се суди според изгледот, имаме шанси за опстанок.
Само половината од граѓаните изгледаат како мртовци!

Перењето мозок е можно само кај оние луѓе
што немаат мозок.

Водачот има идеален психолошки профил!
Токму за научни истражувања.

Надежта умира последна. А овие што чекаат
да умрат после неа, се само мала група на оптимисти!

Постигнавме виден напредок. Станавме од лоши полоши!

Вампирот-политичар не се плаши од глогов колец.
Туку од реизбор.

Нашата национална трагедија
на светската сцена ја најавуваат како комедија.

За да има тиранија не е доволно да се има Тиранин.
Туку и негови приврзаници!

Воената парада ќе ја направиме во најголема тајност.
За да не забележат дека немаме војска.

И незрелите може да се занимаваат со политика.
Некои од нив успеваат да влезат и во владата!

Колку повеќе ви го стега вратот, толку ви е поголема
потребата давителот да ви стане пријател.

Претседател на држава не може да биде
последна будала. Туку само прва.

Никој не станал историска личност,
ако барем еднаш не умрел за татковината.

Ако не можеш да ги измолзеш овците,
не ги носи на пасење.

Народот дури откако ќе си го избере пријателот
добива непријател!

Да не беа биковите
никој не ќе знаеше колку вредат тореадорите.

Политиката и на змиите им даде крила.
Затоа толку високо летаат.

Не треба да ни ја опишуваат нашата бездна.
Добро ја знаеме, сами си ја конструиравме.

Ќе ни се исполнат сите желби.
Уште да уловиме јато златни рипки.

Во партиската програма
немаат ништо напишано за крадењето.
Затоа министрите со практични примери ја надополнуваат!

Кадрите од подземјето избија на врвот.
За тоа мораа долги години – да роварат.

Нема шанса ова да е кражба на векот.
Овој век само што започна!

Обично вредните како мравки, како мравки и се хранат.

Секој нов Лидер прави нов пат.
Затоа народот не знае кој пат да го фати.

Нашиот Водач не се плаши од импотенција.
Особено ако не му се дига народот.

Попаметните не ме цитираат!
Или афоризмиве ми се глупи, или нема попаметни од мене.

Човек не може да ја разбере македонската политика.
За среќа, тие се во многу мал број.

Купената диплома треба да гарантира и работно место!
Никој не е будала да купува диплома бесцелно.

Нашата криза достигнува до два метри длабочина.
До каде што има луѓе!

Дали ќе јадам лајна и за новата влада?
Ако серат – ќе јадам!

И во кафез со мајмуни да ги ставиме, ќе станат Лидери.

Криминалците имаат повеќе телохранители
и од премиерот и од претседателот.
Тоа е доказ дека вредат повеќе!

Арамиите не ја читаат владината програма.
Тие ја составуваат!

Добро е што имаме толку сиромашни.
Инаку ќе нема кој да ги чисти контејнерите.

Граѓаните имаат голема куповна моќ.
Нема некој што нема купено дипломи?!

Порано за диплома одевме на факултет.
Сега може да се добие и во добро снабдена трафика.

Не ни даваат уста да отвориме.
Ако треба и со инфузија ќе нѐ хранат.

Народот се подели на Наши и Ваши.
А слуга е Нивни!

Погрешија со водење на народот.
Наместо да го изведат на пат, го изведоа на улица.

Нова влада не е сериски убиец.
Во наредните четири години ќе се стекне и со оваа титула.

Македонија е на вистинскиот пат!
А и душманите го тврдат истото.

Од двете зла треба да го избереме помалото.
Затоа на изборите има два круга.

Народ кој не сака да биде подобар,
не заслужува да живее подобро.

Менувањето влада е како менување гаќи!
Ги симнувате валканите, за да ставите нови.

До Собранието треба да има и црква.
Ако не ни помогне власта, барем Господ да ни помогне.

Нема разлика меѓу куче и оној што ја изгубил власта.
Лаат по оној што им ја зеде коската!

Добро е што се менуваат на секои четири години.
Сизиф истата работа со векови сам ја работеше.

Никој не може да купи чесен политичар. Нема таков.

Во нашиот циркус хиените се главни ѕвезди.

За да се сокрие, на 'рѓата и одговара секоја боја.

Паметниот лесно испаѓа будала.
Од будалиот тешко да излезе паметен.

Поради оние што изедоа сè, народот јаде во народни кујни.

Народот даде сè од себе. Затоа остана гол и бос.

Се покажаа како одлични дресери.
Од луѓето направија животни.

Над гробот на оние што паселе тревата расне побрзо.

Паметниот лесно испаѓа будала.
Од будалиот тешко да излезе паметен.

Во политиката, за разлика од земјоделието,
да не беше ѓубрето, ќе имавме повеќе.

Нашите најпаметни луѓе не се занимаваат за политика.
И со тоа докажаа дека се паметни.

Луѓето од власта треба да ги менуваме на секој саат.
Така ќе немаат време да се расипат!

Да не е собраниското бифе некои пратениците
нема уста да отворат во Собранието!

Имаме тешки политичари. И на Господ му тежат.

Во случај на војна народот ќе мора да донира чевли.
Не може нашата војската боса да се бори!

Какви коњи сме, може да се утврди
и според тоа какви јавачи избираме.

Никој повеќе не смее да се меша во судскиот систем.
Таму веќе сè е испомешано.

Власта можете да ја критикувате само во четири очи.
Пред огледало!

Во сиромашна фамилија најгладниот е кукавица.
Страв му е да побара репете!

Калуѓерите се среќни луѓе.
Козите не бараат алиментација.

Тој што јаде грчка салата, српски кајмак,
суџук или трилече... не може да биде националист!
Стомакот не му дава.

Тие отидоа предалеку затоа што ние тапкаме во место.

Наш национален симбол е сламката.
Толку пати ни го спаси животот од давење.

За да не ни го следат секој чекор, тапкаме во место.

Нормалните народи се држат за законот.
Ние, за сламката.

Политиката не може да ги подели вошките.
Кај нив сѐ уште владее единство.

Порано сончогледот беше индустриска билка.
Сега е политичка!

Групниот секс е прва вежба за правење коалиција.
А потоа искуството се практикува врз народот.

Големите криминалци си ја откупуваат слободата.
Малите, ја продаваат.

Политичарот не знаат дали е подобар големиот
или малиот мозок. Ни едниот ни другиот не му работат.

Знамето покажува од каде дува ветрот. Ама не и – кој дува!

Демократија ќе биде кога ќе можеш
да јадеш онолку колку што немаш сега.

Кај нас парада може да направи само голман!

Тешка е нашата разделба, порано беше народна песна.
Сега, политичка реалност.

Мораме да се китиме со туѓи перја. Нашите ни ги оскубаа!

Дури кога скокнаа во бездната, сфатија
дека немаат распишано тендер за падобрани.

Избраниот нема да биде последна будала.
Кај нас се раѓаат како на фабричка лента.

Лакомите најлесно го наоѓаат вистинскиот пат.
Затоа и доаѓаат на власт!

Работиме на долги патеки.
И сперматозоидите ги задолживме.

Политичките говори го воздигнуваат народот
на седмо небо. Тоа го може само уште сексот!

Колку е длабока провалијата зависи од тоа
дали сте скокнале сами или – некој ве турнал.

Штом ќе добијат крила,
младите мораат да летаат кон странство.
Во нашиов воздушен простор нема контрола на летање.

Сандак кинески, венец турски,
блага пченица холандска со бугарски шеќер...
Важно е дека го закопаа по православни обичаи!

Народ кој со отворена уста ги слуша говорите
на политичарите, очекува прехранбена реторика.

Тамам заборавивме како изгледа гладот,
почнуваат да нè потсетуваат!

Нашата мака не може да премине на друг.
Другите си имаат избрано квалитетна влада.

Мора да постигнеме македонско национално единство.
Па ако треба и да ги снема оние што мислат поинаку.

Има разлика меѓу болни и нездрави. Болните имаат
здравствена, а нездравите и партиска книшка.

Преносите од собранието треба да го уверат
народот дека криминалците не се само на улица.

Како нашите претци така и ние, копаме за да преживееме!
Претците по нивите, ние по контејнерите.

Кој доби државна цицка гарант има дадено газ под наем!

Па што ако спиеме цел живот,
ние на сите сме им пријатели?!
Само непријателот никогаш не спие.

Угледајте се на лудиот и збунетиот.
Колку се трудат да си удоволат еден н друг.

Кинескиот хороскоп е најточен.
Во него сите луѓе се животни.

Душата е како и пријателите!
Кога ти е најтешко – те напушта.

Почетокот на криминалот, горе-долу, е познат.
Почнува од горе.

И нивните претци ги набиваа на кол.
Денес тие само ја зачувуваат традицијата.

Ние сме народ кој може и да јаде и да не јаде!
Во зависност од тоа дали има или нема.

Држава која од глупаци прави стручњаци,
ќе добие Нобелова награда!
Нашата земја прва аплицира на конкурсот.

Мачканите со сите бои нѐ завиткаа во црно!

Во нашава пустина не може да се направи влада во сенка.
Во сенка е народот.

Господ и Ѓаволите никако да се договорат!
Господ им даде две раце, а Ѓаволите крадат со четири.

Додека сиромасите градат држава,
богатите градат куќи.
Затоа некои куќи се поскапи од државата.

Наместо кредитите, во претходниот период
ги репрограмиравме само – турските серии!

Тиквите не грицкаат семки. Се хранат со морски плодови.

Малите Македонци, во однос на големите,
се необразовани. Не знаат да крадат!

Богатите патриоти лажат кога велат дека
Македонија им е в душа. Таквите немаат душа.

Мора да направиме студија за аналниот отвор на Водачот!
Да утврдиме какви и колкави шупаци влегоа во власта.

Народот го закопаа оние што се колнеа
дека умираат за татковината.

Нашиот мртовечки сандак нема рачки за носење.
За полесно носење – ќе го поделат.

Онаму каде народот е со празни фрижидери,
власта треба да си ги пакува куферите.

Има разлика меѓу кодош и шпион.
Кодошот работи во граѓанскиот сектор,
а шпионот во државниот.

Само коњите се радуваат
кога ќе бидат јавните – од полесни!

Откако влегов во политиката раскрстив со религијата.
И фала Богу, не згрешив.

Македонецот е човек од органско потекло.
Затоа со мерак го јадат.

За разлика од полжавите,
лигавењето кај луѓето дава – побрзи резултати!

Ние Македонците сме толку толчени,
што и црвениот пипер ни завидува.

За разлика од останатите органи совеста ми е мирна.

Татковината ја одраа до гола кожа!
Само за да го нахранат народот со коски.

Бидејќи нема кој да умре за Македонија,
Македонија ќе мора да умира од нас.

Некои живеат од први до први,
а некои не можат да живеат од Првите!

Кај нас и врвен судија се продава за кило сирење.
Не можат да купат само оние што немаат ни за урда.

Лажните патриоти со радост ставаат цвеќе на оние
што загинаа за татковината.

Се крадеше и она што го немаме.
Се покажа дека нема што немаме!

Мртвите ги закопуваме на државно земјиште!
И онака од државата направија гробница.

Сиромав човек не може да умре од сончаница.
Него сонце не го грее!

Меѓучовечките односи се толку влошени,
што престанав да зборувам и сам со себе.

Да не се изборите народот никогаш не би бил
третиран како стока. Тогаш го купуваат на ангро.

Најпрвин слепците станаа луѓе,
а потоа од луѓето направија слепци.

Не ги ускладувајте операциите со термин листата.
Туку термините да си ги ускладите со курсната листа.

Во политиката не може да влезе човек без екстремитети.
Таму се краде и со раце и нозе.

Водачот го води народот како по жица.
Го подготвуваат за циркус!

Добро е што долги години во затворити има невини луѓе.
Да беа на слобода, нешто ќе згрешеа!

Јазикот е важен политички орган!
Што подолг јазик, толку поголема функција.

Идеалистите градат држава, а материјалистите вили!
Затоа поубаво живеат оние во вилите,
отколку оние во државата.

Во земјата на гладните ненаситниот станува Водач!

Душата ме боли за татковината.
А некои болката ја спуштија малку подолу.

Првиот чекор ќе ни биде најтежок.
А потоа... слободно ќе паѓаме!

Тешко на оној народ чија што сегашност
ќе стане славно минато на иднината!

Нашата земја е плодна почва.
Секоја криза веднаш фаќа корени.

Во социјализмот луѓето трипати се молеа
и имаа три оброка на ден!
Денес цел ден се молат барем за еден оброк да имаат.

Има разлика меѓу мечка и просечен Македонец!
Мечката живее во мечкина дупка,
а Македонецот – во финансиска.

Едни учеа од книги, другите учеа од грешки.
Денес оние што учеа од книги,
се учат од оние што учеа од грешки.

Гладот не чука на тапацирана врата!
Зад неа се глувтарите.

Народот не мора да јаде за да биде среќен.
Нека биде среќен ако има што да јаде!

Закопот не е исто што и седница на парламентот.
За разлика од седницата, на закопот мртовецот
задолжително мора да е присутен.

Универзална нација сме!
Мито примаме и со лева и со десна рака.

Судиите треба да носат костуми без џебови.
Така митото ќе мораат во газот да си го стават.

Поради политиката отидовме предалеку.
Им ископавме гроб и на децата.

Можно е во затворите да има и невини.
Тоа се оние што си го држат задникот до ѕидот.

Кај сиромавиот лесно се бројат залаците.
На прсти од едната рака можат да се избројат!

Гробарите добиваат мито само кога закопуваат политичар!
За да го закопаат што подлабоко.

Со генијалците нема дијалог. Секогаш се прават паметни.

Да се направи Список на оние што нѐ ограбија.
Па на сите да им вратиме – по Список.

Го поделија народот на два дела.
Па сега народностите одлучуваат!

Народно ослободителна војна беше во 1941 година.
И од тогаш не сме пробале да се ослободиме!

Во гроб се вртат оние што се бореа за народот.
Останатите се вртат од функција на функција.

Ги подготвив децата за светла иднина!
Им извадив пасоши.

Во држава која ја водат оние со зинат задник,
народот оди со зинати чевли!

Народ што плаче, а не знае зошто плаче,
уште долго време ќе плаче!

Избраните ќе летаат во облаци,
сѐ додека народот нѐ почне да грми.

Да не се умрените, тешко дека ќе најдеме
некого кој е човек на свое место!

Не е добро кога позади нашиот коњ се крева прашина.
Не можеме да дишеме.

Имаме будали за извоз.
Ама во светот нема будали кои би направиле увоз.

Благодарение на тоа што политиката е курва,
не остана невин политичар.

Отсекогаш мртовците ги закопуваме со скрстени раце.
Денес, со скрстени раце, мртовците нас нѐ закопуват!

Партиските ѓаволи од нашиот рај направија пекол,
па нашите анѓели мора да одат во туѓ рај.

Народот во погрешно време отвори очи.
Баш кога работата не е за гледање.

Во медицината поважен е мозокот од устата.
Во политиката е обратно.

Поради нашите мивки принудени сме
мозокот да си го врземе во крпче!

Животот се сведе на Copy и Paste.
А кај оние посреќните и на – Delete!

Кај сиромавиот човек конецот делото го краси.
Особено откако ќе ги закрпи гаќите.

Кој рече дека немаат муда?!
Зарем не гледате дека по цел ден си ги чешаат?!

И тука ќе имавме паметни луѓе. Ако не беа пасошите.

Ги потрошивме десетте божји заповеди,
па продолживме да ги почитуваме ѓаволовите!

Главниот јунак требаше да биде човек од бајките.
Ама партијата имаше кадар само од басните.

Од политички причини моравме да клонираме овци.
Инаку ќе немавме цензус за изборите.

Криминалот им оди од рака на оние,
кои во политиката се од мали нозе!

На Балканот го нема Диоген! Во бурето е барут.

За да станете добар волк треба да има добри овци!

Секој трет граѓанин краде; секој втор лаже;
а Првиот – и лаже и краде!

Државните функции се делат според квалитетот.
Затоа ситните крадци добиваат најмали функции!

Нашиот човек во секое време од годината е патриот.
Освен во пролет, лето, есен и зима!

Оние што ни ја убија волјата за живот,
наместо на потерници ги гледаме на билборди.

Оние што се борат со сиромаштијата
не може да бидат мирољубиви.

Народот има право да згреши,
ама тој правото го користи само на избори.

Едни на други си ги вадиме очите,
само за да имаме исти погледи кон иднината!

Има разлика меѓу Македонец и палачинка.
Палачинката се врти само еднаш.

Лесно се прави силна држава.
Доволно е само да се има – прост народ!

Повеќе не сме едно диво племе! Благодарение
на партиите, се поделивме во – повеќе племиња.

Сега е век на шпиони и кодоши!
Паметните и образованите ќе мора да го чекаат 22-от век.

Посигурни сме во затвор отколку на слобода.
На слобода има повеќе криминалци.

На гробарите треба да им плаќаме само
половина дневница. Само со едната нога сме в гроб!

Додека постарите играат на националната карта,
младите мислат на автобуска и авионска карта.

Потешко е да си шеф на влада отколку на јавна куќа.
Во јавната куќа никој не протестира ако не е задоволен!

Порано сонцето заоѓаше на запад.
Сега на петнаесетти во месецот!

Подобранот не му се отвори.
Неговите наследници ќе можат да го продадат како нов.

Претседателот е врховен командант на нашите воени сили.
Пази, просто да не поверува човек – Воени сили!!

Верувајте во Господ, а не во боговите.
Господ е еден, а богови има во секоја партија!

Народот го оскубаа како кокошка
затоа што нема – јајца!

Акушерските клиники треба да имаат и гатачки!
Да предвидат која да абортира, пред да роди политичар.

Гуслата не е наш народен инструмент.
Ама оние што гуслаат на говорницата, наши се!

И Господ греши! Најмногу им помага на оние
што не веруваат во него.

Господ од ребро направи човек.
Политиката отиде подалеку, од човекот направи ребро.

Тоа што Водачот оди по лош пат виновен е народот.
Тие му го трасираа патот!

Рушењето на историјата мора да оди постапно.
Најпрвин треба да се избере рушител.

Во држава во која крадењето е хит,
на народот му пеат приспивна.

Нашиот Водач живее како гроф!
Во цицањето крв и Дракула му завидува.

Нашата вистина скапо нè чини.
Најмногу трошиме на шминки.

Во земја на лавови, први рикнуваат оние што се без заби.

Плашливиот народ има оголемо минато отколку иднина.

Нашите славни претци одамна изумреа.
Инаку ќе имавме и славна иднина.

Некои комплексите си ги лечат со функции!
Сега имаат функционални комплекси.

Пченката покрај патот секогаш дава најголеми приноси.
По заслуга на патниците во автомобилите!

Луј Пастер мора да бил во нашата земја!?
Само во земја на бесни некому би му текнало за вакцина.

Кога колата оди по наудолница секој може да биде шофер.

Политиката и криминалот толку се испомешаа,
што народот не знае дали
гласа за политичари или криминалци.

Сончогледите ни ја извадија маста!

По принципот: Ќорава кокошка просо сонува,
народот се надева дека еден ден
ќе добие нормална влада!

Нормално е народот да бара да јаде,
бидејќи му даваат да јаде сè што не се јаде!

Ни ветија нов живот. Кога ќе ни заврши овој!

Имаме најдобри криминалци!
Да не беа тие ни приватизацијата немаше да ни успее.

Македонија е на сите што живеат тука.
За жал, тука не живеат сите.

Подигнав голем кредит. Сега ќе се килавам цела година.

Што ви е чудно што крадат како луди?!
Нели гледате дека не се нормални?

Ангели и Демони е дело на Ден Браун.
А и на македонската политика!

Подобро ние да ја пљачкосуваме Македонија
отколку туѓинците!
Така Македонија ќе остане пак кај Македонците.

Тука само мртвите знаат каде им е главата.
Малку погоре, под крстот!

Крадењето се одвива по Архимедовиот закон:
Држава потопена во криминал, олеснета е онолку
колку што истиснува млади во странство!

Од оние што се полни како брод,
може да нè спаси само Ноевиот чун!

Седниците на парламентот
треба да се одржуваат во пештера!
Само така ќе ме убедат дека се чесни како Исус.

Мојата совест е перверзна! Ме гризе на незгодно место.

Просечниот Македонец е како Бастер Китон.
На неговото лице нема насмевка, иако сите му се смеат.

Ако не го сместиме крадците во затворот
ќе останеме со крадциве во затворов.

Агрономите измислија разни видови пченица.
Народот најповеќе конзумира – блага пченица.

Последни зборови на губитниците: Дајте ни избори!

Не можеме да ги излечиме сите болни за власт!
Немаме толку државни функции.

Не се проблем невработените
кои не знаат што да прават со себе,
туку вработените што не знаат да работат.

Кога шутовите стануваат столб на демократијата,
тогаш собранието станува циркус.

Судбината на хартијата е да трпи сѐ.
А на народот... да ги трпи и пишувачите.

Вашата големина зависи од тоа дали гледате
со микроскоп, или ве гледаат низ микроскоп.

Повеќе пати сме спомнати во Библијата отколку во ООН.
Тоа значи дека повеќе му требаме на Господ,
отколку на Европа.

Им се вклопија политичките и еротските активности.
По заслуга на народот!

Нема правда во држава во која некој не јал како човек,
додека други јадат како стока!

Ова масло не е македонско. Сончогледите го увезоа!

Гласачката кутија и гробот имаат слична форма!
А и функцијата им е иста – некого да закопаат.

Народот е подготвен за геј парада!
Дури и го избра најголемиот Задник за предводник.

Благодарение на политиката и дедо ми живна!
Почна да се врти во гробот.

Кој умрел од глад веќе уште првиот ден е најаден!
Сите му принесуваат.

Волкот и Црвенкапа само во басната се непријатели.
Кај нас се во коалиција!

Избирајте градоначалници со големи уши и штрбави.
Да ве слушаат, а не да ве јадат!

Сеедно им е да дадат живот за татковината!
И онака татковината им го уништи.

Министерот е од нашето село.
Го знам уште опинок кога беше.

Политичарите се најдобри генетски инжинери!
Од луѓе прават мајмуни!

Во болниците болните барем се најадуваат како стока.
Храната им е како помија.

Направивме фото робот на криминалецот.
Плукнат министер!

Тука најдобро успеваат будалите. Ѓубрето им помага.

Нашата кола троши нормално.
Ненормално трошат – шоферите!

Има разлика меѓу Голема и Мала свиња!
Големата е на државна, а малата на локална функција.

Младите не можат да се решат
дали да одат на Запад или Исток.
Пијат и виски и вотка.

Промените треба да се прават од темел.
Проблем е што нашата држава нема темели!

Кога ќе станам претседател, секој граѓанин
за подарок ќе добие фото-апарат. За да може да се слика.

Слободата на говорот ја прилагодивме според ушите.
Нашите уши не се навикнати на високи тонови.

Плеј-бекот најдобро го искористија гавраните.
Пред народот пеат како славејчиња!

Го подигнавме интелектуалното ниво.
Порано извезувавме пипер и патлиџан, а сега – памет!

Сè додека ни е поважно личното од државното,
државата нема на ништо да личи!

Долго време го работи она што најдобро го научи.
Ништо не работи.

Наша хортикултура: Корените останаа во земја,
а гранките даваат плодови во странство.

Македонија нема никогаш да умре.
Освен ако не ѝ извршат еутаназија.

Оние што крадеа планираа нешто и да донираат!
За закоп на државата.

Благодарение на пасошите
народот легално дезертира од земјава.

Не ми пречи цензурата.
Моите дела и онака никој не ги чита.

Хомер може да ни е претседател. Ист е како сегашниов.

Неписмените се подискретни од писмените.
Оставаат помалку пишани докази!

Собираме храброст за претстојната борба.
На донаторите однапред им благодариме!

Јас знам дека ништо не знам. И Сократ ми завидува за ова.

Традицијата ни е во крвта. Со векови сме бескрвни!

Нашиот човек е како грамофонска плоча!
Час се врти на една, час на друга страна.

Само што се навикна народот на сиромаштија, кога...
Оп, нова влада, со нови ветувања!

Не знаев како се размножуваат глодарите.
Сè додека не ги видов избирачките листи!

Нема потреба од прислушни уреди.
Нашиот човек редовно си ги мие ушите!

Некои поразот го прославија дискретно.
Да не им завидува победникот!

Најголеми патриоти се оние кои го знаат само
македонскиот јазик. Таквите и да сакаат
не можат да мрднат надвор од Македонија.

Водачот нема ни мравка згазнато.
Освен ако не ги сметате оние што се вредни – како мравки.

Денес владее Водачот.
Законот ќе мора да почека поубави времиња.

Морталитетот е во границите на нормалното.
Ненормален ни е наталитетот.

Идентификуван е масовниот убиец.
Тоа е оној од билбордите!

Народот е осуден без сослушување.
Водачот нема време никого да слуша.

Кога е водачот изгубен случај,
тогаш народот си го добива она што го бара.

Глувците не го напуштаат бродот што тоне.
Сè уште им трае мандатот.

Заради оние што јадат кавијар, останавме и без ајвар!

И патот кон светлата иднина ни го прават со провизија.
Затоа никако да го довршиме.

Кој ќе ги отвори очите пред време,
тој нема да го догледа целиот филм.

Дивите мечки медот го собираат во шума.
Домашниве мечки до него доаѓаат преку тендери.

Бројот на жртви е поголем од бројот на жители.
Некои жители се жртви и на онаа и на оваа власт!

Конечно и политичарите постигнаа единство!
Сите лажат како Еден.

Крадците би го вратиле украденото, ако државата
гарантира дека нема други заинтересирани крадци.

Волкот влакното го менува од потреба.
Политичарите – од интерес!

Оние што се задоени со мајчино млеко
сега го цицаат прстот.

Ги модернизиравме и селата.
Сега и таму има сељаци!

Нашата куќа почнавме да ја градиме од покривот.
Затоа оџакот не ни чади!

На луѓето со памет, не им требаат функции.
Затоа на функции се луѓе без памет.

Мачканите со сите бои, не користат црна боја!
Ја оставија за мачкање на народот.

Насекаде стравот лозје чува.
Само кај нас е влезен во коски!

Да не беа врските со криминалците ќе немавме
ни врвни судии. Добивајќи мито – достигнаа врв!

Македонска кореографија: Чекор напред-два назад,
и стигнавме онаму каде што никогаш не сме биле!

Водачот ги спои убавото и корисното.
На народот му врзува машни.

Пропаста на светот не зависи од нас.
Нас ни за пропаст не нè бива.

За нив малиот екран е голема работа.
Од ѓаволи станаа анѓели.

Не извадија од памет оние без мозок!

Порано Македонија ги хранеше Македонците.
Денес – ги јаде!

Конечно станавме предмет на интерес на науката.
Нѐ посматраат!

За да бидеш нечие Горило,
мора од себе да направиш Мајмун!

Закопот на оние што нѐ задолжија ќе го правиме онака
како што ќе ги исплатуваме кредитите. На рати.

Крадењето се смета за врвна активност!
Затоа што најдобро крадат оние од врвот.

Богатите се секогаш на коњ.
Затоа останатите се чувствуваат како магариња.

Гулабот го оправда епитетот – гулаб на мирот.
Супата од гулабот ни ги смири цревата.

Ако е мртовецот поголем од гробот,
тогаш гробот е наменет за народот!

Оној што пие за да ја удави тагата, одамна е потонат!

Закон без дупка е како Библија. Наменет е само за чесните!

Злото не можеше да фати корења,
па мораше да влезе во луѓето.

Нам студеното не ни пречи.
Дури и ако го бакнеме претседателот во студено чело.

Слободата на говорот е дозволена само за вешти луѓе.
За оние што знаат да зборуваат од стомак.

Тенкови на нашата армија немаат гасеници.
Ама затоа се полни со бубачки, бумбари, гуштерчиња...

Партиите како гаќи ги менуваат оние што немаа ни гаќи!

Лошите вести доаѓаат од горе.
Затоа е нормално што се наменети за оние долу.

Нема шанси да ни изумре родот македонски!
Нас нѐ е.е кој ќе стигне.

Нормално е да крадат народни пари!
И крадците се дел од народот.

Чесен човек е како скелет од диносаурус! Тешко се наоѓа.

Идеална половина газ може да продадат
само оние со танга гаќи!
Тангата го делат газот на два еднакви дела.

Дека здравјето е богатство можат да го потврдат
само оние болни што фрлаат пари по доктори.

Инспекторот наеднаш оглуве,
кога виде кого треба да испрашува!

Кој сака да учи од грешки нека повели кај нас.
Ние имаме најголема издавачка дејност.

Гоце Делчев никогаш не ја напушти Македонија.
Затоа умре млад.

Партиската книшка е како анален лек!
Може да ви го спаси газот.

Кој ќе клекне пред да стартува,
трката ја завршува исправено.

Па, што ако младите одат во странство?!
И таму ќе остарат.

Човек кој не знае да мисли, кажува сè што мисли!

Нашата држава не може да стане пустина.
Во буџетот немаме ни за песок.

Закопот на државата ќе се одвива во најголема тајност!
Неа ќе ја закопаат Избрани гробари.

За заслуги во војната дедо ми доби орден со златен венец.
А оние кои не заслужија орден, му положија венец.

Пак имаме погрешна пресуда.
Наместо политичарите, во куќен притвор е народот!

Господ одбра човекот да потекне од мајмун.
Во потесна конкуренција беше и свињата.

Во народните кујни нема потреба од миење чинии.
Гладните сè излижуваат!

Оние кои крадеа паметно, сега живеат убаво.
И со тоа докажаа дека паметта и убавината
можат да одат заедно.

Другпат нема да изигруваме партизани.
Само окупирани можеме во Европа.

Па што ако е бездната пред нас?! Ние и онака назадуваме.

Попрво ќе станеме резерват отколку да не примат во ЕУ!
Европа сѐ уште нѐ смета за Индијанци.

Меморијата сѐ уште ме служи добро.
Во социјализмот, меѓу појадокот и вечерата имаше ручек!

Ни недостасува турското ропство!
Тогаш барем знаевме кој нѐ угнетува.

Изборите ја враќаат меморијата.
Тогаш на сите им текнува дека постои и народ.

Стравот ги сака луѓето кои се кожа и коски.
Полесно му е да им влезе в коски.

Обезглавениот народ никако да одбере глава по мерка.
Затоа други му земаат мерка.

Не сме потомци на Марко Крале! Тој ораше друмови,
а ние не можеме ни нивите да си ги изораме.

Собранието е ангелско кога нема никој внатре.
А кога ќе влезат пратениците, како ѓаволи да влегле.

Убавината на слободата може
да ја почувствуваат само поробените.

Кога претседател на партијата е камелеон,
тогаш и лавот мора да ја менува бојата!

Кредитот е на второ место за спас на луѓето.
На прво место сè уште е – јажето!

Некои луѓе живееја како грофови!
Сè додека не се замешаа психијатрите.

Платите не ни стигнуваата од први до први,
само поради Првиот!

На нашиот човек и мачките и кучињата му завидуваат.
Не само што има девет животи,туку и живее како куче!

Казната доживотен затвор е само за оние
што немаат пасош.

Тука квантитетот е поважен од квалитетот.
Затоа паметните никако да победат!

Онаму каде што е устата посилна од мозокот,
настрадува задникот!

Гробовите мора да ги намалиме.
Мртвите претераа со вртење во нив.

Има филмови во кој главниот јунак е слепец.
Таков е нашиот филм.

Во нашата земја никогаш немало диносауруси.
И ним им било јасно дека тука нема живот.

Со политичкиот егзорцизам ѓаволите можеш
да ги смениш, ама не и да ги истераш.

Власт која не знае да краде е безидејна.
А народот не е будала да гласа за безидејни!

За народот е подобро фудбалерите да станат политичари!
Тогаш народот ќе биде стручно шутиран.

Европа нѐ убеди дека не сме случај за жалење!
Ни се смее.

Во недостаток на мачки и глувци
играта мораше да продолжи меѓу народот и власта!

Постојат илјада патишта како човек да се збогати.
Ама политичкиот е – најкраткиот.

Исус живеел само од леб и вода.
Тоа е најдобар показател дека и тој бил Македонец.

Подготвени сме за Трета светска војна.
Имаме и бело знаме!

Наместо држава изградивме циркус, па е нормално
наместо државници да имаме циркузанти!

Порано Претседателот на државата беше бравар.
Денес браварите не можат ниту вработени да бидат.

Во полициска држава сите се чувствуваат безбедни.
Освен народот!

Сè уште никој нема видено заедно и среќно
да живеат лав и овца. А уште поретко власт и народ.

Еден ден секој Македонец ќе има факултетска диплома.
Тоа ќе биде денот кога никој не ќе знае ништо да работи.

Нашиот јазик изобилува со навредливи зборови.
Ама ни приближно онолку
колку што заслужува нашиот Водач.

Да не е Уставот народот би живеел многу поубаво.
За наша жал, според Уставотда имаме и влада!

Нашата несреќа е бесмртна. И нема крај!

Нашите политички фигури буквално и така се однесуваат.
Фигурираат!

Исак Њутн мораше Законот за сила
да го демонстрира на хартија. Тогаш немаше пендреци!

Многу тешко е да се избере нормална влада!
За такво нешто ви требаат и нормални луѓе.

Деца, учете за гробари ако сакате да ги наджавеете
другите луѓе. Гробарот секогаш ги наджавува
своите муштерии!

Нашиот човек целата плата ја троши на јадење.
А потоа ѓаволот му е виновен што нема пари ниту за гаќи!

Ние сме единствена држава
која од стоката направи луѓе, а од луѓето – стока!

Политичарите украдените пари ги кријат во странство.
Имаат информации дека тука се краде!

Од нашата земја со трчање бегаат само гладните.
Тоа е доказ дека со полн стомак не може да се трча!

Дури кога ни го сврте грбот, видовме каков Задник нè води!

Ако Кентауротот беше составен од половина коњ
и половина македонски политичар,
тогаш тоа ќе беше – комплетен коњ!

Живееме подолго од останатите народи.
Затоа нашата мака е – поголема!

Убаво би било до народните кујни
да се ставаат контејнери!
Луѓето би можеле и репете да добиваат.

Во мојата фамилија нема лажговци, крадци, политичари...!
Затоа едвај врзуваме крај со крај.

На оние што не се снајдоа во транзицијата,
сеедно им е дали сме кралство или циркус.
Кловн си е кловн!

Ако е точно дека е подобро да се спречи отколку да се лечи,
тогаш најдобро е да не излегуваме на гласање!

На силуваниот народ не му доаѓа умот!
Секогаш избира силувач без ум!

Кога јато чавки ќе ја помине државната граница,
тоа се вика одлив на мозоци!
Затоа што чавките ни го испија мозокот.

Нема пишани документи за нашите успеси.
Немаме паметни, а знаете дека паметните пишуваат...

Не може да заигра мечка пред секоја врата.
Немаме толку мечки!

Лошо е ако министерот нема компас!
Кога ќе дојде време, не ќе знае на која страна да бега.

Судскиот систем е како Светиот грал!
Кој го има – вечно ќе владее.

Историјата се повторува. Во почетокот на кариерата
и Хитлер беше претседател на партија.

Министер не може да пишува
за криминалот во нашата земја.
Тоа му доаѓа како да пишува автобиографија!

Го паметам по име и презиме секој што ме сексал.
Дури и мандатниот период им го паметам.

На народот нема кој да му попушти.
Не успева да избере паметни.

Што ќе ни се гаќи кога нон-стоп ни се спуштени?!

Живеам со своето мислење.
Ама, поубаво поминуваат оние што живеат со Неговото!

Благодарение на министрите
приватизацијата успеа стопостотно!
Сите министерства успешно се приватизирани.

Само Господ може да нѝ ја земе душата.
Другиве нѝ ја вадат!

Проститутките бесплатно ќе ви дојдат дома!
Само вклучете го собранискиот канал.

Телевизија гледам со газот свртен кон телевизорот!
Така со некои ТВ-новинари сум – лице в лице!

Владата во незгодно време побара да ги
збиеме редовите. Баш сега кога немаме гаќи!

Господ реши Земјата да ја направи пустина.
Ама каде баш од кај нас да почне?!

Нема ни теоретски шанси Достоевски да бил наш човек.
Македонец не пишува за идиоти, тој таквите ги гласа!

Нашата Ахилова пета не е долу. Туку – Горе!

Само што собрав пари за диплома, се променија условите.
Сега министер може да биде и неписмен човек.

Во целиот свет политиката е занает.
Само кај нас е – најстариот!

Црквите и џамиите се за верници.
За неверниците имаме државни институции.

Титаник и Македонија се две различни работи.
Титаник имаше капетан.

Црковните икони се минато време.
Народот сега клечи пред – политичките!

Дали ќе јадам три пати на ден, не зависи од фрижидерот,
туку од државата!

Забележан е пад на продажба на дрога.
Денес децата се дрогираат со политика!

Европа нека не замерува што мора да нѐ чека.
Доаѓаме на колена!

Не ни пречи што политиката е курва?!
Ни политичарите не се ништо подобри.

Никој не фрла трошки на гулабите.
Не е будала семејството да му остане гладно.

Мајмунот стана човек кога застана на двете нозе.
Обратниот процес стана кога човекот застана на говорница!

Не се младите виновни за лошиот образовен систем.
Од постарите научија да крадат!

Точно е дека попаметниот попушта.
Ама, кој ни е виновен што гласавме – за Поглупавиот?!

Порано викав: Долу влада!
А и денес ме влече некоја носталгија.

Истрагата утврди дека обвинетиот е нем!
Затоа ќе му се суди само за говор на омраза.

Владата е при крај да изнајде решение како да му
помогне на народот. Само уште да се усогласат
дали се работи за пожар или за поплава.

Кога Тито ќе ни се обратеше, лебот го бакнувавме.
Сега, кога го нема Тито, ни се обраќаат оние
од кои лебот нѝ се згади.

Не ни треба Пастир. Сами знаеме каде треба да пасеме.

И коњот е фигура.
Како во шахот, така и во политиката.

Нашата приказна е обратно поставена!
Аладин е на слобода, а народот го ставија во шише.

Кога ќе дојде среќното време, во чест на нашиот водач
ќе се свири Лениновиот марш. А потоа по кафеаните
ќе се свири турбо фолк и џез музика!

И кога ќе умрам ќе бидам Македонец.
Затоа што и како Македонец бев мртов.

Не можеме да разликуваме мафијаш од обичен човек.
И обичниот човек станува мафијаш
кога ќе се качи на функција!

Нашите луѓе секогаш носат за два броја поголеми гаќи.
Да им бидат точни кога ќе ги наполнат!

Ова е рекордно најтешко време
во историјата на македонскиот народ.
Ама, рекордот нема да трае долго – утре е нов ден.

Гроб или роб? – за нас е сосема сеедно!
Ние и во гробов сме робови!

Гробарот може да биде омилено лице.
Ако го закопува Водачот.

Некогаш нашите политичари заедно
ја пееја Интернационалата. Сега секој си пее своја песна.

Ако е гладот природна појава, тогаш еден ден,
пола народ ќе ни изумре од природна смрт!

Уште малку па сите ќе можат јасно да видат
со што располагаме. Ќе останеме без гаќи!

Ние Македонците сме многу малерозни.
И Колумбо да нè откриеше, пак ќе бевме на Балканот!

Имам брза плата!
Целиот месец го претрчува за недела дена.

Па што ако ја изгубивме главата?!
И онака за ништо не ни служеше.

Нашата пустина не е од вчера.
Неа ја градиме со години – зрно по зрно!

Гостин што ќе изеде сè што ќе му ставите на маса,
не е дојден во пријателска посета!

Да мислевме на слободата,
сега ќе имавме слобода на мислење!

Влада која сама ќе даде оставка, ќе биде виновна
за психичкото пореметување кај народот.
Луѓето од среќа ќе се радуваат – како луди!

Тешки пари се однесени од Македонија!
Да не им тежат на народот.

Таман најдов примерен човек, ми го зедоа – за пример!

Оние што се продаваат евтино,
се рекламираат како бренд!

На светот има сè повеќе лудаци. Нашето учество
во овој светски процес не е за потценување.

Баш им е гајле што бродот потона.
Кормилото сè уште е во нивните раце.

Кучe не може да го носи името на Водачот.
Па, и од иста сорта да се.

Убавината нè подели. Убаво е да се биде патриот,
ама оние другите живеат поубаво.

На луѓето никако не можете да им затворите уста.
Освен ако им дадете да јадат!

Нашиве политичари се многу повредни од Дракула!
Дракула цицаше само ноќе.

Сеедно е дали ќе влезе американска или руска чизма!
На нашиот народ најважно му е некој да го – гази.

Наредниот премиер ќе мора да биде психијатар.
Тука сите крадат како луди!

Повеќе болни има во политиката отколку во болниците.
Затоа државата повеќе инвестира во политиката.

Нема потреба да се прави фото робот на криминалците.
Можете да ги видите на телевизија.

Мене пријателите ме направија силен!
Откако ми станаа непријатели.

Народот бара доказот за високиот стандард
да се стави на маса. Па било да се работи за леб и сол.

Одумирањето на државата заврши во социјализмот.
Сега му дојде ред на народот.

Атентатот не е решение на проблемите.
Со него можете да решите само еден државен проблем!

Не треба да се плашиме
дека сите стручњаци ќе си одат од земјава!
Сепак, имаме повеќе дипломи отколку пасоши.

Јавно кажаниот збор има голема тежина.
Тешко му на оној кој јавно ќе критикува
некого од власта!

Тука не се продаваат човечки органи.
Ама, затоа државните постигнаа убава цена!

Никој не им дава мито на гробарите.
Парите ги потрошија по доктори.

Сите сведоци се заштитени.
Без заштита остана само народот!

Глупоста патува далеку. Затоа цел свет знае за нас.

Нѐ водат по патот што го зацртаа.
Пеколот нѝ е сѐ поблиску!

Нашиот човек прави чуда со ушите. Со нив – гледа!

За малку ќе го видев Рајот. Ама... ми истече пасошот.

Фабриките ги продадоа за денар ама со државата
излегоа подарежливи! Ја продадоа – за џабе!

Најдобро е студентите да ја водат државава.
Дипломираните ја изгубија!

Во земјата на гладните, најгладен е оној
што на народот му изеде сè!

Народот не го распознава врвот и подземјето.
И на двете места гледа исти луѓе!

Кај нас не важат законите на физиката.
Нам од лесните ни е најтешко!

Не се будали украденото да го однесат в гроб!
Ќе го однесат во некоја странска банка.

Некогаш на местото на сегашната собраниската зграда
имаше нелегализирана јавна куќа.
Оваа сега е со комплетна урбанистичка документација.

Невработените по цел ден шетаат низ градот.
И со тоа им го отежнуваат движењето на вработените.

Оваа земја ја газеле и пријатели и непријатели.
Најмалку ја имаат газено нашите политичари
– тие летаат во облаци!

Главата ја чуваме за поголеми дела.
На пример: за рушење на Кинескиот ѕид!

За разлика од нас паметните, будалите немаат избори.
Тие веднаш знаат кој е меѓу нив најголемата будала.

Најмногу крокодилски солзи за државата
леат оние што носат чевли од крокодилска кожа!

Во земја во која нема живот, датата на раѓање
во исто време е и дата на умирање!

На земја чии што водачи лазат пред светот,
времето и лета!

Државното знаме може трагедијата
да ја направи во масовна веселба.
Ако со него е покриен сандакот со диктаторот!

Нивниот вистински идентитет тешко може да се одреди.
Премачкани се со сите бои!

Сиромасите не се сами. До нив се контејнерите.

Во нашето ријалити-шоу сите учесници
се високообразовани кадри. Неписмена е публиката.

Народот е во информативна блокада.
Не знае по кого да пцуе!

Диктатурата и демократијата се неразделни.
Особено кога Диктаторот диктира Демократија.

Поповите и политичарите не мора да се паметни луѓе.
За закопувањето луѓе не треба многу памет.

Во некои фирми може и слепи да работат.
Вработените и онака плата со очи немаат видено.

Нема потреба некој од страна да ни ја дестабилизира
државата. Тоа можеме и сами да го направиме.

Во политичките води се оние што знаат да пливаат.
Останатите се давеници.

Порано од продавање илузии живееја
маѓионичарите. Денес и политичарите.

Не е страшно што криминалот поприма државни размери.
Па и не сме некоја голема држава!

Храната за кучиња не е толку лоша.
Лошо е што нѐ третираат како кучиња.

Има разлика меѓу телевизор и улица.
Телевизорот дава поубава слика од улицата.

Нашите овчари ги испомешаа работите.
Ги избиравме да нѐ чуваат, а не да нѐ молзат!

Некогаш најисплатливо беше дерењето
кожа на мечките, лисиците, волците...
Денес, најисплатливо е дерење на народот.

Како тоа, жртвата да не си го знае својот мачител?!
Сама си го одбра.

Нашите луѓе се космополити.
Ги сакаат сите земји каде што можат да најдат работа.

Ми олесни кога слушнав
дека коњите се многу интелигентни.
Значи, нема шанси да сум гласал за некоја будала!

Лесно му е на попот да каже дека Господ постои.
Ајде нека му каже на народот
дека фрижидерите им се полни!

За претседателот не можам да пишувам сатира.
Човекот е – жив хумор!

На овие простори може да живеат и луѓе без глава.
И онака главата за ништо не им служи!

Нашиот компас не ги покажува страните на светот.
Покажува дека не знаеме каде сме!

Може да нè оперираат и без анестезија.
Ништо не чувствуваме!

Со власта имаме одлична соработка.
Таа зема кредити, ние ги враќаме!

Поубаво е да си имате работа
со полицајци отколку со попови.
Подобро од куќа да ве изнесе полицаец отколку поп!

Економскиот развој е рамномерно распореден.
Во секое ќоше имаме сиромаси.

Јажето и куршумот водат на листата
на владини проекти. За излез на луѓето од кризата!

Лошото време доаѓа, затоа што лошите не сакаат да си одат!

Криминалот го криеме како змијата нозе.
Затоа никој не може да види змија со нозе.

Во недостаток на сточен фонд,
нашите овчари молзење вежбаат на народот!

Нормално е да не ми го разбирате ракописот.
Додека ја критикував власта рацете ми се тресеа.

Македонија е поголема трагедија од Титаник.
На Титаник имаше само две-три илјади луѓе.

За напредување во животот некои користат глава,
некои раце... а ние Македонците нозе!
Сепак, сопка е сопка!

Нема потреба да измислуваме непријатели.
Си имаме вистински.

Среќа што на време ги искрадоа сите пари.
Инаку и народот ќе почнеше да краде?!

Изгледа дека нашиот непријател е мрзелив.
Чека ние да му ја завршиме работата!

Да не е глобусот, Македонија никој нема да ја врти.

Со рацете во џебови можат да одат
само оние што имаат полни џебови.

Криминалците се премногу оптоварени.
Покрај крадењето, мора да извршуваат
и важни државни функции.

После контактите со јапонската влада се покажа
дека нашата политика не е курва. Гејша е!

Македонецот е човек од крв и месо.
Макар што во последно време доминираат коски и кожа.

Не мора да конзумирате алкохол
за да зборувате како пијан!
Политичариве ви се пример.

Македонскиот народ конечно постигна
заедништво. Секој по секого плука!

Човек не мора да има мустаќи за да личи на Хитлер!
Доволно е од државата да направи концентрациони логор.

За одлив на мозоци не се смета
кога нашите државници одат на преговори во странство.
Тие таму одат без мозок.

Нормално е човек да се збогати преку ноќ.
Во темницата не гледа колку краде.

Добриот претседател мора да е комплетен човек.
Значи, мора да има и – свој мозок!

Овците се посреќни од нас.
Тие не распишуваат избори за овен предводник!

Достоевски морал да пишува само за еден Идиот.
Нашите писатели имаат многу поголем избор.

Насекаде давениците тонат.
Само кај нас се инструктори по пливање.

Младите се наполнија со секакви дипломи.
Затоа немаат место за памет!

Контејнерите се најдобар извор на информации!
По содржината во него,
знам кога комшиите добиваат плата.

Од ден на ден состојбата се поправа сè повеќе и повеќе.
Дури и будалите стануваат сè поголеми и поголеми будали!

Мојата влада работи како крт! На слепо.

Човек се учи сè додека е жив.
Затоа неписмените живеат најдолго.

Странски оркестри најчесто свират
онаму каде што е публиката глува!

Не е проблем што нè лажат како мали деца.
Туку што не ни даваат да пораснеме.

Имаме недостаток од улични крадци.
Сите се по канцелариите.

Само гробарите
им копаат гробови на луѓето по службена линија.
Останатите им копаат – по политичка линија.

Меѓу политичарите и народот има животна поврзаност.
Првин политичарите умираат за народот,
а по изборите народот умира од политичарите.

Наш политичар и во фрижидер да го ставите
нема да ви помогне. Тој се расипува веднаш
штом ќе стапне на функција.

Клептоман е болен што краде од самопослуга.
Болен што краде од државата е политичар!

Секогаш треба да носиме чисти гаќи.
Да не се срамиме пред странскиот фактор
кога ќе треба да ги симнеме.

Важно е политичарот да има убава жена.
Народот посочно ќе пцуе.

Претседател избираме на пет години, а пратеници
на четири. Затоа што пратениците се расипуваат
побргу отколку претседателот!

Заради немање член во Уставот,
коњ не може да биде именуван за министер.
Ама за други функции нема никакви правни пречки.

Наши државни долгови:
Тоа е симбол на заедништвото на власта и народот.

Мојот покоен дедо не само што се врти во гробот,
туку и се посра! Тоа е доказ дека оваа власт
и на мртвите им втера страв в коски.

Министерот доби стипендија за да заврши факултет.
После нека каже некој дека државата
не се грижи за своите граѓани!

Тешко дека ќе нѐ закопаат. Нас место не нѐ држи.

Не е точна констатацијата дека нашиот водач
е исти Сталин. Сталин имаше мустаќи!

Бидејќи гласањето се одвива со гласачки ливчиња,
секогаш добиваме власт само на хартија.

Да не ни е Скриената камера,
само Господ знае кога би се насмеале како луѓе!

Во оваа земја за премиер може да се нафати
само луд човек. А кога се мора, ништо не е тешко.

Листата за влез во ЕУ направена е на тоалетна хартија.
Со тоа намерата на Европа е јасна.

Мене како докажана будала ниту една партија не ме прима.
Се гледа дека во партиите не трпат конкуренција.

Правењето влада не е исто што и правењето деца!
Иако техниката на правење е иста.

Имаме среќен претседател, среќен премиер и
несреќен народ. Значи, среќните водат со 2:1.

Проблемите на народот не вредат ни пет пари.
Затоа никому не му се исплатува да ги решава.

За потреба на граѓаните модернизиран е
државниот возен парк.
Купени се најсовремени амбулантни и мртовечки возила.

Правдата не може да победи,
бидејќи неправдата тренира секојдневно.

Еден странски дипломат потврди
дека Пеколот навистина постои.
Дипломатот бил во посета на Македонија!

Минатата недела успеав да јадам три пати на ден.
Бев на гости.

Во египетските пирамиди закопани се фараоните.
Во македонската пирамида – народот!

Убаво би било некој да ни ги бомбардира нивите.
Повеќе никој не сака да ора.

На ниту еден политичар не му се оди во рајот.
Таму нема избори.

Не е проблем што имаме марихуана по нивите.
Проблем е што имаме дрогирани во политиката.

Во земја на дудуци, првата труба е прва виолина!

Достоевски ќе го паметат по неговиот Идиот.
Нас, по нашиот.

Кога ќе пропее некоја птичка, има шанси
да биде затворен некој мршојадец!

Кога влегува во политиката, жената мора да смета
на лезбејски однос! И политиката е курва.

Имаме луѓе на кои мозокот им работи 300 на час.
Ама не смеат да го користат поради оние
на кои мозокот им е застанат.

Младите се жалат дека државата е загубена.
Затоа отидоа да ја бараат во странство.

Нашата земја дава најмногу шанси.
Тука можете да умрете на илјада и еден начин.

Треба да се избира влада составена само од пензионери.
Таква влада има шанса да падне по природен пат!

И завидувам на Чичолина. Таа за истата работа
што ни ја прават, добиваше хонорар.

Гладот не е предавник. Секогаш е со народот.

Можеби Македонија нема да стане Кина,
ама ние ќе станеме Кинези.
Уште малку и кучиња ќе почнеме да јадеме!

Во Македонија никогаш не стапнале диносауруси.
И тие знаеја дека тука нема услови за живот.

Гатачката толку ме изнервира кога ми предвиде
дека ќе станам канибал, што морав жива да ја изедам.

Најлесно е да се биде влада во сенка.
Треба само да се избере некое дрво!

Испланирав убава политичка кариера.
Само најпрвин да излезам од затвор.

Сексот не спаѓа во државни реформи.
Народот тоа го добива гратис.

Разлика помеѓу нашите млади и ластовичките
е во тоа што само ластовичките ни се враќаат!

Лесно е да се биде премиер,
ако е народот секундарен проблем!

Бадијала ги прислушкувате.
Ни тие не знаат што зборуваат!

Плоштадите би требало да носат имиња на наши
современи политичари. Народот со мерак да гази по нив.

Нашите избори се како сообраќајна несреќа
со трагични последици. Прегазен е народот!

Сè помалку деца се раѓаат во нашата земја!
Затоа со сексот треба да се занимаваат луѓето,
а не владата.

Точно е дека на подарен коњ не му се гледа в заби.
Ама, нашиов коњ не е подарен, туку – Избран!

Да мислевме на државата кога требаше,
сега не ќе моравме да му ја мислиме!

При прием во Легија на странците нашите граѓани
се ослободени од полагање Тест на издржливост.
Доволно е само да наведат од која земја доаѓаат!

Знам дека новите избори ќе бидат – лудница.
Да молиме Бога барем избраните да не бидат такви.

За разлика од обичните луѓе,
политичарите поретко умираат од инфаркт!
Нив многу не ги боли срце за Македонија.

Сликите на нашите политичари
треба да се стават во Букварот! Децата уште од мали
нека знаат кој ги остави без Татковина.

Во политиката неспособните влегуваат на мала врата.
На голема не ги собира.

Господа, мислете на вашите внуци
– намалете со крадењето!
Ќе нема што да крадат кога ќе пораснат?!

Благодарение на паметните телефони,
во Македонија – нема глупави!

Јас би го донирал нашиот најважен орган,
ама никој не сака ваква влада.

Народот кога – тогаш ќе мора да пушти заби!
Леб не се јаде со лижење.

Половина од граѓаните станаа
прехранбени олд-тајмери! Јадат само стар леб.

Басната за штурецот и мравката е застарена!
Денес нашиве штурци
ги праќаат мравките на принуден одмор.

Борбата со сиромаштијата
не може да се реши со народни кујни. Туку – со политички!

Поубаво поминуваат оние што лижат туѓи задници!
Останатите лижат чинии.

Кога газевме по нивите имавме леб и за фрлање.
Сега кога газиме по асфалт... и фрлениот леб го јадеме!

Мртовците се најточните луѓе. Сѐ уште не се родил
мртовец кој задоцнил на својот закоп.

Што ви е гајле што имаме килави државни фукционери?!
Полицијата нема за муда да ги фаќа – туку за врат.

Тешко на оној што ќе биде во иста ќелија со министерот.
Ќе мора да го слуша како му ветува слобода.

Подобро е да ве закопа партијата отколку црквата.
Барем на свеќи ќе заштедите!

Министрите кои ќе одат во затвор нема
да имаат портпароли. Сами ќе си зборуваат!

Нашата темница е од биолошка природа!
Кога го гледаме Него, ни паѓа темница на очите.

И министритетераат мода.
Порано на главата носеа шапки, сега чорап.

Дипломираните се дрво на живот на едно општеството.
Затоа имаме сè повеќе трупци со дипломи!

За разлика од Сизиф, гласачите успеаја.
Го истуркаа Каменот на врвот.

Нашиот човек умира без душа.
Душата му ја вадат уште додека е жив!

Кај ниските луѓе, газот и главата се блиску.
Затоа побрзо им доаѓа од газот во главата.

Се гледа дека сме народ со аристократско потекло.
Пропаѓаме раскошно.

Пијаниот и будалата се браќа.
Затоа, пиј народе, грев е некоја будала
да остане без брат!

Порано крадеа и со шака и со капа.
А кога останавме гологлави и со врзани раце,
тендерите свршија работа.

И вошките се пробирливи. Не го полазуваат секого.

Народот сè повеќе верува во Црквата отколку
во Собранието. Затоа подобро е да гласаме
за Патријарх отколку за Претседател.

Би живееле како во Илјада и една ноќ,
само да не се оние што крадат секоја ноќ.

Кога мочате спроти ветрот, немојте да викате
– Долу влада! Ќе добиете одговор како од владата да е.

Тука и за трњата нема живот.
Магарињава и нив ќе ги изедат!

Наместо за инжинер требаше да студирам за психијатар.
Ама, кој знаеше дека политиката
ќе ни изроди толку будали?!

Порано немавме политичари со холестерол.
Им се појави дури кога почнаа
да му ја вадат маста на народот!

Народот ќе го чека ветеното – од пиле млеко.
Сè додека има пилешки мозок.

Во нашата држава нема село без кучиња.
Секое село има барем по двајца-тројца политичари!

За ова што го прават денешниве политичари
виновни се нивните татковци! Што воопшто ги направија.

Темницата нема заби да нѐ соџвака.
Па мораше да нѐ голтне!

Заради оние што нѐ закопаа два метри под земја,
не се помрднавме ниту милиметар.

Поразените политичари нѝ се враќаат како бумеранг.
Само во друга боја!

И бумерангот стана како нашата младина.
Ни тој не нѝ се враќа!

После изборите секоја власт станува сенилна!
Заборава што му вети на народот.

Не ни треба ниту Голи оток ниту Сибир.
Доволна нѝ е Нашата земја!

Затоа што претпријатијата не бараат дипломирани,
дипломираните мораат да бараат по контејнерите.

Ако празните чинии беа книги, гладните, гарант,
ќе беа научници! По цел ден гледаат во нив!

На овие со валкани раце не им одговараат
оние што се со чист образ.

Македонец сум и живеам во Македонија.
Тоа е доказ дека несреќата никогаш не оди сама.

Да гласаме само за вегетаријанци.
Инаку, другите пак живи ќе нè изедат!

Сите министри мислат како со една глава.
Случајот налагаше тоа да е баш главата на Водачот.

Западот нè смета за стока,
и тоа само врз основа на фактот дека пасеме!

Газот има одиграно
историска улога во развојот на нашето стопанство.
Да не беше тој ништо немаше да ни влезе.

Новиот Устав мора да му се допадне на секој наш граѓанин.
Затоа вкоричувањето ќе се даде на некоја странска фирма.

Народот има убаво мислење за криминалците.
Да нема, немаше да ги гласа на изборите!

Тука живеат само оние што имаат услови за живот.
Останатите чекаат нови избори!

Кога слушна дека претседателот треба да има големи јајца, нашиот претседател отвори фарма на ноеви.

Западот организираше мировна конференција.
Конференцијата беше отворена со поздравот
– Heil Hitler!

Народот е во кал до колена. Изродите од народот ќе ги препознаете по лакираните чевли.

Сакам да го променам светот,
ама понудата е ограничена. За Овој ми го нудат – Оној!

Не знаеме колку жртви имавме за време на Втората светска војна. За денешниве жртви, Бирото за вработување има точна евиденција.

Нема светски банкар кој нема слушнато за Македонија. А ако и има, тогаш нашиот министер од таа банка нема земено кредит.

Луѓето во Македонија имаат слобода да зборуваат на кој сакаат јазик. И онака никој не ги слуша!

Кај некои наши политичари лесно се разликува газот од главата! Нивниот газ нема уши.

Кај некого очите и задникот се поврзани.
Им се отворија очите дури откако им зина газот!

Народот бадијала се надева на промени.
Од сом златна рипка не бива!

Тешко е човек да застане на колена.
Особено ако е претходно легнат на плеќи!

Не е проблем што сè ни стои во место.
Проблем е што ниту паметта не ни доаѓа.

Ако ги тргнеме крадците, предавниците и кодошите,
тогаш нема да ни останат луѓе – за патриоти.

Моите афоризми мирисаат на лепешки!
Можеби затоа што во нив ги сместив говедата?

За неговата слика не требаат илјада зборови.
Туку само еден збор: Неспособен!

Секој човек треба да има куче.
За да има барем еден сигурен пријател!

Кучето може да стане најдобар пријател на човекот.
Само кога би можело да му биде жирант!

Луѓето сè помалку се самоубиваат!
Покрај власта, сега ни во себе немаат доверба.

Од сите балкански народи, Македонецот најдобро пцуе!
Долгото вежбање со нашите влади даде резултати.

Откако отиде во политиката, нашиот Ѓавол не спие.
Да спиеше, немаше да стане ѓавол!

За обичниот граѓанин
купувањето чорапи е како олимпијада!
Чорапи купува на секои четири години.

Благодарение на Калигула коњот стана политичар.
Обратниот процес е можен само со избори!

Кога не би носеле сметки и нашите поштари
би ѕвонеле три пати! Затоа, ѕвонат еднаш... и бегаат!

Денес чиниите најдобро ги лижат
оние што не знаат да лижат газови!

Некогаш фрижидерот ми беше најдобар пријател.
Сега е домашен предавник во куќен притвор!

Крадат и дење. Така штедат на струја.

За да дојдат до слобода, порано луѓето мораа
да одат в шума. Денес – во странство!

Тука не важи Дарвиновата теорија.
Од нашиве мајмуни луѓе не бива.

Мене, како сатиричар, никој не ме прислушкува.
Ете, гледате колку беден третман
има македонската сатира!?

Не е проблем што министрите се вртат од една фотелја
во друга. Проблем е што нас нѐ вртат во место!

Порано паметните пишуваа,а будалите помнеа.
Сега будалите пишуваат, а паметните продаваат по тезгите.

Оние што се хранат со коприви, барем имаат среќа.
Гром не удира во коприви.

Кога Лидерот замислува дека е Прва лига, на останатите
околу него им останува само да се – лигават!

Има доволно место и за цркви и за џамии.
Под услов да не се натпреваруваме која ќе биде повисока.

Најмногу се печали со ноќен труд.
Затоа крадците се најбогати!

Тука мајката и таткото не легнуваат
сè додека не си ги нахранат децата.
Иако и таткото и мајката се пензионери!

Државната комисија не може да утврди
колку неписмени има во државата!
И членовите на комисијата се – неписмени!

Задушница може да се дава и за живи луѓе.
На пример, за некој кого пријателите жив го закопале!

Македонецот има најсовремени уреди за прислушкување.
Ушите му се како радари!

Државава нема да ја закопаат, туку ќе ја кремираат!
Пепел ќе ја направат.

Од секогаш сме имале Анонимуси! Оние што ја
ограбија Македонија, и до ден денешен се – Анонимни.

Уште не е забележен случај полицијата да тепа на мртво.
Таа тепа сè живо.

Имаме политичари кои знаат да бројат до сто.
Тоа се оние кои заспиваат
во пратеничките клупи броејќи овци!

И мртвите би станале од гроб.
Ама која е логиката да одат од гроб в гроб?!

Порано два и два беа четири.
Сега за тој резултат треба партиска поддршка.

Одам малку во црква, малку во партија.
Белким еден од двата бога ќе ми помогне?!

Народот е разочаран што го делат само на два дела!
Неговиот делбен капацитет е многу поголем.

Да е направено од чоколадо,
денешниве патриоти и знамето би го изеле!

Сите полтрони не се исти.
Аналните отвори имаат различна големина!

Точна е онаа народна: Што е мое, само ќе си дојде!
Ми стигнаа сметките за струја и вода.

Благодарение на нас и претседателот на Атлантида
може да прими некого во пријателска посета!

Нашиот народ има проблем со фонетиката!
Гласот треба да го пушта од предната,
а не од задната страна.

За нашите политичари народот е стока со променлива вредност! Највисока цена постигнува пред изборите.

Некогаш со Турците бевме газ и гаќи. Потоа Турција стана текстилна велесила, а ние останавме со гол газ.

Луѓето не можат по име и презиме да кажат со кого имале најдобар секс. Владата е колективен орган!

Порано Идиот можевме да го читаме и на глас.
Сега можеме и да го гледаме,
ама не смееме уста да отвориме.

Македонскиот Ное најпрвин си одбра стока,
а потоа направи потоп.

Изборите се единствено натпреварување
каде публиката трча, а играчите го чекаат резултатот!

Господ згреши со некои заповеди!
Како луѓето да го љубат ближниот свој,
кога не можат ниту со очи да го гледаат?!

Онаму каде е црквата одвоена од државата,
луѓето имаат голема мака! Не знаат дали да питачат
пред црква или пред Собранието?!

Министерот не е тиква без корен.
Во текот на мандатот пушти дебели корења!

Нашиот човек е приморан да гледа во филџан кафе.
Во чинијата нема ништо!

Подобро ќе се снајдаме во Пеколот отколку во Рајот!
За во Пеколот имаме искуство.

Го оставив кодошот без работа!
Почнав да зборувам во себе.

Некој нѝ подготвува сценарио за државна драма.
Само не знаеме дали се работи за комедија или трагедија!

Препораката на владата за стегање на ременот
сиромасите не можат да ја испочитуваат!
Кај нив работата е – врвка.

Државната работа може да се работи и со газот.
Ако не верувате – гледајте како работи
државната администрација!

Од хумани причини контејнерите се поставуваат
на видливи места. Да видат сиромасите
каде можат да се најадат како луѓе.

Цела земја ни е слободна економска зона!
Кој каде сака може да краде.

Никогаш не сме имале толку сезнајковци.
И никогаш не сме изгледале толку поглупаво!

Тешко дека можат да ја кренат земјава на нозе!
Многу се килави.

Во сексот задоволни се и оние горе, и оние долу!
Во политиката, само оние – горе!

Хитлер имаше среќа што налета на Тито.
Со нашиве сѐ уште ќе мораше да преговара.

Ќе прифатат дека два и два се пет.
Ама под услов и тие да добијат процент!

Видлива е разликата меѓу гол газ и наш политичар.
Народот повеќе плука по политичарот!

За да се стане геј, позади треба да се има барем
еден човек. За да се стане политичар – многу повеќе!

Уставот го менуваме почесто отколку гаќите.
Што е доказ дека гаќите се поквалитетни отколку Уставот.

Додека не прочитав во лексиконот
што значи зборот – Бандит, не знаев за што се работи!
Иако по цел ден ги гледам на телевизија!?

Ѓаволот не дојде по своето.
Затоа ни прати европски извршители!

Да не се гробовите, во нашата држава
ќе нема ништо што е по мерка на луѓето!

Не умирај магаре до зелена трева, некогаш беше изрека.
Откако нè направија магариња, среќни сме и со слама.

Одамна ги исполнивме европските услови. Геј пратениците
од Европа задоволни се со нашиот квалитет.

Победник на новите избори ќе биде
онаа партија која ќе смисли ново ветување.
До сега сите победуваа со старите ветувања.

Подобро е да робуваме отколку да умираме.
На робување сме навикнати!

Нормално е канибалите
да се собираатво сè поголем број.
Народот се пече на оган.

Ќе нè прогласеа за најхрабар народ.
Ама проверката на гаќите даде обратни резултати!

Во цел свет Уставот е како Библија,
само кај нас е како календар! Го менуваме секоја година!

Нашата иднина нема иднина!

Не знам дали е нашиот Водач слеп.
Само знам дека чита со Брајова азбука.

Овците секогаш се или бели или црни.
Само овчарите секогаш се – црни.

Нè има сè помалку. А и ние што останавме, сè помали сме.

Групниот секс не е забранет со Закон.
Пример ви е односот меѓу власта и народот!

Ние Македонците сме гарант за мирот на Балканот.
Гарантираме дека ќе бидеме мирни, било што да ни прават.

Не е точно тврдењето дека имаме неписмени политичари.
Зарем не гледате дека читаат напишани говори?!

Не ни треба часовник. За нас времето одамна е застанато.

Животот стана многу тежок.
Испадна дека на умрените им е најлесно.

Не е проблем што народот изгуби доверба во власта.
Проблем е што ни е власта изгубена.

Иако го имаме со грами, памет продаваме на кило!

Европа игра шах со Македонија и секогаш победува.
Така е кога игра против дрвени фигури!

Нам не може да ни се случи рушење на Кулите близначки!
Претседателот и Премиерот не се близнаци.

Водач без мозок живее колку и нормален човек.
Само што вечно останува во сеќавањата.

На народот лебот сѐ почесто му влегува в глава!
Затоа што ретко му влегува во мевот.

Еден ден сликата на нашиот Водач
ќе биде во учебниците! Во оние од Криминологија.

Политичарите не мора да се лечат!
Досегашното искуство покажа дека народот
никогаш не гласа за – здрави.

Пред изборите ветуваа дека ќе направат нешто од нас.
Го одржаа ветувањето – од нас направија будали!

Сите избори можеа да бидат успешни.
Ако избиравме будали!

Младината е нерешителна. Не знае дали газот
да го брише со тоалетна хартија или со диплома!?

Ние сме држава во која секој знае да краде.
Што е доказ дека имаме квалитетен образовен систем.

Ликовите од Шекспировите драми може да ги игра
секој наш човек. Ние сме народ како роден за трагедии.

Насекаде неписмените се најголеми борци.
Можеби затоа што нема кој да ја потпише капитулацијата.

Собранието е како Вавилонска кула!
Никој никого не разбира.

На народот не му се проблем лудите во душевните болници.
Проблем се душевно болните во лудницава.

На народот нема потреба да му правите аутопсија.
Сите знаат дека изумира од политиката.

Порано Водачот беше слепец.
Ама, кога по него тргнаа и другите слепци – прогледа!

Ако спасот на Македонија зависи од паметта
на политичарите, тогаш за Македонија – нема спас!

Издржуваме плукање, газење, разни понижувања...
Нека види светот колку силен народ сме!

Кога од татковината ќе направите пустина,
тогаш позади секој коњ се крева прашина.

Што ќе и е на владата четиригодишен мандат,
кога успеа да го уништи народот уште во првата година?!

Според македонскиот Устав сите луѓе се рамноправни.
Тука и жртвата и убиецот имаат исти права.

Отсекогаш сакав да бидам чесен човек.
Ама, животот ме одведе во политиката.

Порано политичарите беа поголеми будали.
И денешниве не страдаат од комплекс на помала вредност.

Дајте ни химна без зборови.
Кој е будала да пее во вакво време?!

Имаме скромни водачи. Задоволни се и со малку памет!

Пројавив политички амбиции.
Почнав да зборувам глупости.

Во мојата земја нема услови за убиство.
Тука веќе одамна сè е мртво.

Како што расте незадоволството на народот,
така водачот го засилува својот возен парк.
Моментално го разгледува каталогот на водени топови!

За водач мора да избереме некого
кој знае да зборува со мртовци.
Инаку, не ќе може да се разбере со народот?!

Нашата политика оди со чекори од седум милји.
Затоа така брзо стигнавме до провалијата.

Посигурно е да се питачи пред црквата
отколку пред собранието. Господ нема пендрек!

За да имаме родни години владите би требало да бидат
како лисјата на дрвјата. Да паѓаат еднаш годишно.

Поштенските марки или се лижат или се плукаат.
Во зависност од тоа кој е на марката!

Вредиме повеќе од крокодилите!
На крокодилите им ја дерат кожата за ташни и чевли,
а нашата за станови и вили.

Бидејќи политиката е курва, нормално е
со неа да се дружат проститутките.
Ама, не е нормално народот да избира таков кадар!

Сè уште немам видено работник да се обеси
поради мала плата. Нема пари ни за ортома.

На секој ѕид треба да виси сликата на претседателот.
Човекот заслужи да виси.

Во земја во која сите лазат или клечат,
исправениот брзо ќе го свиткаат!

Тито секогаш имаше кучиња околу себе.
Ама за разлика од нашите,
неговите кучиња немаа мобилни телефони!

Еден ден ќе водиме нормален живот.
Кога ќе не водат Нормални!

Не е точно тврдењето дека
и магаре да стават на листа ќе влезе во собрание!
Ене, комшијана мој, беше на листа, ама не влезе!

Нашиот лифтбој остана без работа!
Нон-стоп сме најдолу.

Бидејќи немавме војни, воените злосторници
моравме да ги замениме со политички.

Нема ништо поубаво од празен гроб.
Можете да мечтаете со кого да го пополните!

Биографиите на некои луѓе од власта
нема да се пишуваат со букви. Туку со бројки.

Дури кога стигнавме на целта
видовме дека сите се подобри од нас.

Оние што се пикаат во газот на директорот стануваат
религиозни! Молат бога директорот да нема хемороиди.

Во иднина, за високи функции ќе бидат кандидирани
само оние што имаат барем три грама мозок.
Досегашните количини се покажаа како недоволни!

Поповите ја губат битката со политичарите.
Политиката стана поголема религија.

Промашените премиери најмногу го погодуваат народот!

Напредувањето во кариерата е како скок со стап
мора да држите нечиј стап во рацете.

Благодарение на исправната аграрна политика
бевме земја на пипер, патлиџан и тикви.
Сега, благодарение на политиката – само на тикви.

Не мора да одите во Неапол за да умрете.
Останете уште неколку години кај нас.

Наскоро ќе биде распишан тендер за претседател.
Тендерот ќе го добие онаа партија
која ќе понуди најмногу за продажба на Македонија.

Огледалото е најхрабриот македонски елемент.
Без страв и во очи ќе го покаже виновникот
за сегашнава состојба во земјата.

Штетата од елементарна непогода ја исплаќа државата.
Ама, ако елементарната непогода е здрава и жива,
тогаш таа треба да му плати на народот.

Зоолошката градина е единствената јавна институција
каде можете да бидете сигурни дека мајмунот е мајмун!
Во другите и човекот се прави мајмун.

Не ни е сѐ в земја. Мртовци имаме и над земја.

Владата не знае што да прави со толку издржлив народ!
Ни со реформи не успеа да го сотре!

Филмот не успеа бидејќи ги испомешавме улогите.
Глумците станаа политичари, а политичарите – глумци!

Изгледа дека Македонецот е од танталовата лоза.
Само негов потомок може да издржи вакви маки.

Љубовта не признава граници.
Затоа оние што ја сакаат власта ги преминаа сите граници.

Не е тешко да се утврди кој е првиот македонски вампир.
Треба само да се отвори архивата на Собранието!

Комшиите се извинија
што не можат да ни подадат цела рака.
Сметаат дека и средниот прст ќе не задоволи!

Нашите луѓе и во светски рамки важат
за најдобри истражувачи! Нема контејнер кој не можат
детално да го истражат.

Лажат дека има живот после смртта.
Еве, од осамостојувањето сме мртви,
а сè уште немаме видено живот!

Демонстрантите не смеат да бидат незадоволни од владата.
Да не беше таа, ниту тие ќе беа демонстранти.

Штета што јажето не е ставено на позитивната
листа на лекови. Тоа е најбрз лек за нашата беда.

Влада секогаш се формира во пазарни денови.
Во другите денови цените се повисоки.

Нема пишани критериуми
за избор на најспособен политичар.
Изборот се прави според имотниот лист.

Не постои импотентен политичар.
Барем додека му трае мандатот!

Работниците ќе живеат како мали деца!
Платата ќе им оди само за лижавчиња.

Најпрвин демократијата пушти корења,
а потоа никнаа трупците.

Идол ми е Дон Кихот.
Во недостаток на ветерници јуришам на Собранието.

Што ќе ни е 'рбет?! И онака цел живот сме свиткани.

Лебот и солта се дел од нашето славно минато.
Како ни одат работите, ќе бидат дел
и од нашата неславна иднина!

На луѓето извршители му праќаат оние, кои се покажаа
како слаби извршители на државните работи.

Подобро гроб отколку роб,
рече младиот Македонец и остана во Македонија!

Извезуваме памет а внесуваме дрога.
И потоа се чудиме зошто имаме толку дрогирани будали!

Стаорците се авангарда на капетанот.
Особено кога бродот тоне.

Пчелите никогаш не ќе можат да произведат
толку мед, колку што мечките можат да изедат!

Македонско-албанското прашање има два одговори.
Еден македонски, друг албански!

Владата вети и од пиле млеко.
Што е сега владата виновна што пилето нема цицки?!

Ни ветија и од пиле млеко! А сега пилињава нѐ молзат.

Во новите избори на народот ќе му ветуваат леб и сол.
Тоа е реална понуда на секоја наша влада.

Народот е мајка родилка на секоја власт.
Затоа власта цица од народот!

Оној што си ја менува верата за вечера,
на крајот ќе нема ни за задушница!

Гробовите се прават сè поголеми.
За да може нашиот човек, да се врти во него.

Народ кој гласа со газот наместо со главата,
мора да оди по газот на Водачот!

Сè додека е пендрекот појак од грбот,
власта ќе биде посреќна од народот.

Толку години нè јаваат,
што веќе немаат потреба од нови коњи!

Нашите мртовци со вечни мандати
сакаат да станат бесмртни.

Дури откако почна да стенка, забележаа дека си имаат
работа со народ кој не може ниту да каже што сака.

Ќе изградевме голема куќа за мирна живеачка.
Ама градежната дозвола
нѝ заглави во европскиот катастар!

Министерот ќе издаде наредба за ред во исхраната.
Не може да го поднесе хаосот пред контејнерите.

Сексот е здрава работа. Освен ако е политички мотивиран!

Министерот не сака да инвестира во крави.
Воловите ги молзе поубаво.

Народот ако стане авангарда, ќе нема кого да предводи.

И во иднина ќе имаме подобар живот.
Слушнав дека има живот и на Оној свет!

Ние сме земја со голем потенцијал.
Проблем ни се импотентните на власт.

Бетовен и Ван Гог беа како нашите пратеници.
И тие имаа проблем со ушите!

Би сакал да знам кој судија е геј!
Па, наместо мито, да му понудам
нешто што нема да го одбие.

Господе, врати ни ги Турците!
Со нив имавме помали давачки.

Според легендите,
во Македонија се живеело богато и среќно.
И сега би се живеело, да не отидовме во легенди.

Народот еден ден ќе се брани од слобода.
Само чека да ја стекне.

Во градот има повеќе стока отколку в село.
Разликата е само во тоа што стоката на село има рогови.

Подобро да сте геј отколку обичен човек.
Барем знаете што ви прават зад грбот!

Неопределените гласачи ќе мора да се определат.
Или да да станат членови на партијата на власт,
или да гладуваат!

Кога Македонија имаше море сигурно имаше
и полакоми политичари. Инаку кој ни го исцица морето!?

Геј парадата е шанса да го покажеме
нашето најсилно оружје – газот.
Толку пати ни има помогнато во борбата за опстанок.

Судниците не се училишта.
Затоа сведоците не ги ни прашуваат.

Санитарната инспекција мора да го затвори Собранието.
Поради тоа што е извор на болести – кај народот!

Ако засадуваме дрвја според состојбата во земјата,
тогаш може слободно да се прогласиме
за земја на жални врби!

Сонцето бадијала изгрева.
Нашиот човек само плата може да го огрее.

Дека утрото е попаметно од ноќта е мислење на ситите.
Гладните цела ноќ роварат по контејнерите.

Политика и паметта никогаш не одат заедно.
Затоа во нашата политиката не гледаме памет.

Ако државата потоне,
пак на врвот ќе испливаат шупливите!

Нашиот компас наместо игла има вретено!
За да знаеме, чија мајка црна волна преде.

Воопшто не трошат на храна. Го јадат народот!

Чавките што ни го испија мозокот
сега гракаат од говорницата.

Кризата ќе помине како со рака однесена.
Само да не е со онаа рака со која однесоа сѐ.

Зборот слобода најмногу се сретнува
во Букварите! Во животот – поретко.

Од македонски политичар поп не бива.
Знае само Амин да каже.

Во држава каде владеат бездушните,
водачот мора да е – ситна душа!

Не сме држава на крадци.
Нашите крадци си имаат посебна автономија.

Со закон е пропишано народот да стои на химната.
Дури и оној дел од народот
кој не може ни на нозе да се држи!

Интонирањето на химната го следиме во клечечки став.
Тоа е максимум до кој можеме да се исправиме.

Родени сме за јадење. Кој стигне – нѐ јаде!

Од патриотски причини
химната ќе се интонира и при одење во тоалет.
Предност имаат оние со тврда столица.

Платата ќе почнат да ни ја даваат два пати во месецот.
Првиот пат со кренат среден прст,
а вториот со свиткан лакт.

Можеби имаме поцрни резултати
од некои афрички земји, ама затоа народов ни е побел!

Порано татковината беше како здравје.
Со транзицијата останавме и без татковина и без здравје.

Добра е идејата да се избираат двајца претседатели.
Еден не може да издржи толку пцуење од народот.

Среќа наша што куршум не нè бие.
Бидејќи на работа почнавме да одиме како на стрелање!

Паметта и силата никогаш не одат заедно.
А овие сакаат на сила да нè опаметат.

Кога видоа дека книгите не одговараат
на големината на нивниот мозок,
почнаа со печатење партиски книшки!

Политиката е нашата најголема душевна болница.
Во неа сите си ги лечат комплексите.

Постои живот после смртта.
Стечајните работници ви се доказ.

Сè додека е Тој во вертикала,
народот ќе биде во хоризонтала.

Сè уште никој никој не се вратил од Оној свет.
А кој е будала да се враќа во Овој?!

Како да избереме меѓу две зла,
кога меѓу двете зла сме ние?!

Кога би им ги исекле палците,
пола државни договори ќе останеа непотпишани!

Без оглед на класната определба,
хиенитеи мршојадците имаат исти погледи на светот.

Политиката е курва. А тарифата што ја плаќа
народот зависи од рангот на курвичињата.

Иако не јадеме, на масата седнуваме три пати дневно.
Колку да ја одржиме традицијата од минатото.

Во трката за опстанок ќе одлучи фото финишот.
Дали прва ќе изумре државата или народот?!

Велат дека Александар Македонски има неколку гробници.
Значи, зрел е за испитување на потекло на имотот.

Старите Македонци Го молеа Бога да има жито.
Денес го молиме Бога да го сотре каколот!

Нека му ја мислат оние што живеат во облаци..!
Ако некогаш почне да грми одоздола.

Македонија сè уште не е за продавање.
Немаат постигнато договор околу цената!

Сите што си купија диплома најдоа работа.
Оние што по нормален пат стекнаа диплома,
ќе мораат да си купат работа.

Најисплативи се игрите со гребење.
Особено ако се гребете кај директорот.

Кому ќе му направите добро, ви плаќа со лошо.
Лошотијата е наше национално платежно средство.

Немаме време да пораснеме. Нè лажат како мали деца.

За нашиот човек не важи: Подобро гроб отколку роб.
И двете му се исполнети!

Го допреа дното уште на почетокот.
Пред да почнат да јадат, го видоа – дното на чинијата!

Има излез од тешката ситуација во која луѓето се наоѓаат.
Ама, душа не излегува така лесно.

Граѓаните со радост би го почитувале
Законот за работни односи.
Само најпрвин да најдат работа.

Нашата криза има – плитка длабочина!
Поради плитките потонавме длабоко.

Би имале и повисок стандард од нас.
Само кога би биле Пигмејци!

На новата влада не и требаат сто дена.
И требаат кредити!

Народот стенка ли стенка!
Не од тврда столица, туку поради оние во фотелјите.

Не пливаат во секаква вода. Пливаат само во матна!

Што ни требаше први да се доселиме на овие простори?!
Заборавивме дека првите мачиња се фрлаат во вода!

Остана уште да направиме реформа на азбуката.
Другите реформи ги оправдаа
очекувањата на непријателот.

Напишав многу критизерски афоризам за Водачот.
Воедно, тоа е прв афоризам во светот кој е без зборови.

Дождот е виновен за сѐ.
Будалите никнуваат како печурки после дожд!

Оние што препишуваа во училиштата,
сега сакаат цела држава да си ја препишат во катастарот!?

Во празниот фрижидер секогаш ми свети сијаличка.
Таа е единствена светла точка во мојот ланец на исхрана.

Ги сакам спомениците.
Ама, не оние што ги праваат гробарите, туку вајарите.

Нашиот човек не може да се оптегне
колку што е долг. Долгот му е многу поголем!

Не пливаат во секаква вода. Пливаат само во матна!

Не може една слика да вреди повеќе од илјада зборови.
Еве, за сликата на претседателот немаме толку пцовки!

Не знаев дека е демократијата толку брза.
Протрча покрај нас!

Хуманитарната помош ја делат рамномерно.
Пола ним, пола на народот!

На Оној кој го нема Овој или Оној,
сеедно му е дали е на Овој или Оној свет!

Поради оние што се од крв и месо,
страдаат оние што се кожа и коски!

Не е проблем што имаме министри без ресор.
Проблем е што имаме функционери без памет!

Јас секогаш го давам најдоброто од себе.
Затоа луѓето почнаа да ме сметаат за перверзен тип.

Откако ни влезе демократијата
отворот толку ни се прошири,
што сега без проблем ни влезе и сиромаштијата!

Македонецот над земја е исти како и оној под земја.
Ни глас да пушти!

Со векови нѐ интересирало само
квантитетот, а не и квалитетот.
Затоа секогаш го извлекуваме – подебелиот.

На европската криза мора да и покажеме заби.
Затоа владата набави нов контингент протези.

Еден ден ќе имаме иста историја како Мохиканците.
Само прашање е кој ќе биде
последниот Македонец?!

Денес човек е посигурен на улица
отколку во сопствениот дом.
Во домот може да го начекаат инкасатори.

Во македонските села има повеќе говеда отколку луѓе.
Говедата немаат пасоши!

Конечно е пронајден гробот на крвопиецот Дракула!
Нашиот крвопиец сѐ уште го немаме закопано?!

Тврдат дека на нашето општество
ќе му се вратат вистинските вредности.
Која будала ќе го врати украденото?!

Македонски бермудски триаголник:
очи, уши и телевизор!

Македонија е мајка на сите граѓани.
Ама, од неа цицаат само оние уста што не затвораат!

Изгледа најдоа стратешки партнер за продажба на кожа.
Затоа ни ја дерат!

Во нашата политика конците ги влечат
оние кои подготвуваат свилен гајтан за народот.

На Македонецот нема потреба да му подадете рака.
Дајте му прст, тој сам ќе ви ја земе целата рака.

Оброците на нашите граѓани станаа обилни!
Појадокот и вечерата ги спојија со ручекот.

Вчера сретнав чесен политичар.
Не знаев дека му поминал мандатот!

Нема шанси македонски политичар да стои во став мирно
пред некој европски претставник! Редовно клечи на колена.

Порано луѓето фрлаа цвеќиња по државната делегација.
Сега имаат мерак венец да им положат...

На сиромасите им се гади од новите достигнувања
во електрониката. Пример ви се електричните броила.

Врв на сиромаштијата е кога човек мора да земе кредит
за својот закоп. Не може ниту да враќа, ниту да плаќа!

Никако да погодиме добар пратеник.
И со пушка да го гаѓаш...

Тито се задоволуваше со четири-пет жени.
На овие и два милиони им се малку!

Минхаузен е Македонец.
Видете само колку потомци ни остави?!

Земјата напредува како полжав,
затоа што народот се плаши да пушти рогови.

Не можеме да запнеме од петни жили.
Во петата ни е симнато срцето!

Народот во менувачниците менува само пет евра.
Другите пет ги чува за некои полоши времиња.

Народот сака да јаде два-три пати на ден.
Ама, за тоа не е доволно само љубов кон храната.

Роден сум во својата земја. А по се изгледа
дека ќе умрам во земјата на странски инвеститори!

Македонецот не може да биде како гуска во магла.
Гуските барем пуштаат некаков глас.

Питачите се закана за власта. Ги окупираа улиците!

Не смеам да крадам.
За таква работа немам мандат од народот.

Не можам да оставам сè и да си одам.
Немам што да оставам!

Во цел свет коњите се во служба на луѓето.
Само кај нас е обратно!

Во новата власт задолжително треба да има и ветеринар.
Само Господ знае каква стока ќе изгласаме!

Го закопаа онака како што работеше целиот живот!
Со рацете во џепови.

Мајмунот никогаш не може да стане функционер!
Не знае да прави толкави мајмунлаци!

Порано претседателот беше татко на нацијата.
Денешниот повеќе ми прилега на – очув!

Македонски бермудски триаголник: очи, уши и телевизор!

Лесни сме во мозокот. Затоа тешко живееме.

Стоиме во место бидејќи не водат мрднати!

Никогаш не пишувам шупливи афоризми.
Шупливи ми се ликовите за кои пишувам!

Што повеќе одат нагоре, сè повеќе пропаѓаме!

Родителите ме воспитуваа да мислам со глава.
Сега ме превоспитуваат оние што мислат со газот.

Тешко некој сликар ќе направи портрет на водачот.
Нашиот водач има повеќе лица!

Кој и да стои позади него, ние стоиме поради него.

Политичарите да не се ставаат
во иста ќелија со криминалци. И нив ќе ги расипат.

Среќа што немаме Крал.
Инаку Европа одамна ќе не матираше.

Кралот можете да го матирате, но не и да го изедете!

Па што ако младите си одат?!
Земјата е тркалезнаа, пак ќе ни се вратат.

Водач без глава си игра
со главите на сопствениот народ!

Разделбите се трогателни моменти.
Особено кога некој се разделува од умот!

Чукањето празна слама не беше залудно.
Воловите се наситија.

Добро е што народот не е на власт.
Инаку ќе немаше кој да ја пцуе власта?!

Тука сè се движи забавено.
Само младите бегаат забрзано!

Луѓето почнаа да ги мразат излозите!
Во нив секогаш е она што не можат да го имаат.

Нашата правда има одлики на желка!? Многу е спора.

Нашите најголеми кратци немаат Диплома за крадење.
Но, со дипломите што ги имаат седнаа на места
од кои можат најлесно да крадат!

Оние што крадеа вчера, мора да крадат и денес.
Знаат дека од стара слава не се живее!

Бадијала ѓаволот дојде по своето.
Нашите ѓаволи сѐ ни однесоа!

И масовните песни се пеат за поединец!

Министерот никогаш не е негативен на жиро сметката!
Негативен е на функцијата.

Тешко се станува сериски убиец.
Мора во серија да се победи на неколку избори.

На новите избори ќе можат да учествуваат
и хендикепирани. Значи, пак по старо.

Кога ќе засвири радио, во мојата куќа заигрува мечка.
Што да правам кога имам музикална жена?!!

Што е постаро: кокошката или јајцето?
Се разбира дека е јајцето: постар сум од мојата жена.

Жена ми е политичка нимфоманка!
Досега ниту една влада ја нема задоволено!

Го молам Водачот да не се турка зад мојот грб.
Тоа место е резервирано за мажи.

Кога сме во креветот, жената ме споредува со владата!
Не ме бивало за ништо!

Добриот сатиричар мора да е како Исус.
Мудар, праведен... и да живее од леб и вода.

Господ изрази желба да ни помогне.
Се разочара кога увиде дека и тој не е семоќен.

Народот со радост ја очекува својата прва влада.
Претходните не се покажаа како народни

Наш спорт е ватерполото.
Се навикнавме на вода до грло.

Долг и скап е патот до Европа.
Имаме и трошоци за магарињата што нè носат.

Историјата покажа дека Грција и Македонија се браќа.
Како Каин и Авел!

Го учам синот да лаже!
Се надевам дека ќе стане политичар.

Која е разликата помеѓу министер и проститутка?
Министерот мора да даде свечена
изјава пред да почне со работа.

Го молам Господ за да ни потоне бродот!
Доста ми е од веслање.

Потемкин доаѓа кај нас.
Да ја контролира изградбата на нашата земја.

Во Европа ќе влеземе дури откако ќе раскрстиме со Марс.

Власта мисли на народот што го секса.
Ќе отвори фабрика за презервативи.

Државата и црквата се обединуваат.
Не подготвуваат за задгробен живот

Порано, на тајната вечера, се водеше сметка што ќе се јаде.
Сега – кого ќе го јадат!

Само што отворив бутик за погребна опрема,
владата најави мерки за подобар живот.

Средбата помеѓу нашата младина и Европа
ќе биде вон границата на нашата земја.

Ни недостигаат лудници!
Има уште многу на кои
им недостасува покрив над главата.

Транзиционииот воз за Европа не е електричен.
Го влечат магариња.

Чекајќи жабата да стане принц,
се наполнивме со празноглавци.

Кога беше на власт, беше страв и трепет.
Сега трепери од страв!

Власта има алиби.
Кога го средија народот – не беше при себе.

Во име на народот, си направија презиме.

Дарвин ја утна еволуцијата!
Кај нас магарињата станаа мечки.

Змија од човек, па уште и со крила!
Власта не му гине.

Имаме индивидуален квалитет за Европа,
а колективен за Африка.

Избирачкиот список е
потенцијална листа на излажани.

Народот очекуваше опера. А му држат опело.

Вардар е синоним за нашата земја. Тече надолу.

Не дај боже власта да стане идеална!
Не ќе можам да напишам афоризам.

Сите му бевме на погреб.
Да ја утапкаме земјата, за секој случај.

Имаат визија како да не извлечат.
Ќе не влечат со јаже околу вратот!

Уште не ја избравме најлошата влада.
Ама времето работи за нас.

Сликата на претседателот стана како икона!
Народот стои пред неа, мрмори нешто... и се крсти!

Нашиве не се обични слепци!
Тоа се слепци со визија за светла иднина.

Главен сум во фирмата. Имам најголема глава.

Постам седум дена во неделата.
Останатите денови барам храна

Власта реши да штеди. Наместо скапи горила,
ќе вработи обични мајмуни.

Политичкиот опинок најмногу игра со ѓон.

Законите може да ги пишуваме и со клинасто писмо!
И онака никој не ги чита.

Не е точно дека го менуваме уставот како чорапи.
Немаме толку чорапи.

Диригентот ни ветува среќна иднина.
Оркестарот за секој случај го подготвува посмртниот марш.

Требаше да му кажат дека доаѓа подобро утре.
Немаше да умре.

Жито сè помалку извезуваме. Го чуваме за блага пченица.

Конечно ми се згреа срцето. Се запали куќата на комшијата.

Меѓу политичарите има и чесни луѓе.
Идентификацијата е во тек.

Благодарение на вицовите,
Македонецот и кога пости мрси!

Црните овци се премачкани со сите бои.

Идеална Божја творба – Македонец без желудник.

Како млад беше тиква од човек.
Сега е министер за земјоделие.

Тоа што ни е зинат газот е добар предуслов
за влез на странскиот капитал.

Изгледа дек на народот му попушти видот.
Не може да ги гледа ниту претседателот ниту премиерот.

Во Македонија се живее најбрзо. Од денес до утре.

Ќе прифатам да бидам член на владата.
Една будала повеќе и не е некој проблем.

Кога слушнав дека политиката е курва
застанав и јас во редот.

Во земја на која сите и се смеат,
на народот не му е до смеење.

Ако идеално не постои,
тогаш сме близу до идеална држава!

Знаеме дека сме смешни повеќе отколку што треба,
ама ние секогаш даваме максимум од себе.

Криминалците не можат безбедно да се возат по улиците.
Улиците се полни со дупки.

Мора Црнците во Африка да ни се роднини!
Инаку од каде таква сличност.

Изгледа дека Водачот порано бил шинтер.
Народот го третира како куче.

Сакав да станам поп за да закопувам луѓе!
Желбата ми се исполни откако станав член на владата.

Оваа власт сака да владее 500 години.
Тоа е знак дека и таа не е ништо подобра од турската!

Нашата позиција и опозиција само на едно место
можат да имаат исти став. Во тоалетот!

Неколку дена ќе бидам на диета.
Контејнерот е на поправка.

На Балканот најтешко е да си Македонец.
Едно газе а многу кандидати.

Не ми е тешко што ме прават магаре,
ама барем да ми додадат
барем уште дваесет сантиметри.

Нашиот народ гласа на слепо затоа што
не може со очи да ги гледа!

Не знам дали мојата земја тоне, ама делегацијата
на Атлантида е подготвена за дочек.

Во владата се почитуваат различните мислења.
Дури и ако доаѓаат од еден ист човек.

Кого да сакам: татковината или својот газ?
Сепак, газот, некако, поблизок ми е до срцето.

Демократијата не е за слепци.
Затоа и не ја ни видовме.

Не сум крава. Кравата ја молзат еднаш дневно.

Кога некој ќе ве нарече брбушка, доказ е дека тој човек,
од почит кон вас, не сака да ве нарече овца!

Не знаеме кој има повеќе крадци,
власта или опозицијата?!

Од Европа побаравме да ни донира она што немаме.
Прифатија! Само бараат да им испратиме
мерка на главата.

Тешко се воочува разликата меѓу дебил и глупав.
Еве, погледнете ги избраните од задните клупи.

Порано се радувавме на туѓите несреќи.
Сега не можеме од нашите.

Телевизијата секогаш вестите ги започнува со убиства!
Народот да е среќен што е жив.

Тоа што го фалат дека има квалитетна кожа,
мала е утеха за одраниот.

Ние би чекореле самостојно и стабилно,
ама овие што не придржуваат многу се клатат.

Ние немаме брод на лудаци. Имаме флота!

И ние имаме коњ за трка.
Ама, моментално е зафатен со државни работи.

Кога би се вратил Александар Македонски
во Македонија, би поминал како во Индија!
Би изгубил од нашите слонови.

Кога ми рекоа дека сум свиња, свињата се навреди!

Бидејќи е Орвелова година,
пак ќе гласаме за некои животни!

Со политика можат да се занимаваат и ненормални.
Тоа кај нас е нормално.

Одлично се дополнуваме.
Тие имаат сè она што нам ни недостасува.

Мојот народ бара демократија! Ама, во погрешна земја.

Во догледно време Балканот ќе стане Америка.
По бројот на држави.

Освен што го осакатија народот,
во собранието не се случи ништо значајно.

Не смееме да играме руски рулет.
Владата ни е западно ориентирана.

Државата ни е стабилна.
Само дното да не ни се мрдне.

Кога би знаел дека ќе умре утре,
би гласал нашиот Водач да владее доживотно.

За да не останеме без работа Господ
ни направи дупка на задницата.

Нашиот развој е во нагорна линија.
Иста како кај Сизиф!

Би сакал да не сум најпаметен на светот.
Ама, кому му треба таква будала?!

Цел свет ни се смее како луд.
Тоа е доказ дека и тие не се баш нормални.

Турците си отидоа после пет века. И ова ќе помине.

Новиот Устав е поквалитетен од стариот.
Во тврди корици е.

Немојте да ја критикувате секоја влада.
Еве, минатата беше подобра од оваа.

Не ни треба многу за да се комплетираме.
Само опаш и рогови.

Кога ќе видите двајца Македонци како се сакаат да знаете:
Или се педери или еден од нив не е Македонец!

За добро здравје ни треба разновидна храна.
Ваква комбинација има само во контејнерите!

Работата на владата ставена е под лупа.
Некои вошки во власта не можат да се видат со голо око.

Гласачкото ливче ја покажува волјата на граѓаните.
Освен око со кое некој си го избришал газот.

Пред да го избереме за пратеник
беше како останатите луѓе. Скоро мртов!

Полицијата нема проблем со имињата и презимињата.
Само со прекарите.

Сега кога сме во калта само чудо може да ни помогне.
На пример: калта да е лековита!

Државата ни е како риба.
Дише на шкрги.

Граѓаните се побрзи од државата. Сами умираат.

Владата претера со штедење. Работи со половина мозок.

На нашата државна граница забележани се будали!
Сакаат да влезат во државата.

Ќе ни загори додека се решиме меѓу маста и лојот!

Среќа наша што живееме во темница, па нашето лудило
не може да се шири со брзина на светлината.

Јас сум од нашата гора лист. Затоа треперам.

Никогаш не спијам под ведро небо.
Контејнерите имаат капаци.

Тоа што сме божје стадо

не им дава за право да нѐ молзат.

Многу сме јаки! Тоа што ни го прават
други не можат да го издржат.

Владата е составена од повеќе коалициони делови.
Тоа е наш државен Франкенштајн.

Мојот народ не може да биде жив пример.
Тој едвам и да е жив.

Секоја смрт не е тажна. Неговата нѐ развесели!

Човекот не може да е канибал.
Тоа мора да е некое друго животно.

Знамето се држи добро.
Иако е на половина копје!

Нѐ делат оние кои имаат половина мозок.

Кандидатите треба да се заокружат.
По можност, со бодликава жица!

Мојот народ е питом. На секој му јаде од рака.

Нашиот геноцид ќе биде од економска природа!
Ќе поцркаме од глад.

Само еднаш се живее. Ама не тука.

Места има за сите. Можеби ќе се
појави недостиг на крстови.

Дури откако ја зачленив жената во противничката партија,
сексот ни стана незаборавен.

На бирото за вработување нема ниту еден политичар.
Тоа е доказ дека тие се дефицитарна стока!

За да не може непријателот да ни удира по темелите,
направивме држава без темели!

За перење мозок не ви треба никаков препарат.
Доволно е да си купите телевизор.

Не ни требаат патокази.
Знаеме дека нашиот пат не води никаде.

За говедата детелината со четири листа е само храна.
Луѓето во неа гледаат среќа.

Оној што се фали дека е на браникот на татковината,
вози џип.

Тука може да ве убијат како куче.
Освен ако на време си ја подвиткате опашката.

Авангарда која оди наназад брзо
ќе се судри со народот.

Добро е ако е човекот националист,
ама само ако е националистот добар човек!

Него не можете да му се фатите ни за малиот прст!
Постојано му е во носот.

Полициското куче открива дрога.
За откривање дрогирани потребен е микрофон.

Тука ѓаволот не мора да доаѓа по своето.
И онака сè е негово!

Не е трагедија што сме сè помалку,
туку трагедија е што сме сè помали!

Само горилата во џунглата имаат мајки.
Горилата по градовите имаат татко.

Сите што крадеа како луди испаднаа паметни.
Затоа паметните збудалеа!

Поради интимни причини правдата
не ја гледа голата вистина.

Се разгоре битката со криминалот.
Изгореа неколку сведоци.

Коњите ги јаваат од страст или од љубов.
Народот, само од корист.

Библијата ја чувам во фрижидерот.
Се надевам дека Господ ќе ми го наполни.

Смеењето е лек, освен ако му се смеете на некој болен!

Решението на нашата криза е минута молчење...
за оние поради кои со години уста не отвораме.

Не знаеме каде води овој пат. Други ни го трасираа.

Не јадат трици. Тие се посебна сорта на свињи.

Ги почитуваме законите.
Ние почитуваме сè што е мртво.

Исус бил учител. И тој работел бадијала.

Водачот на партијата, мора да е и малку глуп!
За да може да привлече што повеќе истомисленици.

Темнината е побрза од светлината.
Додека светлината ни стаса, нам ни се стемнува.

Никако да отвориме фарма на пилиња.
Само што ќе се испилат – ни бегаат во странство.

Диктаторите се наши луѓе.
Затоа диктатурата толку лесно ја прифативме.

Нашите волови не јадат слама.
Се задоволуваат со кавијар.

Станавме Швајцарија на Балканот. Немаме војска.

И во масовна гробница да нѐ стават,
пак ќе најдеме начин како да се поделиме.

Змијата со јазикот го насетува пленот,
а политичарот – народот.

Повеќе питачи има пред собранието
отколку пред црквите!
Да се знае кој има поголем придонес за нив.

Имаме квалитетна земја. Само црвите што ја издробија
не се калифорниски – туку домашни!

Кога делеше памет Господ тргна од долу.
А кога стигна на врвот – немаше повеќе!

Нашето лудило има своја генеза.
Потекнува уште од времето на првиот
парламентарен состав.

Причината за нашата пропаст не може
да ја утврди аналитичар туку психијатар.

Политичарите заспиваат со Библиски приказни!
Затоа идоли им се Каин и Авел.

Сакате правда!
Моментално немаме, ама очекуваме дека ќе добиеме!

Од двете зла секогаш го избираме
она кое има повеќе гласови!

Онаму каде се нудат повеќе правци,
работите одат во погрешен правец!

Наместо трговски центри градете тоалети.
На народот сега тие му се најпотребни.

Младино наша, слушајте ги родителите
и направете обратно од нив. И нема да погрешите!

Нашиот минимум е брат на максимумот!
Имаме максимален минимум.

Како да ја бранат татковината од петни жили
кога во петите им е срцето?!

Нашиот пат не води никаде.
Затоа и нема потреба да мрднеме од место.

Човек се учи додека е жив.
А потоа на него студираат анатомија.

Нема толку бели коњи за толку принцези.
Затоа некои мора да се качуваат на било каков коњ!

Духот и материјата никогаш не се заедно.
Кога е духот во опозиција, материјата е на власт!

Порано главата ни беше во торба, сега во контејнер!

Секој четври Македонец е член на партија.
Останатите тројца се невработени.

Нашето дно е рај! Таму ни се голите.

Држава во која последниот коњ е качен на пиедесталот,
не е држава туку коњушница.

Да го свртат Дунав накај нас. Вардар не нè пере.

На најголемиот му благодариме за сеното,
ама немаше потреба да одвојува од уста.

Подобро да бевме вошки од народ.
Барем ќе бевме заедно!

Бесилката не вреди ни пет пари
ако не е обесениот!

Лидерите не се Божја творба.
Господ задникот го стави позади, а не напред.

Нема шанси нашиов народ да излези од кожа.
Одамна го одраа.

Оваа земја ја уништија парите!
Не оние на сиромсите, туку оние на богатите.

Кај сите очите служат за гледање,
само кај нашиов народ за можење.

Ние сме технолошки заостаната земја.
Еве, дури и деца правиме по стара технологија.

За да не мора да ни се тргнат од пред очи,
не прогласија за слепци.

Нашата житница отсекогаш повеќе раѓаше какол
отколку жито. Затоа житото е секогаш во опозиција.

Гладните ќе се најадат,
ама ненаситните вечно ќе бидат гладни.

Мочањето по говорникот бара и знаење.
Да знаеш од која страна дува ветерот.

Па што ако крадеа толку години!?!
Прочка е, треба да им се прости.

Нема повеќе, кадија те тужи-кадија те суди.
Сега кадиите станаа судии на Уставен суд.

Кога го гледам Ајнштајн,
срам ми е што имам уредна фризура!

Се фалиме дека Александар Македонски ни е татко,
а се однесуваме како татко да ни е Глупавиот Август.

Не е убаво да се каже дека е – Стока неопеана.
Зарем не гледате дека за него ја свират химната?!

Исто ќе беше ако Србинот Никола Тесла беше Македонец.
И тука ќе умреше сиромав.

Животот е како кино. Од главучите во првите
редови не можеме убаво да гледаме!

Плашиците што на време ја напуштија барата,
сега станаа ајкули. Значи: Не е до времето туку до базата!

Станавме како бермудски триаголник!
Тука ни тонат сите бродови.

Кога не би бил  незадоволниот народот,
секоја влада би била – идеална влада!

Ќе ја менуваме химната.
Таа е виновна што стоиме во место.

Јазикот е богатство!
Тоа можат да ви го потврдат оние што лижат чинии.

Народот се подготвува за нови избори. Собира плунка!

И ангелите и ѓаволите имаат крила,
ама ѓаволите летаат повисоко!

Во гробот на Александар Македонски
е и картата на Македонија.
Гледате дека Македонија уште од тогаш е закопана.

Нашата земја почна да станува пустина,
откако политичарите почнаа да стануваат шеици!

Нашата земја почна да станува пустина,
откако политичарите почнаа да стануваат шеици!

Газот станува мета, само ако неговиот стопан е нечија цел.

Историјата ни беше црно-бела,
сè додека не се појавија телевизорите во боја.

Народ кој со солзи во очите моли за леб, плачи за стап.

Кирил и Методиј го описменија народот.
За политичарите немаа време.

Лебот е мир во куќата. Месото – во вилата.

Народ кој е на колена,
не може да почувствува цврсто тло под нозете.

За Македонија би го дал и последниот динар.
Ама, го потрошив на леб!

Кој пие цела шака лекови,
не може да ја користи тупаницата.

Гаќите на народот не му паѓаат
затоа што слабее физички, туку политички.

Ако нашите соседи тврдат дека не сме Македонци,
тогаш не сме. Купувачот е секогаш во право!

Стоката остана ненапасана затоа што
и ние моравме нешто да јадеме!

Меѓу Рајот и Пеколот стои само гранична рампа!

Државата за народот е исто што и играчката за децата!
Дури кога ќе ја растурат – плачат по неа.

Државата за некого е татковина, а за некого Мајка.
Зависи од тоа дали пуши или цица!

Македонецот е маж на иднината!
Светот допрва ќе види
колку понижувања може да истрпи.

Порано најадени како свињи фрлавме храна,
а сега ни фрлаат храна како на мајмуни.

Силна држава е онаа во која сите се смеат,
а не онаа на која сите и се смеат!

Селаните воловите ги печат на ражен.
Само нашиве волови одат во солариум.

На мојот животен пат сретнував секаква стока.
Повеќето од нив одеа на двете нозе.

Огнот го гасниме со бензин. Затоа имаме вечен оган!

Рибата во аквариум има поголема слобода
од нашиот човек. Таа барем отвора уста!

Власт која не знае каде е, улицата
брзо ќе и покаже – за каде е!

Оној што го има воланот од државата не знае за кочници.

Ќе останеме мали сè додека се бориме
да си докажуваме кој е поголем.

Во собранието нема ќелав пратеник.
Ги има само од оние од кои ни се крева косата на главата.

Пописот може да открие колку жители
имаме, а не и колку луѓе живеат.

Влада во сенка се прави во земја во која Сонце не свети.

Порано нижевме победи.
Сега наш максимум е нижење пиперки.

Аплаузот некогаш е единственото средство
за да се замолчи говорникот.

Народ кој не отвора уста не може да пее!

Од пиле млеко може да им се ветува
само на народи со пилешки мозок.

Да не се свадбите сиромасите никогаш не ќе можеа
да се фатат рака под рака со богатите.

Странците се чудат како ги затворивме фабриките.
Од каде ни пари – за катанци?!

За да ги оправдаме потрошените средства за одбрана,
моравме да измислиме непријатели.

Државниот криминал е доказ дека имаме држава.

Министер кој краде не е за висока позиција.
За во подземје е.

Нашите проблеми пораснаа. Нормално, не се од вчера.

Не се срамам што сум Македонец.
Се срамам што станав Македонка.

Како може слободата да ни е на прагот,
кога и куќата ја продадовме?!

Босиот не може да стане министер.
Нема ни чорап за на глава!

Сакав да видам како изгледа голем Македонец.
Ама, без лупа, тоа е неизводливо.

Жаби што крекаат завршуваат како жабји батаци!

Старите занаети злато вредат.
Може да ви потврдат и проститутките.

Разликата меѓу државна и локална будала
е само во квадратурата на клиниката која ја раководат.

Исусе, добре ни дојде.
Извини што те дочекуваме во пеколот.

Никој не се плаши од народ без заби.
Тој и кога сака да гризе – се лигави!

Гладуваат само оние што не знаат да гризат.

Контејнерите се хуманисти на четири тркала.
Се грижат за народот.

Нашата драма никако да заврши
бидејќи има многу гледачи.

Од оние на функција станавме народ што не функционира.

Во потонат брод нема стаорци,
ама ајкулите почнуваат да царуваат.

И нашите криминалци имаат редовни годишни состаноци.
Само кај нив тоа се вика – конгрес!

Сè додека политичарите не пропаднат в земја од срам,
земјава ќе пропаѓа од срам поради политичарите!

Знамињата од сите држави
сепак имаат нешто заедничко. Стапот!

Во почетокот беше зборот,
а потоа печатот го презеде водството.

Оние што одат по туѓа памет, немаат своја.

Никој политичар нема толку направено за народот,
колку што има народот направено за него!

Македонската политика е погрешно поставена!
Требаше да произведува лекови а не болести!

За силна држава треба избори кој ќе се одлучуваат
во фото финиш. А не со фотошоп.

Немаме потреба од џелати.
Нашиот народ одамна е обезглавен.

Ние сме единствената земја
во која колку си попаметен толку си поглуп.

Не ни пречи што живееме во луда куќа.
Сами си ја креиравме.

Пустината нема граници.
Затоа и заслужуваме безвизен режим.

На Снежана и е полесно отколку на нас!
Таа има само седум џуџиња.

Никој не ми попушта,
што е доказ дека јас сум најпаметниот!

Собранието не е штала, иако и таму има разна стока!

Нашиот човек не може да се бори до последниот човек.
Последниот секогаш е прв.

На оние што имаат не им кажувајте како треба.
Да прашуваа како треба, не ќе имаа.

Откако ги заокруживме нѐ втераа в ќош.

Само Исус сите луѓе ги дочекува со раширени раце.

За да стигнеме во подобро утре,
патот требаше да биде готов уште од вчера.

На страшливиот народ не му треба слобода на говор!
Нему му е доволна слободата да молчи.

Лавот ќе биде крал на животните
сѐ додека не влезе во нашата џунгла.

Власта не остави ниту еден граѓанин на улица.
Воведе полициски час.

Не е страшно што од двете зла го одбираме поголемото,
туку што тоа секогаш е и – подолгото!

Нашите коњи немаат учествувано на трки,
затоа што се секогаш во свечената ложа.

Ние сме толку отворено општество
што и криминалците ни се на отворено.

Понекогаш и кучешкит живот е убав!
Особено ако сте режимско куче.

Овие што се во малиот екран,
во реалниот живот се уште помали.

Со полна уста не се зборува.
Затоа на демонстрациите најгласни се гладните.

Главата се полни преку ушите!
Затоа Господ најголеми уши им даде на празноглавите.

Немаме Закон за кризна состојба!
Кај нас Кризата е Закон.

Заштитните маски се изум на крадците,
а не на лекарите.

Не се плашиме од никакви болести!
Толку влади имаме прележано.

Не постои неспособен криминалец.
Неспособните не можат да станат криминалци!

Наоружените со знаење најлесни се за отстрел.

Мамутите изумреа
бидејќи не успеаја да се изборат за втор мандат!

Тука само обесениот виси по сите правила.
Како под конец!

Сите се влезени во некаков филм,
па народот мора да биде само обичен гледач.

Во ќорсокакот најдобро се снајдоа слепците!

Држава во која плукањето в лице
е поисплатливо од плукањето в раце, сите ја плукаат.

Нашите млади држат диета. На тревки се.

Кај нас зборот лудница е широк поим.
Од душевна болница, па до држава!

Одамна не ни треба компас.
Се ориентираме онака како што дува ветрот.

Добар политичар треба да ја сака целата земја.
А не само онаа што ја има в катастар!

Не може да се каже дека е неоформено лајно!
Од мандат во мандат се формира.

Пациентите бараат начин да побегнат од лудницата.
Исто како нашата младина.

Нормално е во подземјето да има и луѓе од врвот.
Тие се спој меѓу народот и власта.

Народот тешко ги разликува Ѓаволите од верниците.
И едните и другите одат во црква.

Потребни ни се нови непријатели.
Овие не можеме да ги победиме!

Нашиот Робин Худ нема мадиња,
па краде само од сиромашните.

Рентген снимката покажа дека нашиот човек
покрај коски има и желба за живот.

Тука нема правила на игра.
Тука си играме со правилата.

Туѓата несреќа може да стане и наша!
Особено ако туѓиот е наш човек.

Кај нас парада може да направи само голман.

Како нашите претци така и ние – копаме за да преживееме.
Претците по нивите, ние по контејнерите!

На копитар и најубавите чевли да му ги облечете,
пак си останува копито.

За тоа што се некои полни како брод
најмногу заслуга имаат давениците!

Парламентот не смее да биде распуштен.
Таму треба да седат прибрани луѓе.

Народ кој сонува идеална власт
е идеална храна за секоја власт!

Не е проблем што сѐ повеќе луѓе зборуваат сами со себе.
Проблем е што и таквите ги прислушкуваат!

Успехот на свињата се гледа од нејзиниот животен пат.
Од кал до трпеза со златен прибор.

Тука не е сè мртво. Жива брука сме!

Пропаста на државата не зависи од државата,
туку од пропаднатите!

Секое прашање на кое нема одговор
станува процес!

Секој пријател може да биде потенцијален тројански коњ.
Не се знае кога ќе ве ритне!

Поднесе молба за прием како дописен член на Академијата.
Ги знае сите букви!

Јадењето е релативна работа!
Ако јадеш она што не се јаде, како ништо да не си јадел.

Кога ќе ви речат дека треба да се менувате од корен,
да знаете дека ве сметаат за – дрво!

Изгледа дека имаме премногу гулаби во политиката.
Инаку, од каде толку усран народ?!

Нормално е магарето да сонува коњски статус.
Во опозиција е!

Давениците во земјава лесно се препознаваат.
Немаат ни вода во очите.

Стар е за бајки, ама идеален за државни басни!

Минхаузен не бил политичар!
Тој лажел од мерак, а не од интерес.

Оние со зинат газ полесно дишат.

Јазикот е како скала.
Колку што е подолг, толку повисоко се качуваш.

Кај нормалните очите служат за гледање,
само кај нас за мижење!

Слеп е оној народ кој чека други да гледаат за него!

Народ кој не може да затвори очи на раат,
обично за водач има слепец.

Онаму каде расте бројот на национални кујни,
расне и бројот на запршки!

Кога видов кој сè влезе во владата,
им пратив честитка напишана со Брајова азбука!

Чесните луѓе не можеш ни да ги видиш!
Се кријат од срам што се чесни!

Ако тврдат дека не сме луѓе туку стока,
да не се вознемируваме. Купувачот е секогаш во право!

Не зависиме ниту од кирилицата ниту од латиницата.
Да ни е жив палецот!

Народ кој секој ден бара леб,
заслужува власта да им отвори фурни.

Кога неписмените го достигнуваат врвот,
тогаш врвот станува подножје!

Гладот дава сила. Гледајте ги гладните
колку силно врескаат пред собранието.

Гробното место вреди повеќе од умрениот.
Тоа е дополнителна причина да се одбегнува умирањето.

Нè спомнуваат во Библијата како многу храбар народ!
Што го докажуваме и на Фејсбук.

Децата се единствените копии
кои не личат на оригиналот!

Во политиката се оние што знаат да пливаат.
Останатите се давеници.

Таткото на нацијата прави екипа со луѓе слични на него.
Ете зошто толку килави функционери.

Водачот е сличен на мајмунот.
Само што уште не е позади решетки.

Шведската маса е полна со јадење и пиење.
Кај нас – и со функции!

Па што ако го изгубивме компасот!?
Нашиот водач има и стап и куче.

Со полна уста најубаво се пее!

Нас во кризата нè внесоа оние
кои сега не знаат за криза!

Не дај Боже да ни дојде иднината.
Гарант ќе биде поскапа од денешницава!

Во нашата бара најмногу крекаат празноглавците.

Сиромасите се скромни! Само леб и сол бараат.

Ние и нашиот непријател имаме исти намери.
Само тој побрзо ги остварува.

Немаме развојна политика!
Толку вили, а никаде мотики.

Не може да станеме пустина.
И песокот ни го украдоа!

Секс имало одсекогаш.
Ама никогаш вака добро организиран.

Оној што се посрал в гаќи не може
да се пофали дека – се олеснил!

За да не се препелка народот како риба на суво,
му пуштаат вода!

Ветувањата стојат на цврсти нозе,
ама за да ви ги остварат мора да клекнете!

Нашиот мртовец диши на шкрги, бидејќи на народот
му се претставуваше како златна рипка.

Патот од обичен човек до криминалец е познат.
Поминува низ политиката.

Немаме воени злосторници. На време се предадовме.

Има голем демократски капацитет.
Изеде сѐ што му принесоа.

Човек со еден пар гаќи не може да се бори за власт.
Тој се бори и нив да не ги изгуби.

Влезната и излезната рана на главата покажува
дека куршумот не наиде на никаков отпор.

Некои сметаат дека најважно е
само да се има покрив над главата.
Таквите и гробот го сметаат за решение!

Нашата трагедија ни Шекспир не можеше да ја опише.
Очите веднаш му се насолзија.

Порано стоката се продаваше на сточниот пазар.
Денес – и на политичкиот!

Нашите криминалци имаат сигурно алиби.
Секогаш се на телевизија.

Нас нема потреба да нѐ бранат.
Веднаш се предаваме.

Најдобрите години ги поминавме трудни.
Раѓањето го одложивме за некои подобри времиња.

Меѓу оние што гладуваат има и штрбави.
Тие се од оној вид провокатори
што ја користат туѓата несреќа.

Државата и црквата треба да делуваат заедно.
Така побрзо ќе нѐ закопаат.

Обичниот човек преживува три-четири влади.
Ама, кога-тогаш една ќе му наплати за сите.

Ламјата се разликува од мафијата на власт!
Мафијата има повеќе глави.

Мазохистите се враќаат во земјата!
Слушнаа дека условите за живот ќе се подобруваат.

Давам живот за идеја.
Особено за идеја како да се преживее.

Кога ќе видите човек како ве храни со лаги,
да знаете дека тој е гладен за власт.

Умираме како народ, ама затоа ни се раѓаат Поединци.

Ние сме земја во која законите се за сите исто.
А кој ќе плати, може да добие и повеќе.

Мафијаши има во цел свет. Но целиот свет
нема толку мафијаши колку што имаме ние.

Главниот сведок е недопирлив,
затоа што е главен и во државата!

За демонтирање на систем треба да се има комплет алат.
Вклучувајќи и мадиња.

Во борбата против криминалот народот ќе се бори
до последниот човек. После тоа криминалците
ќе мораат да продолжат меѓусебно да се борат.

Почнав да зборувам сам со себе,
што е индиректен доказ дека вредам за двајца.

Лавот ќе биде кралот на животните
сѐ додека не влезе во нашата џунгла.
Тука редоследот се менува по други критериуми.

Кога е водачот изгубен случај,
тогаш народот си го доби она што го бараше.

Криминалот им оди на рака само на оние
кои во политиката се од мали нозе.

Со соседите сме како браќа. Топли!

Секој трет граѓанин краде, секој втор лаже,
а Првиот и краде и лаже!

Колку е длабока бездната зависи од тоа дали
во неа пропаднавте сами или ве турнаа!

Нас треба да нè води чесен и паметен премиер.
Ама, Уставот не дава двојца да не водат.

Немаме јавни куќи, ама кадрите не ги оставивме на улица.
Ги вработивме во државните институции.

И во Собранието треба
да се стави црна кутија, како кај авионите!
Да се знае што се случило, ако дојде до катастрофа!

Гоце Делчев и Питу Гули
никогаш немаат влезено во кладилница.
Ама, за Македонија го оставија животот на коцка.

На најстариот занает не му е потребна нова технологија.
Доволен му е и обичен микрофон.

Во парламентот може слободно и глупости да се зборуваат.
Тоа е куќа на демократијата.

Народ кој е со десната нога в гроб,
секогаш станува на лева!

Со векови нѐ шишаат, што од енергетска гледна точка
може да се заклучи дека сме обновлив извор на енергија.

Државата е заедничка, само кафезите
во кои живееме се различни.

Реалноста покажа дека имаме идеален устав.
Полн е со – идеали!

На денешен ден умре првиот Голем Македонец,
Александар Македонски. За другиот Голем Македонец,
Васил Толевски, ќе причекате.

Човек се самозадоволува сам.
Ама, за да биде задоволен му треба држава.

Нозете се секогаш долу,
а задницата може да биде и позади и – Горе.

Господ ги чува поповите!
До сега никој нема украдено џип од поп.

Донесена е одлука да се гради собрание и во рајот.
Во пеколот веќе имаме едно.

На седницата сите читаат весници, освен двајца-тројца!
Изгледа тие се неписмени.

Тоа што никој не нѐ признава, не значи дека не постоиме!
Еве, никој не признава дека има државен криминал,
ама тука ни е.

Црквата одигра голема улога во развојот на нашата држава.
Ниту еден мртовец не остана незакопан!

Нормалните спијат 7-8 часа. Останатите спијат
во зависност од должината на седницата!

Порано благодарение на свињите јадевме месо.
Сега поради нив останавме и без леб!

Гладниот човек нема партиска определба.
Му кркорат цревата и од едните и од другите.

Разбирам дека и нашава политика е курва,
ама не разбирам зошто соработува со импотентни?!

Ние Македонците секогаш ќе бидеме голем народ.
Па и во шише да не стават!

Државен функционер никогаш нема влезено во лудница.
Што бара меѓу попаметни од себе?!

За тоа што секој ден јадеме само ајвар,
треба да поцрвени некој од власта, а не гаќите!

На Марко Крале ќе му се суди во отсуство.
Што му требаше да ги истера Турците?!

Ве известувам дека направив измена
на еден мој афоризам.
Беше напишан за Хитлер, а сега е – за Него!

Нашите Јунаци никогаш нема да бидат Незнаени.
Народот долго нема да ги заборави.

Ѓубрето од контејнерите го собираат комуналците.
Останатото ѓубре, во зависност од кривичната пријава!

Нека простат чевлите,
ама опинците барем нѐ држеа на нозе.

Луѓе кој се час лево, час десно, времето никогаш не ги гази.

Европа не советува да седнеме и да размислиме.
А не знае дека немаме ни столче ни памет.

Да му подигнеме споменик на Колумбо!
Да не беше тој нашите не ќе знаеја каде да одат на печалба.

Порано се пушеше од задоволство.
Денес се пуши за да се направи кариера!

Да беше Македонец, Ѓордано Бруно немаше да изгори!
Ќе се вртеше, де на едната, де на другата страна.

Процес на преод од мајмун во човек е еволуција,
а од човек во магаре – транзиција!

Има и граѓани кои пеат!
Таквите имаат третман на душевно болни.

Нашите институции се институции на иднината.
Записникот беше готов
уште пред обвинетиот да даде изјава.

Банкнотите имаат две страни.
Ама секогаш завршуваат кај – другата страна.

Да поставиме гинеколог за премиер!
За да може да се направи царски рез во државава!

Ако не може компасот, тогаш пендрекот
ќе ни каже на која страна треба да одиме!

Има луѓе кои покрај кирилицата знаат и латиница!
Меѓу нив има и неколку академици.

Еден нашинец за малку ќе се удавеше со книга!
Слушна дека германските читатели
книгите буквално – ги голтаат!

Калуѓерите се среќни луѓе!
Козите не бараат алиментација.

Странските мобилни оператори мора да имаат антени.
Домашните – само уши!

Затворениците по затворите не гледаат телевизија.
Сакаат да се чувствуваат како слободни луѓе.

Среќни се оние народи што имаат вол за предводник.
Тој барем ќе ги однесе до место за пасење.

Во речниците шушумига е погрден збор.
Само кај нас е кадровски потенцијал!

Нормално е да крадат народни пари.
И крадците се дел од народот.

Кој сака да учи на грешки, нека дојде кај нас.
Ние имаме најголема издавачка продукција.

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Роден 1956 год. во Будимпешта (Унгарија).
Живеел во Унгарија, Србија и Македонија.
Пишува афоризми, сатирични приказни,
хумористки и монодрами.

**Досега објавено:**

ЧЕТИРИ ЧЕКОРИ ДО ВИСТИНАТА
(Студентски збор - Скопје, 1988.)

МУЗИКА ЗА ГЛУВИ
самоиздание, 2006.)

ИСУСЕ, ЛУЦИФЕР НЕ ВИКА
(Алма - Белград, 2007. – македонско/српски)

НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛИ
(Макформ - Скопје, 2007.)

АНТОЛОГИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ АФОРИЗАМ
(Алма -Белград, 2007. – македонско/српски)

АНТОЛОГИЈА МАКЕДОНСКОГ АФОРИЗМА
(Алма - Белград, 2007... скратено издание)

НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛИ 2
(Алма - Белград, 2008.)

АНТОЛОГИЈА НА БАЛКАНСКИОТ АФОРИЗАМ 1
(Алма - Белград, 2008. – македонско/српски)

АНТОЛОГИЈА НА БАЛКАНСКИОТ АФОРИЗАМ 2
(Алма - Белград, 2008. – македонско/српски)

МАКЕДОНИЈО, МАЈКО, КОЈ МИ Е ТАТКО
(Алма - Белград, 2010. – на српски јазик)

**БИСЕРИ НА БАЛКАНСКИОТ АФОРИЗАМ 1**
(Алма - Белград, 2010. – на српски јазик)

**БИСЕРИ НА БАЛКАНСКИОТ АФОРИЗАМ 2**
(Алма - Белград, 2010. – на српски јазик)

**БИСЕРИ НА БАЛКАНСКИОТ АФОРИЗАМ 3**
(Алма - Белград, 2011. – на српски јазик)

**АНТОЛОГИЈА НА БАЛКАНСКИОТ АФОРИЗАМ**
(Макформ - Скопје, 2012.)

**БИБЛИЈА ЗА НЕВЕРНИЦИ**
(Макформ - Скопје, 2013.)

**ВРЕЛИ МРАЗОВИ – АНТОЛОГИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ АФОРИЗАМ**
(Медиа Принт - Скопје, 2013.)

**BIBLIA DLA NIEWIERZACYCH**
(Chemigrafija - Krosno, Polska, 2014. – на полски јазик)

**МАДЕ ИН МАЦЕДОНИА**
(Макформ - Скопје, 2014.)

**ИСУСОВИТЕ АНТИХРИСТИ**
(Славјански универзитет „Р. Г. Державин" - Свети Николе, 2017.)

**СУВА РЕКА**
(Макформ - Скопје, 2018.)

**ПЕКОЛНАТА РАЈСКА ГРАДИНА**
(Макформ - Скопје, 2019.)

**ПОЧЕСЕН КРУГ – АНТОЛОГИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ АФОРИЗАМ**
(Феникс - Скопје, 2020.)

**ИЗБРАНИ АФОРИЗМИ**
(Алма - Белград, 2020.)

**Добитник на награди и признанија:**

- **13 Ноември,** на град Скопје (2008.),
  од областа на публицистиката (за Балканска антологија);
- **Златен прстен,** (Бјелина – БиХ, 2011.);
- **Златен круг,** (Белград – Србија, 2012.);
  за најдобар странски сатиричар;
- **Наџи Наман,** (Либан, 2012.) за најдобро книжевно дело;
- **Носорог,** за најдобар балкански сатиричар
  во 2012 година;
- **Драгиша Кашиковиќ,** (2008.),
  за најдобра балканска антологија;
- **Трим еротикон,** (2007., 2012. и 2014.),
  за блок еротски афоризми;
- **Шабачка чивијада** (2007. ,2008. ,2019. и 2020.),
  за афоризми и сатирична приказна;
- **ИН ВИНИЦА ВЕРИТАС** (1994.), за монодрама и хумореска;
- **Хумореска на годината во ЈЕЖЕВ ХУМОР** (1998.);
- **Жикишон,** (Параќин – Србија, 2007.);
- **М. Илиќ,** (Пожаревац –Србија, 2007.);
- **МаксМинус,** (Сараево-БиХ, 2008.);
- **Златна значка на КПЗ на Србија,** 2014.;
- **Награда во Мркоњиќ град** (БиХ, 2013. 2014. и 2015.);
- **Специјална плакета на фестивалот „Минимакс"**
  (Нови Сад, Србија, 2014.);
- **Златен сатир, з**а најдобар македонски сатиричар (2014.);
- **Ерски кабаре,** (Чајетина, Србија,2014. и 2020);
- **ПИЈАНЕЦ-2015,** (Делчево);
- **Награда за животно дело** (Делчево 2015.);
- **Кочани,** (2015. ,2016. и 2017.);
- **СТЕМ-Фестивал,** (Лесковац, Србија, 2016.);
- **ЈАС ИТАР ПЕЈО** (Свети Николе, 2018.);
- **Банатско перо** (Србија, 2019.)
- **Бели Павле** (Даниловград, Црна Гора, 2019.),
  за најдобра книга (Сува река);
- **ТИПАР** (Плевља, Црна Гора, 2019.),
  за најдобра книга (Пеколната рајска градина).

* * *

Уредник на весникот за хумор и сатира: весник на студентската младина на Македонија СТУДЕНСКИ ЗБОР, ревија МАКЕДОНСКИ ОСТЕН и весникот ОСТЕН.

Претседател на здружението на хумористи и сатиричари ОСТЕНОВИ.

Член на БАК (Белградски афористичарски круг, Србија).

Член на МКА (Московски клуб на афористичари, Руска Федерација)

Член на Здружението на писатели на Србија.

Дел од афоризмите му се преведени на: српски, руски, полски, чешки, бугарски, англиски, романски, албански, италијански, словенечки, турски.

Има објавувано во Политика, Вечерни новости, Македонски остен, ЕТНА, Јеж, НОСОРОГ, НИН, СатирАрт, Остен, Разбибрига, Блиц, Жикишон, Време, Тоти лист, Стршел, Елбус Лингва, Фенамизах, Крагуевачки весник, Ужичка недела, Енигматика,...

Неговите афоризми ги преставуваше на радио и телевизиски настапи во Македонија, на фестивалите на хумор и сатира во Белград, Скопје, Шабац, Бјелина, Плевља, Пожаревац, Ниш, Алексинац, Струмица, Велес, Радовиш, Делчево, Кочани, Виница, Тетово...

Основач на едицијата СВЕТСКА САТИРА во Скопје (Издавачка куќа МАКФОРМ) и на едицијата МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ во Белград (Издавачка куќа АЛМА).

По професија е Дипломиран машински инжинер.

Живее и работи во Скопје

www.vasiltolevski.mk

ciletolevski@yahoo.com

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-84

ТОЛЕВСКИ, Васил
The best of Tolevski / Васил Толевски. - Скопје : В. Толевски, 2021.
- 380 стр. ; [21 см]

Наместо предговор: стр. 5-6. - Белешка за авторот: стр. 375-378

ISBN 978-608-66677-0-2

COBISS.MK-ID 53533445